ГОЛЕМ ТИПИК



СВЕТ АРХИЕРЕЈСКИ СИНОД
НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
– ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА

СКОПЈЕ, 2010

Протојереј Василие Николаевиќ

ГОЛЕМ ТИПИК

(ЦРКОВЕН УСТАВ)

(четврто, поправено и дополнето издание)

Превод:
Протојереј-ставрофор Ефтим Бетински

Скопје, 2010

ВО СЛАВА НА СВЕТАТА, ЕДИНОСУШТНА,
ЖИВОТВОРНА И НЕРАЗДЕЛНА ТРОИЦА,
ОТЕЦОТ И СИНОТ И СВЕТИОТ ДУХ

СО БЛАГОСЛОВ НА НЕГОВОТО БЛАЖЕНСТВО
АРХИЕПИСКОПОТ ОХРИДСКИ И
МАКЕДОНСКИ Г.Г. СТЕФАН

СЕ ОТПЕЧАТИ ОВАА КНИГА

ГОЛЕМ ТИПИК
(ЕРУСАЛИМСКИ)

ВО ЛЕТО ГОСПОДОВО ДВЕИЛЈАДИ И ДЕСЕТТО

СКОПЈЕ

ПРЕДГОВОР

Во првите христијански времиња не постоеле пишани упаства за богослуженијата и празниците. Се служело врз основа на предание. Најстари запишани сведоштва наоѓаме во *Учењето на дванаесетте апостоли – Дидахи* и во *Апостолското предание* на свети Иполит Римски. Дури од IV век започнува систематското запишување на литургиските преданија и се појавуваат првите литургиски книги и текстови, како што се *Евхологионот* на Серапион, еп. Тмуитски, современик на свети Антониј Велики, и *Апостолските установи* од Антиохија. Но, до VIII век не се запазени литургиските ракописи.

Богослужението, како јавна молитва, имало потреба од постојано пропишан чин - типик[1], кој ќе определува како истото треба да се извршува. Подоцна, заради извршување на богослуженијата по утврден ред, се појавиле парохиски и монашки типици, како што биле оние во „Света Софија", во Цариград и „Света Софија" во Солун, на кои ревизија извршил свети Симеон Солунски (+ 1429). Пред тоа, Теодор Студит (+826), во својот манастир близу до Цариград, составил правило за дневните манастирски богослужби, познато како *Студитски устав*.

Типик, кој бил најшироко прифатен од монаштвото и воопшто меѓу свештенослужителите во Источната Црква, е оној што го составил свети Сава Осветен (+532), во Палестинската Лавра, близу Витлеем. За потребите, пак, на парохискиот живот, истиот типик доживеал повеќе редакции, меѓу кои најпрво онаа од Константин, а потоа и на Георгиј Виолакис (1888), протопсалти на Цариградската патријаршија, и тој прилагоден типик денес се смета за официјален во Грчката црква. Врз основа на тој типик, од поново време, секоја година Атинската архиепископија издава „Календар – Типик" со богослужбените особености за цела година. Таквата практика со годишен Календар – Типик, веќе со децении ја применува Руската задгранична црква, а од поново време и Московската патријаршија. Од оваа област, особено внимание заслужува, би ја нарекол, незаменливата *Настолнаја книга* на Сергеј Булгаков, дело во кое, особено во првиот, во црковно-календарскиот дел, се даваат и „литургиски сведоштва за секој ден во годината, за карактеристиките на богослуженијата, со што се разрешуваат сите нејаснотии" (стр. 1) Исто така, треба да се истакнат студиозноста на делото *Устав на богослужбите во Православната Црква*, од Константин Николски, труд што доживеал повеќе изданија, и, секако, од поново време, студијата *Толкување на типикот* од Михаил Скабаланович, во кое е направен историски преглед на составувачите на типици и нивната практика од апостолско време, па наваму.

---

[1] *Типик* или *Правило* е богослужбена книга во која се изложени сите богослуженија и нивниот редослед во текот на годината.

Во Македонија, зависно од тоа „кој доаѓал - таков типик и донесувал“, се одомаќинила различна практика на служење. Влијанието било дури и такво што во град со повеќе храмови, се практикувале и различни правила. Но, благодарение токму на туѓинските владеења, имаме „побогат“ типик, па се користат и едната и другата традиција. Од возобновувањето на нашата Света црква се чувствува потреба од издавање на наш, македонски типик, кој би ги собрал присутните традиции на едно место[2], иако *Краткиот извод од црковниот Типик*, објавен во „Весник“ (Сл. лист на МПЦ, бр. 1 и 2 од 1962 година), или *Особеностите и упаствата за разни богослужби*, објавено во македонското издание на „Служебникот“, по примерот на софиските изданија и, секако, прирачникот од протоѓаконот Димитар Белчовски - *Секојдневно православно богослужение (со прилог - утрени и вечерни богослужби)*, се полезни, но недоволни.

Трудов на протоереј ставрофор Ефтим Бетински, односно преводот на македонски јазик на *Големиот типик* од протоерејот Василије Николаевиќ, е дело потребно во животот на нашата Света црква, како прирачник за свештенослужители и како помагало за учениците, студентите – богослови, но и за верниот народ (иако во последно време, конкретно во Српската православна црква се поделени мислењата околу истиот!). Протоерејот ставрофор Ефтим Бетински, кој е веќе потврден преведувач (*Мал типик*, 2004 год., *Охридски пролог*, *Зборник на проповеди I и III том* од митрополитот Доростолски и Червенски, Софроний), за потребите на македонските корисници на Типикот, во изданиево ги поместил и македонските просветители и пустиножители, со што, книгава добива уште поголема практичност и оправданост.

Со Божји благослов,
Скопје, 24. 02. 2010
св. Ѓорѓи Кратовски

АРХИЕПИСКОП
ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ



[2] Тоа издание би ги официјализирало и *Цариградскиот* (присутен во изданијата на типикот од пред и по воведувањето на Григоријанскиот календар во Бугарската православна црква) и *Цариградскиот типик*, што е во најголема мера поместен во дадениот превод на *Големиот типик* од В. Николаевиќ.

ОПШТИ ПРАВИЛА

ГЛАВА ПРВА

Кога и како се бие камбана?

Камбаната во црковниот устав и во богослужбените книги се означува со зборовите: **било**, **клепало**, **кампанъ**, **тѫжкаѧ** и **звона**. Некои од тие имиња во богослужбените книги се сочувани уште од времето кога во христијанската црква немало камбани (до IX век на исток) и верниците биле повикувани на молитва со клепало, т.е. со удирање со чеканче по дрвена или по железна плоча. Таа плоча е позната под имињата **било**, **клепало**, **древо** или само под името **великое**. Тие плочи денес се заменати со камбани. Камбаната, во типикот, често се означува со зборовите: 1. **кампанъ** – од името на римската провинција Кампанија, каде што биле излиени првите камбани од месинг; 2. **тѫжкаѧ** – од тешките и од силните звуци на камбаната и 3. **звоно** – од звучноста на камбаната.

Скоро во секоја црква има повеќе камбани што меѓу себе се разликуваат по својата големина и по силината на звукот. Ретки се црквите кои, обично, немаат по три камбани: мала, средна и голема, а некои имаат и по пет или шест, па и повеќе камбани. Камбаните се бијат пред почетокот на богослужбата или за време на богослужбата. Кога камбаните бијат по трипати, тоа се вика **трезвонъ**.

Секој ден бие мала камбана: на вечерната, на утрената (за време на утрената при пеење на деветтата песна) и на часовите по еднаш, а во недела и во празник по трипати во интервал од 15 минути. Се бие на вечерната по завршениот деветти час, пред утрената, по полноќницата и пред литургијата, по третиот и по шестиот час.

Во недела и на празници на статиите, обично, бие големата камбана. Првиот пат на вечерната, на утрената и на литургијата; вториот пат, по четврт час, бијат две или три камбани, а третиот пат, по четврт час, бијат сите камбани. На утрената бијат камбаните кога се пее **Ѩггелскїй соборъ**... или кога се пеат степените на гласот; ако има полиелеј, се бие кога се пее:

Хвалите имѧ господне..., и на деветтата песна кога се пее Честнѣйшꙋю.. пак се бие една, обично, големата камбана.

На *утрената* на Крстовден, 14 септември, во третата недела од Великиот пост и на 1 август, по пеењето на големото славословие, кога се изнесува чесниот крст од олтарот, при пеењето на Свѧтый Боже..., бијат сите камбани; исто така и на Велика Сабота, на утрената, при изнесувањето на плаштаницата околу црквата и при пеењето на Свѧтый Боже..., бијат сите камбани. На Воскресение на утрената, при вртењето околу црквата и при пеењето на песната: Воскресенїе твое Хрїсте Спасе..., бијат сите камбани.

На *литургиите* во недела и на празниците на светиите камбаните се бијат како на утрена. За време на литургијата бијат сите камбани пред читањето на апостолот; кога се пее И молимтисѧ Боже нашъ..., една камбана бие – обично, големата – со застанување на трипати, а кога ќе се започне со пеење на Достойно..., – се бие истата камбана подолго време.

Камбаните се бијат кога се служи благодарствен молебен на денот на раѓањето, на именденот на владетелот или по извојуваната победа; при призив на Св. Дух, за време на отворањето на Св. синод или на Собор; на почетокот на учебната година и воопшто кога ќе нареди надлежниот епископ. Кога со литија се врти околу црквата, на денот на храмот или на црквата, или кога се изнесува литија во полето, во лозјата итн. и на Богојавление кога при големиот водосвет ќе се запее Гласъ господень..., бијат сите камбани.

На господовите и на богородичните празници, па сите 12 големи празници, како и на самото Воскресение, во неделата на Антипасха – Томина недела, на денот на храмовиот празник; во понеделникот на Св. Дух, на св. Сава, како народен просветител и при посветување на епископ, првиот, вториот и третиот пат бијат сите камбани, почнувајќи со малата, потоа средната, големата, поголемата и најголемата. Во тие денови, на литургијата на Достойно... или на ирмосот, бијат сите камбани.

На литургијата се бијат камбаните, обично, во 8, 9 или во 9, 30 часот претпладне.

Камбаната ја огласува и смртта на починатиот христијанин, и тоа, ако починал маж, се бие трипати, ако починала пак жена, двапати.

Смртта на владетелот или на архијерејот се огласува со најголемата камбана и во нивни спомен се бие, според наредбата на надлежниот архијереј, три или повеќе денови по трипати дневно: во 8, во 12 и во 16 часот.

Во клепало се бие на Велики Четврток попладне на вечерната и на бдението спроти Велики Петок; на Велики Петок претпладне, на вечерната и на Велика Сабота на утрената.

Ако некој од православните христијани умре на Велики Четврток попладне или на Велики Петок, неговата смрт ќе се разгласи со клепалото со кое ќе се испрати и до гробот.

ГЛАВА ВТОРА

Кога се палат и се гаснат свеќи и какви?

При секоја богослужба во црквата се палат свеќи што треба да се направени од восок. На престолот (трпезата) и на жртвеникот (проскомидијата) се палат секогаш, а особено на литургија. Пред престолните и пред другите икони на иконостасот гори масло (зејтин) во кандила.

На секојдневна вечерна, во почетокот, се запалува свеќа пред иконата на Христа Спасителот, на пресвета Богородица и пред иконата на храмот; кога ќе се започне со пеење на **Господи возвахъ...**, се запалува свеќа пред аналојот, пред иконата на Спасителот и во олтарот на престолот, а на вечерна спроти недела и спроти празник на светител тие свеќи се палат кога се пее **Блаженъ мѫжъ**... На ***малата вечерна*** спроти Христов и Богородичен празник или на светител со бдение се пали, освен наброените свеќи, и свеќата пред аналојот, на кој, обично, се поставува икона на празникот или на светителот. На ***големата вечерна***, на споменатите празници пред свештеникот да покади, се палат прво свеќите пред иконата на Спасителот, на Богородица, на храмот на аналојот, а по првиот антифон од првата катизма и кога се пее **Господи воззвахъ**... се палат останатите свеќи. На литија горат три свеќи на петолебницата. По отпустот на вечерната, се гаснат свеќите. На повечерието, на полноќницата и на часовите свеќа гори само пред иконите на Спасителот и на Богородица.

На *утрената*, во почетокот, свеќите се палат како и на вечерната, односно пред иконите на Спасителот, на Богородица и на храмот, а кога се пее Богъ господь... пред иконите на аналојот и на таблата[1]. Ако се пее полиелеј, во почетокот на пеењето Хвалите има господне... се запалуваат сите свеќи во црквата, кои горат до третата песна и потоа се гаснат. Ако има повеќе полиелеи, тогаш, обично, на големите празници се палат свеќи во сите, инаку само во едно или како што ќе нареди свештеникот. На осмата песна се палат повторно и горат до завршувањето на големото славословие.

На *литургијата*, пред почетокот, се запалува свеќа прво на жртвеникот, потоа, кога се облекува свештеникот, се палат свеќите на престолот, а потоа останатите во црквата како што е погоре речено. Пред читањето на св. евангелие, се палат свеќите и горат до Задамвоната молитва, потоа се гаснат сите, освен таа на жртвеникот, која се гаси по употребата на светите дарови. Свеќите ги палат и ги гаснат црковните служители. Тие го чистат и го одржуваат целиот храм и олтарот, освен престолот и жртвеникот, кои ги одржува ипоѓаконот, ѓаконот или свештеникот.

Свеќи се палат и при крштавањето, обично три, во знак на Св. Троица, во чие има се прави крштавањето. Запалени свеќи се даваат при прстенување на младоженецот и на невестата како знаци на чистота на нивниот живот што треба да свети со светлина на добродетели. При маслосвет (осветување на масло) се палат седум свеќи, кои ги претставуваат седумте дарови на Св. Дух. Свеќи се палат и при погребение, на опело, како и на парастос. Оваа светлина е предзнак на идната незгаслива светлина. Свеќи уште горат и при правење на голем и мал водосвет, како и при молебен.

---

[1] Под **табла** се подразбира оној дел на иконостасот што е над царските двери.

ГЛАВА ТРЕТА

Кога и како се облекува свештеникот и во какви одежди?

Свештеникот кога ќе дојде во храмот застанува пред иконата на храмот што е на аналојот на вообичаеното место, се поклонува и се прекрстува, во себе го кажува: **Отче нашъ...**, ја целива иконата, преку јужната врата влегува во олтарот и, поклонувајќи се, го целива престолот и св. евангелие. (Така прави секогаш, по било кој повод да доаѓа во храмот).

Како се облекуваат свештеникот и ѓаконот во црковни одежди, се зборува при Златоустовата литургија. Овде ќе споменеме само дека свештеникот, пред да го стави на себе ***епитрафилот***, го благословува и го целива на врвот каде што се наоѓа крстот. Само во епитрафил свештеникот во црквата служи: мала и секојдневна вечерна, повечерие, полноќница, секојдневна утрена, часови (ако на нив не се чита св. евангелие), а во домот: мало осветување на вода, назначување име на новородените и др. Без епитрафил не може да изврши никакво свештенодејство, освен во крајна потреба.

Свештеникот облекува ***епитрафил*** и ***фелон***:

1. при извршување на тајните: крштение, миропомазание, брак и маслосвет;

2. на ***големата вечерна*** започнува со епитрафил, а на **Господи воззвахъ...**, облекува фелон;

3. на ***неделна*** и ***празнична утрена*** облекува фелон кога се пее **Ѧггелскїй соборъ...**, или **Хвалите ѩмѧ господне...**;

4. на ***царските часови***, на 24 декември, на 5 јануари, и на Велики Петок, како и на часовите на Велики Понеделник, Велики Вторник и Велика Среда пред читањето на св. евангелие;

5. на ***бдение***, веднаш на почетокот зема епитрафил и фелон и покадува, а по возгласот: **Слава сѧтѣй...**, го соблекува фелонот и само во епитрафил ги чита светилничните молитви пред светите двери;

6. при секое погребение, на спроводот и на опелото;

7. при молебните, благодарењата, призивот и др.

Во потполни одежди служат сите свештеници, колку и да се:

1. при служење на света ***литургија*** – секогаш;

2. на ***утрената*** во првиот ден на Воскресението.

Ако служат повеќе свештеници, најстариот се облекува во полно одејание, а останатите само во епитрафил и во фелон, во следните денови:

1. на *вечерната* во првиот ден од Воскресение;

2. при изнесувањето на Крстот на Крстовден, на 14 септември и во 3. недела од Великиот пост, како и на 1 август;

3. на Велика Сабота на утрената при изнесувањето и вртењето на плаштаницата околу црквата;

4. при големиот водосвет спроти Богојавление, по литургијата или на вечерната (во сабота и во недела).

При богослужењето се облекуваат светли одежди, но има денови кога се облекуваат и црни одежди, а тоа се: седмичните денови од Великиот Пост, освен во сабота и во недела, денѡвите на Страсната или на Големата недела, освен на литургијата на Велики Четврток. На Велика Сабота свештениците започнуваат литургија во црно одејание, а ги соблекуваат црните и се облекуваат во светли одежди пред читањето на св. евангелие кога пејачите наместо: аллилѵїа, пеат **Воскресни Боже, сѵди земли.**

Во црни одежди свештениците служат, освен во споменатите денови, обично на Задушница (не на литургијата, туку само на парастосот), при парастосите и при погребенијата, но во Светлата недела и при погребенија облекуваат светли одежди. Од понеделникот на Томина недела, па сѐ до Спасовден погребите и парастосите се прават во светли одежди.

ГЛАВА ЧЕТВРТА

Кога се отвора и се затвора завесата?

На *малата вечерна*, на *повечерието* и на *полноќницата* завесата не се отвора. На *секојдневната*, на *неделната* и на *празничната вечерна*, на *бдението* и на *утрената*, завесата се отвора веднаш на почетокот, а се затвора по отпустот. На *часовите*, кога се служат, освен на *литургијата*, завесата се отвора пред да се чита апостолот и св. евангелие и така останува до отпустот.

На *литургиите* на св. Јован Златоуст и на св. Василиј Велики завесата се отвора на почетокот, пред возгласот: **Благо-**

словенно царство..., и така останува до големиот Входъ; по завршувањето на големиот Входъ, се затвора и кога се изговараат зборовите: Двери, двери..., се отвора и така останува до возгласот: Свмтам свмтымъ и тогаш се затвора. По завршеното причестување во олтарот, завесата се отвора, а по отпустот на литургијата се затвора.

На *предосветената литургија* завесата се отвора на почетокот и така останува до големиот вход. По входот, се затвора[2]. По завршеното причестување во олтарот, се отвора и по отпустот се затвора.

Кога се пее молебен, на почетокот се отвора, а на крајот се затвора.

ГЛАВА ПЕТТА

Кога се затвораат и се отвораат царските двери?

Влез во олтарот е допуштен само на свештенослужителите и на црковнослужителите. Преку царските двери во олтарот можат да влегуваат архијереите, свештениците и ѓаконите само за време на богослуженија[3]. Царските двери се отвораат на богослужбата заради входот, свештенослужителите со кадилница, со св. евангелие, со св. дарови итн.

На *сенокното бдение* царските двери се отвораат веднаш на почетокот, кога свештеникот кади, а по возгласот Слава свмтѣй..., се затвораат. На вечерната се отвораат за Входъ, кога на Господи воззвахъ... се запее Слава..., а по завршениот вход, при пеење на *прокимен*от, се затвораат; ако се читаат паримии, тогаш се затвораат при последното читање. Пред отпустот, кога свештеникот ќе изговори: Премѫдрость, се отвораат, а по отпустот се затвораат.

---

[2] Навистина типикот ништо не кажува за отворање и затворање на завесата на Предосветената литургија, но кај нас се практикува ова: завесата по големиот вход на Предосветената литургија се затвора само до половина и така останува до: Вонмемъ, преждеосвмщеннам свмтам свмтымъ..

[3] Архијереите влегуваат низ нив и не само на богослужбите, а при архијерејска богослужба никој не може да влезе преку царските двери, освен кога одат на мал или голем вход и по Задамвоната молитва (Чиновник: литургија на св. Јован Златоуст).

На *утрената* дверите се отвораат пред читање на св. евангелие при зборовите **Премѫдрость, прости оуслышимъ...**, а се затвораат по возгласот: **Милостїю й щедротами...** (Ако се пее полиелеј, дверите се отвораат и при пеење на 135. псалм, при зборовите: **Раздѣлшемѫ чермное море...**, а се затвораат по влегувањето на свештеникот во олтарот, при пеење на *седалнио*т по *полиелејот*). Пред отпустот се отвораат, а по отпустот се затвораат.

На *утрената* на Велика Сабота дверите се отвораат пред почетокот на опелото Христово, така што свештеникот и ѓаконот излегуваат низ нив со свеќа во рака и застануваат пред гробот, започнувајќи го опелото. Тие остануваат отворени до завршувањето на опелото. За време на пеење на големото славословие, дверите се отвораат и свештеникот излегува низ нив до гробот заради обиколувањето со плаштаницата. По завршувањето на тој чин и по прочитаното св. евангелие, свештеникот влегува во олтарот, а дверите се затвораат по отпустот. И во сабота на петтата недела од постот дверите се отвораат при читањето на акатистот.

На *часовите* двериѓе се отвораат пред читање на апостолот и на св. евангелие. На царските часови, на 24 декември и на 5 јануари, како и на Велики Петок, дверите се отвораат на почетокот, а се затвораат по отпустот. На Велики Понеделник, на Велики Вторник и на Велика Среда дверите се отвораат заради читање на св. евангелие.

На *литургиите* на св. Василиј Велики и на св. Јован Златоуст царските двери се отвораат кога се пее: **Блаженни єстє...** или, ако е Христов празник, кога се пее третиот антифон, а се затвораат по прочитаното св. евангелие. На *литургиите* на св. Василиј или на св. Јован Златоуст, што започнуваат со *вечерна*, дверите се отвораат на **Слава...**, на **Господи воззвахъ...**, а се затвораат по прочитаното св. евангелие. За време на пеењето на херувимската песна дверите се отвораат за големиот **Вхо́дъ**, а по завршениот **Вхо́дъ** се затвораат. По завршеното причестување во олтарот, дверите се отвораат и стојат отворени сѐ до отпустот. Ако по Задамвоната молитва се прави благодарствен молебен, или призив, или некој друг молебен, дверите стојат отворени и дури по отпустот се затвораат.

На *предосветената литургија* дверите се отвораат кога се пее **Слава...**, на **Господи воззвахъ...**, а се затвораат по отпеано-

то последно: Да исправится... или, ако се чита св. евангелие, по неговото прочитување. На големиот Входъ кога се пее: Нынѣ сыли..., дверите се отвораат, а по Входѣ, се затвораат. По извршеното причестување во олтарот, се отвораат и стојат отворени до отпустот.

При архијерејска богослужба, на Златоустова или на Василиева литургија, дверите се отвораат пред почетокот на литургијата, а се затвораат пред возгласот Святая святымъ..., по причестувањето во олтарот, се отвораат, а по отпустот се затвораат. На Предосветена литургија се отвораат на почетокот, а при читање на 103. псалм се затвораат; кога се изговараат ектениите, се отвораат и остануваат отворени до возгласот: Преждеосвященная святая святымъ... По завршеното причестување во олтарот, дверите се отвораат, а по отпустот се затвораат.

На Воскресение, *на утрената*, царските двери се отвораат кога савештеникот тргнува кон гробот по плаштаницата и остануваат така отворени преку целата Светла недела. Исто така, остануваат отворени преку целата Светла недела и северната и јужната врата на олтарот. Од Томина недела до Спасовден на секоја литургија во почетокот, кога се пее трипати: Христосъ воскресе..., царските двери остануваат отворени.

Дверите остануваат отворени и за време на големото осветување на водата спроти Богојавление, на самиот ден на Богојавление, како и при прстенување и венчавање.

ГЛАВА ШЕСТА

Кога и како се покадува?

Кадењето секогаш е поврзано со молитвата што свештеникот или архијерејот ја кажуваат тивко; ако служи ѓакон, ја донесува кадилницата кај свештеникот за благослов, велејќи: Благослови владыко кадило..., а свештеникот, благословувајќи ја кадилницата, тивко изговара: Кадило тебѣ приносимъ... Ако нема ѓакон, свештеникот при прифаќањето на кадилницата од служителот ја благословува со истите зборови, ја зема кадилницата во десната рака, замавнува со неа еднаш право пред себе одоздола нагоре, а вториот пат напреку одлево надесно и та-

ка прави крст. Така го покадува престолот од сите четири страни, одејќи надесно, па жртвеникот, горното место, олтарот и иконите, поклонувајќи се малку и кога ги кади пејачите и народот и кон нив се поклонува малку. Кога кадат свештеникот и ѓаконот, двајцата се поклонуваат малку, а тогаш ѓаконот носи свеќа. Владетелот и архијерејот треба трипати да се покадуваат.

А) Целата црква, почнувајќи од престолот, се кади на следниот начин. Свештеникот или ѓаконот, стоејќи пред св. престол, покадува однапред, потоа оди на јужната страна и го покадува исто така; оттаму оди на северната страна и покадува, секогаш правејќи крст, потоа го покадува жртвеникот и целиот олтар и излегува низ северната врата[4]; доаѓа пред царските двери и пред нив прави крст со кадилницата. Потоа ги покадува сите престолни икони од десната страна — кон југ – почнувајќи од иконата на Спасителот, потоа од левата страна – кон север – почнувајќи од иконата на Богородица, тронот на Богородица (каде што има) и иконата на архијерејскиот стол; потоа десната певница, па левата, се спушта од десната страна, одејќи низ храмот, го покадува целиот народ на десната страна и, враќајќи се назад до солеата, на левата страна, ги покадува сите присутни на левата страна, одејќи одозгора надолу, оттаму оди во папертата (женската црква), застанува на „Красната врата“ (во преградата што го дели храмот од папертата) со лицето кон исток и на неа, кадејќи, прави крст; потоа ги покадува од десната страна иконата на Спасителот и од левата страна иконата на Богородица (ако има), па сите присутни од десната, а потоа и од левата страна и, враќајќи се од левата страна назад, застанува пред царските двери и овде со кадилницата прави крст, ги покадува иконата на Спасителот, од десната, и на Богородица, од левата страна, па тронот на Богородица (ако има), архијерејот или иконата на неговиот стол и иконата на аналојот (каде што е поставен), влегува низ јужната врата во олтарот, го покадува престолот однапред и ја предава кадилницата.

Вака се покадува целиот храм, започнувајќи од олтарот:

---

[4] Во почетокот на сеноќното бдение, свештеникот излегува низ царските двери.

1. на вечерната:

1. во почетокот на сеноќното бдение;
2. кога се пее: **Господи воззвахъ...**

2. на утрената:

3. во почетокот на утрената;
4. кога се пеат **непорочны** тропари (17. катизма);
5. кога се пее Величание;
6. на 9. песна;
7. кога се пее првото **Возбранной воєводѣ**... во сабота од петта недела на Великиот пост;

3. на литургијата:

8. по отпустот на проскомидијата пред почетокот на литургијата.

На бр. 1. на сеноќното бдение, во манастирите, свештеникот покадува само во епитрафил, а во парохиските цркви свештеникот покадува во епитрафил и во фелон. Во почетокот на бдението се покадува кога тоа не започнува со вечерна, туку со големо повечерие (на Божик, на Богојавление и на Благовештение);

на бр. 2. на секоја вечерна ѓаконот покадува кога се пее: **Господи воззвахъ**... Кога нема ѓакон, покадува свештеникот;

на бр. 3. во почетокот на утрената, ако таа не се прави заедно со вечерна каќо на бдението, туку посебно од вечерната, целиот храм*то покадува само свештеникот, и тоа за време на читањето на првите два псалми: 19. и 20. И читачот и свештеникот треба да внимаваат, на возгласот: **Ѩкѡ твоє єсть царство**..., свештеникот да биде на средина на црквата. Малата ектенија ја изговара свештеникот пред св. престол, стоејќи со кадилницата и со неа правејќи крст, завршува со возгласот: **Слава свѧтѣй**...;

на бр. 4. **Непорочны** се пеат во недела, кога не се пее полиелеј, а во сабота се пеат и кога по 17. катизма се пее полие-

лej, но свештеникот не покадува при пеењето на катизмата туку на *полиелејот*;

на бр. 5. на величанието свештеникот кади со ѓаконот кој носи свеќа, а ако нема ѓакон, покадува свештеникот;

на бр. 6. на 9. песна ѓаконот го покадува целиот храм, а пејачите го пеат: **Честнѣйшꙋю...**, кога нема ѓакон, свештеникот покадува;

на бр. 7. во саботата од петтата недела на постот ѓаконот покадува (ако нема ѓакон – свештеникот) во почетокот на утрената и кога се пее првото: **Возбранной воєводѣ...**;

на бр. 8. по отпустот на проскомидијата, пред почетокот на литургијата, ѓаконот (ако е присутен) го покадува и целиот храм.

Б) Целиот храм се покадува – започнувајќи од неговата средина, на следниот начин.

Прво вкрстено се покадува иконата или евангелието на аналојот или плаштаницата, која се поставува на средина на црквата; потоа се влегува во олтарот и таму се покадува престолот и останатото. Потоа се покадува целиот храм според горенаведениот редослед. Кога ќе се покади целиот храм, се доаѓа пред царските двери, се покадуваат дверите, иконата на Спасителот и на Богородица и пак иконата на аналојот или евангелието или плаштаницата, и тоа само однапред и сето свештенство кое стои пред аналојот.

Од средина на храмот се покадува:

а) на ***празничната утрена***, кога се пее Величание, свештеникот почнува да кади со ѓаконот од аналојот, каде што е иконата на празникот;

б) на ***утрената*** на Велика Сабота кога се пеат **непорочны** започнува кадење од кај плаштаницата;

в) на ***царските часови***, на 1. и на 9. пред Божик, на Богојавление и на Велики Петок; на третиот час на Велики Понеделник, на Велики Вторник и на Велика Среда, кога свештеникот со ѓаконот започнуваат кадење откај аналојот каде што стои св. евангелие.

В) Како се покадуваат само олтарот и иконостасот?

Прво се покадува престолот, вкрстено, од сите четири страни, потоа жртвеникот и целиот олтар, се излегува пред царските двери, се покадуваат, па иконите на Спасителот и на Богородица, певниците, целиот народ и свештенството кое што служи. Така се покадува:

1. кога служи архијереј, тој за време на малиот вход, кога стапува во олтарот, ја зема кадилницата, го покадува св. престол вкрстено, жртвеникот и целиот олтар, и, држејќи ги во левата рака дикириите (двосвеќникот), излегува пред св. двери, па ја кади иконата на Спасителот и на Богородица, пејачите и од амвонот го покадува целиот народ; влегува во олтарот и, стоејќи пред престолот, ги покадува сите коишто служат;

2. кога се пее Ѓлил8їѧ, пред читање на св. евангелие или за време на читање на апостолот, покадува ѓаконот, а ако нема ѓакон, свештеникот;

3. за време на пеење на „херувимската песна“ покадува ѓаконот, а на предосветената литургија, исто така покадува ѓаконот кога служи, но, влегувајќи низ северната врата во олтарот, го покадува само престолот, светото предложение и свештеникот; при архијерејско служење, на предосветената ѓаконот го покадува св. престол само однапред трипати и св. предложение.

Г) Само престолот или жртвеникот.

Престолот и жртвеникот се покадуваат на литургијата, и тоа свештеникот или архиерејот. Такво кадење се прави:

1. на проскомидијата. Свештеникот покадувајќи ја ѕвездичката и покровците, го покадува предложението, изговарајќи: **Благословенъ Богъ нашъ**... Ако служи ѓакон, тој овде ја зема кадилницата и изговара: **Ѡ предложеныхъ честныхъ дарѣхъ**..., и по отпустот го покадува предложението, па св. престол вкрстено, целиот олтар и целиот храм и, враќајќи се во олтарот, го покадува св. престол и свештеникот;

2. пред големиот вход свештеникот кади **свѧтаѧ**, говорејќи во себе: **Боже ѿчисти мѧ грѣшнаго**... (трипати);

3. по големиот вход, кога свештеникот ќе ги остави св. дарови на престолот, ги покадува трипати. При архијерејско

служење, архијерејот, пред да го прими дискосот, го покадува трипати, а пред да го прими путирот, го покадува еднаш. На предосветената литургија архијерејот, стоејќи пред царските двери, ги покадува **свѧтыѧ тайны** трипати, а путирот не го покадува, само го прима според обичајот, го остава на св. престол и, покривајќи го со воздухот, ја покадува само **свѧтаѧ**, се поклонува трипати и ја предава кадилницата не покадувајќи го никого;

4. при изговарање на зборовите: **Изрѧднѡ ѿ пресвѧтѣй...**, свештеникот или архијерејот ги покадува сите дарови, а потоа ѓаконот го покадува св. престол вкрстено;

5. по возгласот: **Спаси Боже люди твоѧ...**, свештеникот или архијерејот ја покадува **свѧтаѧ** (трипати), велејќи во себе: **вознесисѧ на небеса...** и му ја предава кадилницата на ѓаконот.

Д) Само папертата (или женската црква).

Се покадува на литијата, на вечерната или на сеноќното бдение. Свештеникот или ѓаконот излегуваат низ северната врата, одат во папертата и таму ѓаконот ги кади иконите и народот. Пред благословот на лебовите во храмот, ѓаконот покадува околу масата каде што е петтолебницата, а потоа настојателот и свештеникот кој служи и пак лебовите само однапред. Така се покадуваат и врбовите гранки (зелениката) на Цветници на утрената, само тогаш не покадува ѓаконот туку свештеникот; така ѓаконот го покадува и коливото што се донесува во чест на светиите на денот на храмот или на домашна слава на поединци, како и грозјето на Преображение.

Се покадува и чесниот крст на утрената на Крстовден, на 14 септември, на 1 август, како и на Крстопоклоната недела. Додека се пее големото славословие, свештеникот го покадува чесниот крст на св. престол, вкрстено. Така се кади на првиот час во понеделникот и во средата, на деветтиот час во петокот на Крстопоклоната недела кога се прави поклонение пред чесниот крст.

Така се покадува и плаштаницата на Велики Петок на ***вечерната***, вкрстено и на Велика Сабота на ***утрената***, за време на големото славословие пред да се врти плаштаницата.

Св. евангелие се покадува вкрстено на аналојот на 3. и на 6. час на царските часови спроти Божик, на Богојавление и на Велики Петок, а на шестиот час на Велики Понеделник, на

Велики Вторник и на Велика Среда; ѓаконот ги покадува евангелието, иконите, настојателите и пејачите.

На *утрената* на Велики Петок (на *бдението*) ѓаконот или свештеникот ги покадува до седмото евангелие: св. престол, олтарот, пејачите и народот.

При крштавањето свештеникот оди до купелот и покадува наоколу.

При малиот и големиот водосвет свештеникот ја покадува водата вкрстено.

При маслосветот (осветувањето на масло) првиот свештеник ја зема кадилницата и вкрстено ја покадува масата на која што е маслото и целата црква или домот и луѓето.

При прстенување свештеникот, водејќи ги младоженецот и невестата во храмот, покадува вкрстено.

На опелото се покадува и телото на умрениот и сите присутни.

Најпосле, ѓаконот покадува, одејќи пред свештеникот, при изнесувањето на чесниот крст и на плаштаницата. Ѓаконите кадат и при дочек на архијерејот кога влегува во храмот за да служи.

ГЛАВА СЕДМА

Кога се симнуваат камилавката и ќелепушот[5]?

На *малата вечерна*, на *повечерието*, на *полноќницата* и на *часовите* (освен ако на нив се чита св. евангелие) не се симнуваат никогаш.

На *големата вечерна* се симнуваат на входот и на молитвата: **Господи Іисѳсе**..., на *литијата*.

На *неделната* и на *празничната утрена* се симнуваат при читање на св. евангелие и при целивањето на св. евангелие и на св. икони.

На *литургијата* се симнуваат на малиот вход; за време на читање на св. евангелие; на херувимската песна на големиот **Вχодъ**; кога се изговараат Христовите зборови: **Прїимитє, ѣдитє**... и **Пїйтє ѿ нєѧ**... и не се ставаат додека не се испее: **Досто-**

---

[5] Ќелепуш или ќелепош е плетено капче од памучен конец што ја покрива ќелата и што ја носат духовниците под шапката.

йно... или ирмосот; се симнуваат кога се чита: Отче нашъ... и при појавата на св. тајни, при зборовите: Со страхомъ божїимъ...

При влегувањето во олтарот и при целивање на св. престол секогаш се симнуваат и камилавката и ќелепушот. Кога свештеникот служи или јеромонахот, никогаш на главата не стават ќелепуш или камилавка, освен на опело, на водосвет, итн.; јеромонасите стават камилавка на литургијата само при зборовите: Благословенїе господне на васъ... и кога изговараат отпуст.

ГЛАВА ОСМА

ВЕЧЕРНИ И ПОВЕЧЕРИЈА

а) Мала вечерна

Благословенъ Богъ нашъ..., читачот: Слава тебѣ Боже наш..., Царю небесный..., трисвѧтое, возглас и деветтиот час според обичајот; читачот: Прїидите поклонимсѧ..., (трипати) и 103. псалм: Благослови дѹше моѧ господа... Слава..., и нынѣ..., аллилѹїа (трипати); Господи помилѹй (трипати), Слава..., и нынѣ..., и веднаш: Господи воззвахъ... 4 стиха, и се пеат трите воскресни стихири според гласот, повторувајќи ја првата. Слава..., и нынѣ...: богородичен. Свѣте тихїй..., *прокимен* на денот и Сподови господи... Ако е Христов или Богородичен празник, стихири на Господи воззвахъ..., на празникот 4, Слава..., и нынѣ..., на празникот; ако се слави светител, Слава..., на светиот, и нынѣ..., богородичен. На *стиховните*, една воскресна стихира, а останатите 3 на Богородица со припевите. Слава..., и нынѣ..., нивниот богородичен. Ако е празник, стихирите на празникот или на светиот. Слава..., и нынѣ..., богородичен. Нынѣ ѿпѹщаеши..., трисвѧтое, возглас, воскресниот тропар, Слава..., и нынѣ..., неговиот богородичен; ако е на светител тропар на светиот, Слава..., и нынѣ..., богородичен; ако е Христов или Богородичен празник, тропар на празникот. Мала ектенија: Помилѹй насъ Боже..., Єщѐ молимсѧ ѡ҃ благовѣрнѣмъ родѣ нашемъ..., Єщѐ молимсѧ ѡ҃ блаженѣйшемъ Архїепископѣ нашемъ (имѧрекъ), високопрепсвѧщеннѣйшемъ (препсвѧщеннѣйшемъ) архїерей нашемъ (имѧрекъ). Єщѐ молимсѧ за всю братїю и҃ за всѧ хрїстїаны..., Ѩкѡ милостивъ и҃ человѣколюбецъ...

Свештеникот: Слава тебѣ Хрїсте Боже..., читачот: Слава и нынѣ..., свештеникот: мал отпуст, а пејачите пеат Спаси Хрїсте Боже...

б) Секојдневна вечерна

Благословенъ Богъ нашъ..., читачот: Прїидите поклонимсѧ... (трипати) и 103. псалм. Свештеникот излегува низ северната врата и, стоејќи пред царските двери, тивко ги чита светилничните молитви. По псалмот, голема ектенија, а по возгласот влегува во олтарот низ јужната врата и се чита катизмата, по неа, мала ектенија, а потоа пејачите Господи воззвахъ... (свештеникот го покадува целиот храм). Стихири од Октоихот 3 и од Минејот 3, Слава..., на светиот – ако има, ако нема, Слава..., и нынѣ..., богородичен. Вход нема.

Стихирите на Господи воззвахъ... се земаат вака.

1. Од Неделата на Сите Светии до Неделата на митарот и на фарисејот, ако утрешниот ден нема празничен знак, се пеат 3 стихири од Октоихот и 3 од Минејот. Така се пее и во сабота, кога се пее Аллилоїа. Во седмичните денови, освен во сабота, прво се пеат стихирите од Октоихот, а потоа од Минејот; – Ако утредента се слави светител, кој има празничен знак, стихирите од Октоихот се изоставаат и се пеат стихирите на светиот или на празникот од Минејот. Ако има двајца светии, иако немаат знак, но секој од нив има стихири во Минејот, Октоихот се изостава и се пеат стихирите од Минејот на едниот и на другиот светител по 3.

Ако во седмичните денови се случи претпразненство или попразненство, тогаш стихирите од Октоихот не се пеат, туку стихирите на претпразненството или на попразненството.

2. *Додека трае посниот Триод*, во седмичните денови се пеат стихирите на Господи воззвахъ..., од Октоихот и од Минејот (Белата – *Сиропусната недела*) или од Триодот и од Минејот (во седмичните денови, освен во сабота од Великиот пост), или од Октоихот и од Триодот (во саботите на 2., 3. и 4. недела од Великиот пост), или на крајот само од Триодот (на Лазарева сабота и преку целата Велика Недела).

Ако се служи во седмичните денови, освен во сабота; кога има двајца светии, кои имаат свои стихири, тогаш стихи-

рите на едниот светител се пеат на вечерната, а на вториот на утрената, на хвалите.

3. *Од Томина недела до Неделата на Сите Светии* прво се пеат 3 самогласни стихири – или на празникот од Пентикостарот, а потоа стихирите на светиот од Минејот на 3.

Ако има двајца светии, тогаш се пеат стихирите само на светиите на 6, а стихирите од Пентикостарот, ставени на **Господи воззвахъ**..., се пеат на стиховните со празничните припеви. Ако светиот има полиелеј, се пеат стихирите на празникот (од Пентикостарот) 3 и 5 стихири на светиот. Ако има двајца светии, од кои првиот има стихири на 6, а вториот има *полиелеј*, се пеат стихирите на празникот (од Пентикостарот), на редовниот светител – 3 и на големиот светител – 4.

Во саботите на св. Педесетница прво се пеат 3 стихири на празникот (од Пентикостарот), а потоа 3 стихири на светиот од Минејот. Ако има двајца светии, кои имаат стихири на **Господи воззвахъ**..., се пеат стихирите (од Пентикостарот) и стихирите на едниот светител. Стихирите на вториот светител се изоставаат на *вечерната* и се пеат на *утрената* на *хвалите*. Ако во сабота се случи светител кој има *полиелеј*, се пеат 4 стихири на празникот (од Пентикостарот) и 4 на светиот.

Свѣте тихїй..., *прокимен* на денот. Потоа читачот: **Сподоби господи**... и свештеникот: **Исполнимъ вечернюю**... *Стиховни* од Октоихот, **Слава**..., на светиот, ако има, инаку, **Слава**... **и нынѣ**..., богородичен. Ако е среда или петок: крстобогородичен. **Трисвѧтое**..., возглас, тропар на светиот, **Слава**... **и нынѣ**..., богородичен според гласот на тропарот на светиот. Ако има два тропара на светии, едниот доаѓа на **Слава**..., **и нынѣ**..., богородичен. Ако светиот нема тропар, се зема општиот според ликот. Потоа ектенијата: **Помилѹй мѧ Боже**... (се затвора завесата). По возгласот: **Премѹдрость. Сый благословенъ**... **Оукрѣпи Боже**... **Пресвѧтаѧ Богородице**... **Честнѣйшѹю**... **Слава тебѣ Хрїсте Боже**... и отпуст.

в) Вечерна кога се пее Аллилѹїа

Благословенъ Богъ нашъ... Читачот: **Прїидите поклонимсѧ**... (трипати) и сите прават три поклонувања, псалм 103. и свештеникот, пред дверите, ги чита светилничните молитви. По псалмот **Слава... и нынѣ**..., **аллилѹїа** (трипати) и 3 поклонувања. Голема ектенија. Редовната катизма и по секоја **Слава**..., **Аллилѹїа** (трипати) и 3 поклонувања, мала ектенија и **Господи воззвахъ**..., според гласот од Минејот, а свештеникот го покадува олтарот и целиот храм. На **Господи воззвахъ**..., стихирите се на 6: на Богородица 3 и на светиот 3. **Слава**..., на светиот, ако има, а ако нема, **Слава**..., **и нынѣ**...: богородичен подобен на стихирите од Минејот. Во среда или во петок крстобогородичен. **Свѣте тихїй**..., по ова, во недела *прокимен*от: **Се нынѣ благословите**..., во останатите денови, наместо дневниот *прокимен*, се пее **Аллилѹїа** гл. 6. со стиховите. Во понеделник навечер: **Господи да не гаростїю**..., **Аллилѹїа**, стихот: **и во вѣки вѣкѡвъ**..., ние, **аллилѹїа** (вака се пее секогаш кога се пее **аллилѹїа**). Во вторник и во четврток навечер: **Возносите Господа Бога**... Во среда навечер: **Во всю землю**... Читачот: **Сподоби господи**... и три поклонувања. **Исполнимъ вечернюю**..., по возгласот, *стиховни* стихири од Октоихот, **Слава**... **и нынѣ**... богородичен, ако е среда или петок: крстобогородичен. **Нынѣ Ѿпѹщаеши**..., **трисвѧтое**. По возгласот, свештеникот ја затвора завесата. Тропар, гл. 4.: **Богородице дѣво**... и поклонување 1. **Слава**..., **Крестителю Хрїстовъ**..., поклонување 1, **и нынѣ**..., **Молите за ны**... и поклонување 1. **Подъ твое благоутробїе**..., нема поклонување. **Господи помилѹй** (40 пати), тивко, **Слава**... **и нынѣ**..., **Честнейшѹ**..., **йменемъ господнимъ**..., свештеникот: **Сый благословенъ**..., **Небесный царю**... и три големи метании, говорејќи ја во себе молитвата **Господи и владыко**... и останатите 12 поклонувања, говорејќи во себе: **Боже ѡчисти мѧ**..., и предмалку споменатата молитва и 1 поклонување; **трисвѧтое** со три поклонувања и по возгласот **Господи помилѹй** 12 пати. Ако е во недела на вечерната по молитвата **Небесный царю**..., 3 големи метании, а останатите 12 не. Не се кажува ни последното **трисвѧтое**, но свештеникот **Слава тебѣ Хрїсте Боже**... и отпустот.

г) Неделна вечерна

Се прави во сабота по деветтиот час (во 3 часот попладне). **Благословенъ Богъ нашъ... Прїидите поклонимсѧ...**, псалм 103.: **Благослови дѹше моѧ...**, свештеникот ги чита светилничните молитви пред дверите. Голема ектенија. По возгласот, свештеникот влегува во олтарот низ јужната врата и катизма 1., мала ектенија и потоа ѓаконот или свештеникот (во фелон) го покадува олтарот и целиот храм. Пејачите: **Господи воззвахъ...**, според гласот од Октоихот што е на ред, вкупно 10 и се пеат *воскресни стихири* 3; источни[6] 4 и на светиот од Минејот 3. **Слава...**, на светиот, ако има, ако нема пак **Слава... и нынѣ...**, богородичен според гласот што преовладува. Свештеникот го облекува фелонот. Кога се пее: **Слава...**, свештеникот и ѓаконот ги отвораат царските двери. Ѓаконот ја зема кадилницата (ако нема ѓакон, свештеникот) и, обиколувајќи заедно околу престолот и поклонувајќи се на сите четири страни, излегуваат низ северната врата од олтарот, застануваат на солеата свртени кон дверите и наведнувајќи се, свештеникот, кој покрај ѓаконот се наведнува, на зборовите од ѓаконот: **Господѹ помолимсѧ**, ја изговара тивко молитвата на входот. По изречената молитва, ѓаконот му вели на свештеникот, држејќи го орарот со три прсти, со кои покажува кон исток: **Благослови владыко сѧтый вхо̀дъ**, а свештеникот, благословувајќи кон исток, вели: **Благословенъ вхо̀дъ...** Ѓаконот го покадува архијерејскиот стол и застанува во близина пред дверите[7]. Кога ќе заврши пеењето, ѓаконот прави крст со кадилницата, говорејќи: **Премѹдрость, прости.** Пејачите; **Свѣте тихїй...**, ѓаконот влегува во олтарот и го покадува светиот престол. И свештеникот се поклонува и низ дверите влегува во олтарот. Ѓаконот: **Вонмемъ.** Свештеникот: **Миръ всѣмъ** и пак ѓаконот: **Премѹдрост, вонмемъ.** Пејачите го пеат *прокимен*от на денот гл. 6. **Господь воцарисѧ...**, со стиховите. Се затвораат дверите. Ѓаконот излегува низ северната врата,

---

[6] Во бројот на воскресните стихири се сметаат и таканаречените Анатолиеви или источни стихири што ги составил Анатолиј, патријарх цариградски во V век, а се викаат **источни** затоа што грчкиот збор: **анатоли** значи: **исток**.

[7] Сега се покадуваат престолните икони, тронот на Мајката Божја, иконата на архијерејскиот стол и певниците.

застанува на амвонот и ја кажува ектенијата: **Рцемъ вси...** (ако нема ѓакон, свештеникот ја изговара оваа ектенија во олтарот). Читачот: **Сподоби господи...**, ѓаконот пред дверите: **Исполнимъ вечернюю...** По возгласот: **Бѫди держава...**, ѓаконот влегува низ јужната врата во олтарот. На *стиховните*, воскресни стихири со припевите: 1. **Господь воцарисѧ...**, и 2. **Ибо оутверди...** 3. **Домѫ твоемѫ... Слава...**, на светиот, ако нема, **Слава... и нынѣ...**, богородичен. **Нынѣ Ѿпѫщаеши..., трисвѧтое**, возглас, воскресниот тропар, **Слава...**, на светиот, **и нынѣ...**, богородичен воскресен, според гласот на тропарот. Ако светиот нема тропар, **Слава... и нынѣ...**, богородичен воскресен според гласот што преовладува. Ѓаконот, излегувајќи од олтарот, застанува на амвонот и изговара: **Премѫдрость**, пејачите: **благослови**. Свештеникот, откако ќе ги отвори дверите: **Сый благословенъ...**, ѓаконот слегува од амвонот и низ јужната врата влегува во олтарот, читачот: **Оутверди Боже...**, свештеникот: **Пресвѧтаѧ Богородице...**, читачот: **Честнейшѫю...**, свештеникот: **Слава тебѣ Хрїсте Боже...**, читачот: **Слава и нынѣ...**, **Господи помилѫй** (трипати), **ѻтче благослови**. Свештеникот, стоејќи на светите двери со лице свртено кон запад го изговара отпустот според денот: **Хрїстос їстиннїй Богъ нашъ...**, споменувајќи го оној светител на кого е посветен храмот и светителот којшто се прославува. Ги затвора дверите и завесата, пејачите пеат многулетствие, т.е. **Спаси Хрїсте Боже...**, а потоа следува малото повечерие.

д) Мало повечерие

Свештеникот пред св. престол: **Благословенъ Богъ нашъ...**, **Слава тебѣ Боже нашъ...**, **Царю небесный...**, **трисвѧтое**, возглас, **Господи помилѫй** (12 пати), **Слава... и нынѣ...**, **Прїидите поклонимсѧ...** (трипати) со поклонувања и 50. псалм: **Помилѫй мѧ Боже...** Потоа псалмите 69: **Боже, въ помощь мою...** и 142: **Господи оуслыши молитвѫ мою...**, **Слава во вышних Богѫ...**, **Сподоби господи въ ноцъ сію...**, **Вѣрѫю...** и канонот на Богородица или на претпразненството, или канонот на светиот (а понекогаш се изостава и канонот на Богородица како во Сиропусната недела, ако имало бдение и во понеделник на Св. Дух). Не се пее никаков канон во Светлата недела, во деновите на Белата и на Месопусната недела, освен во белата среда и петок (но ако во тие денови се

случи Сретение, тогаш на повечерието се пее утрениот трипѣснецъ од тој ден); и во седмичните денови на св. Педесетница (почнувајќи од вечерта во понеделникот на Св. Дух, до Неделата на Сите Светии). Потоа Достойно... (на претпразненството на Божик и на Богојавление, спроти Велики Понеделник, Велики Четврток, Велики Петок, Велика Сабота и во понеделникот на св. Дух, наместо Достойно..., се пее ирмосот на 9. песна), трисвѧтое, тропар на светителот на денот и на храмот (подетално види во 18. глава, под 'г"); потоа овие: Боже отецъ нашихъ..., Йже во всемъ мїрѣ..., Слава..., Со свѧтыми..., и нынѣ..., Молитвами Господи... ако не е празник, ако пак е празник, само кондакот на празникот. Господи помилѹй (40 пати). Йже на всѧкое времѧ..., Господи помилѹй (трипати), Слава..., й нынѣ..., Честнѣйшѹю..., йменемъ господнимъ..., свештеникот: Молитвами свѧтыхъ ѻтецъ нашихъ..., читачот: Нескверна..., Й даждь намъ владыко..., и Преславна приснодѣво..., пејачите: Оу҃пованїе мое, отецъ..., свештеникот: Слава тебѣ Хрїсте Боже..., читачот: Слава... й нынѣ..., Господи помилѹй (трипати), благослови. Свештеникот пред дверите: мал отпуст и свртувајќи се со лицето кон дверите, ектенијата Помолимсѧ..., пејачите тивко: Господи помилѹй, на секој стих. Свештеникот завршува со зборовите: Молитвами свѧтыхъ отецъ нашихъ..., пејачите: Ѧминь.

ѓ) Големо повечерие

Благословенъ Богъ нашъ..., читачот: Слава тебѣ Боже..., Царю небесный..., трисвѧтое. По возгласот: Господи помилѹй (12 пати), Слава..., й нынѣ..., Прїидите поклонимсѧ... (трипати) и (ако е првата недела од св. Четириесетница, 69. псалм: Боже въ помощь мою..., и се пее големиот канон), ако не е првата недела од постот, 4. псалм: Внегда призвати ми..., 6. псалм: Господи да не гаростїю..., 12. псалм: Доколѣ, господи..., Слава... й нынѣ..., аллилѹїа (трипати), Господи помилѹй (трипати), Слава... й нынѣ..., 24. псалм: Къ тебѣ, Господи..., 30. псалм: На тѧ, господи оу҃повахъ..., и 90. псалм: Живый въ помощи..., Слава... й нынѣ..., аллилѹїа (трипати), Господи помилѹй (трипати), Слава... й нынѣ... и пејачите од

десната певница: Съ нами Богъ..., тие од левата страна истото, потоа десната певница пее еден стих, а левата вториот стих со ред, а на крајот двете певници заедно завршуваат: Ѩкѡ съ нами Богъ... Тропар: Денъ прешедъ..., Слава..., Денъ прешедъ славословлю..., и нынѣ..., Денъ прешедъ пѣсословлю..., а двете певници заедно пеат: Безплотное естество... и останатото, Вѣрꙋю, и Пресвѧтаѧ владычице... (трипати), а останатото двапати. Трисвѧтое и овие тропари: (ако е празник, се пее тропарот на празникот) во понеделник и во среда навечер, гл. 2.: Просвѣти ѻчи мои..., Слава..., Застꙋпникъ дꙋши моеѧ..., и нынѣ..., богородичен: Ѩкѡ не имамы дерзновенїѧ..., во вторник и во четврток, гл. 8.: Невыдимыхъ врагъ..., и стихот, Слава..., Слезы ми даждъ..., и нынѣ..., богородичен: Непостыднꙋю Богородице..., Господи помилꙋй (40 пати), Слава... и нынѣ..., Честнѣйшꙋю..., именемъ господнимъ..., свештеникот: Молитвами сѧтыхъ отецъ..., и молитвата: Господи, господи..., Прїидите поклонимсѧ... (трипати) и 50. псалм: Помилꙋй мѧ Боже..., и 101. псалм: Господи, ѹслыши молитвꙋ мою..., Господи вседержителю..., трисвѧтое со три поклонувања и тропарите на гл. 6.: Помилꙋй насъ, господи..., Слава..., Господи помилꙋй, и нынѣ..., Милосердїѧ двери... (на големите празници, наместо тие тропари, се пее кондакот на празникот). Господи помилꙋй (40 пати), Слава... и нынѣ..., Честнѣйшꙋю..., именемъ господнимъ..., свештеникот: Молитвами сѧтыхъ отецъ... и молитвата: Владыко Боже ѻтче..., Прїидите поклонимсѧ... (трипати) и 69. псалм: Божѐ въ помощь мою..., псалм 142.: Господи ѹслыши молитвꙋ... и Слава во вышнихъ Богꙋ..., (на сеноќното бдение на големите празници, оттука започнува литијата) канон на редовниот светител или на Богородица, Достойно..., трисвѧтое и се пее на глас 6: Господи, силъ съ нами..., со стиховите (освен во петоците на Великата Четириесетница). Слава..., Господи, ѧще не быхомъ..., и нынѣ..., Многаѧ множества..., Всесвѧтаѧ Богородице..., Все ѹ̃пованїе мое..., Господи помилꙋй (40 пати) Йже на всѧкое времѧ..., Господи помилꙋй (трипати), Слава... и нынѣ..., Честнѣйшꙋю..., именемъ господнимъ... Свештеникот: Боже ѹ̃щедри ны... и метании со молитвата: Господи и владыко..., трисвѧтое со три поклонувања, по возгласот, Господи

помилꙋй (12 пати), и молитвата: Нескверная..., И даждь намъ..., Преславная приснодѣво..., и Оупованїе мое отецъ..., свештеникот стоејќи пред дверите, со лицето кон исток: Слава тебѣ Хрїсте Боже..., читачот: Слава... и нынѣ..., Господи помилꙋй (трипати), благослови. Свештеникот се свртува со лицето кон народот и ја чита молитвата: Владыко многомилостиве..., народот за време на читањето клекнува долу. По молитвата сите стануваат и свештеникот, свртен со лицето кон дверите, ја изговара ектенијата: Помолимся..., пејачите тивко: Господи помилꙋй, на секој стих, и свештеникот завршува со: Молитвами святыхъ ѻтецъ...

е) Сеноќно бдение спроти *недела*

Свештеникот става на себе епитрафил и фелон, ја отвора завесата и царските двери. Во левата рака зема запалена свеќа (ако има ѓакон, свеќата ја носи ѓаконот), а во десната кадилница и го покадува олтарот (види гл. 6., А), па излегува низ дверите на солеата и пред дверите, покадувајќи, вели: востаните (ако служи ѓакон, тој вели: востаните), потоа го покадува целиот храм (види понатаму гл. 6., А) и, враќајќи се од левата страна пред дверите, со кадилницата прави крст говорејќи: Господи, благослови; ги покадува иконите на Спасителот и на Богородица, на тронот и на архијерејскиот стол, влегува во олтарот и, стоејќи пред светиот престол, покадувајќи трипати, изговара: Слава святѣй..., читачот: Прїидите поклонимся... (трипати) и 103. псалм: Благослови дꙋше моя Господа... Свештеникот ги затвора дверите и, излегувајќи низ северната врата, само во епитрафил, застанува пред дверите и тивко ги чита светилничните молитви. Голема ектенија пред дверите. (Ако служи ѓакон, излегувајќи низ северната врата, застанува на амвонот и ја изговара Големата ектенија, а свештеникот низ јужната врата влегува во олтарот). Возглас и првата катизма: Блаженъ мꙋжъ..., 8. глас, првиот антифон, вториот и третиот се пеат на гласот од денот. По секој антифон мала ектенија. Возгласите се: по првиот антифон: Ꙗкѡ твоя держава..., по вториот: Ꙗкѡ благъ..., по третиот: Ꙗкѡ ты еси Богъ нашъ... По возгласот, пејачите пеат: Господи

воззвахъ..., 10 стихири со стиховите, почнувајќи со: Изведи изъ темницы..., свештеникот или ѓаконот тогаш го покадуваат целиот храм, стихирите се пеат вака: 3 воскресни на гласот што преовладува, 4 источни и 3 на светиот од Минејот. Слава..., на светиот, ако има, ако, пак, нема: Слава... и нынѣ..., богородичен според гласот што преовладува. Кога пејачите ќе запеат Слава..., свештеникот и ѓаконот ги отвораат царските двери, ѓаконот ја зема кадилницата и обиколуваат околу светиот престол, поклонувајќи се на секоја страна, како и пред жртвеникот, па излегуваат низ северната врата, напред ѓаконот, а по него свештеникот, на солеата кон дверите правејќи входъ. Свештеникот и ѓаконот ги наведнуваат главите, па по тивките зборови на ѓаконот: Господ҃и помолимсѧ, свештеникот ја кжува во себе молитвата: Вечеръ и зау́тра..., по молтвата се исправаат и ѓаконот, држејќи го со три прсти орарот и покажувајќи кон исток, тивко му вели на свештеникот: Благослови владыко сѧтый входъ, а свештеникот, благословувајќи кон исток, вели тивко: Благословенъ входъ сѧтыхъ..., ѓаконот го покадува архијерејскиот стол и свештеникот (според типикот, но, обично се покадуваат престолните икони, иконата на тронот на Богомајката, архијерејскиот стол, певниците и останатиот народ од местото каде што стои), застанува пред царските двери и кога пејачите ќе го завршат пеењето, кадејќи, изговара: Прем҃дрость, прости. Пејачите: Свѣте тихїй..., ѓаконот влегува во олтарот низ дверите и крстовидно го покадува светиот престол, а свештеникот, поклонувајќи се, исто така, влегува низ дверите во олтарот и застанува пред светиот престол. Ѓаконот, стоејќи на св. двери, изговара: вонмемъ. Свештеникот благословува: Миръ всѣмъ. Ѓаконот: Прем҃дрость, вонмемъ (кога нема ѓакон, сето тоа го изговара свештеникот). Пејачите *прокимен*от на денот 6. глас: Господь воцарисѧ..., со стиховите. (Ако се слави денот на некој светител, или на отците на 7. вселенски собор, 11 октомври или денот на отците на 6. вселенски собор 16 јули, или 318 отци во Никеја, во 7. недела по Пасха, се читаат паримии, ѓаконот стоејќи на дверите, вели: Прем҃дрость, читачот, на пример: Бытїѧ чтенїе, ѓаконот: Вонмемъ. и читачот чита. Така ги прочитува сите три паримии). Ѓаконот кога ќе излезе низ северната врата,

на амвонот ја говори ектенијата: **Рцемъ вси...**, по возгласот: **Сподоби господи...**, ѓаконот кога ќе слезе од амвонот пред дверите: **Исполнимъ вечернюю...**, свештеникот: **Їкѡ благъ...**, **Миръ всѣмъ.** Ѓаконот: **Главы нашѧ...**, пејачите: **Тебѣ господи** (подолго). Свештеникот молитвата тивко, па возгласот гласно: **Бѯди держава...**, пејачите ја пеат стихирата на храмот и на светиот на литијата, **Слава...**, на светиот, **и нынѣ...**, богородичен. Ѓаконот ја зема кадилницата и со свештеникот го обиколува светиот престол и двајцата излегуваат низ северната врата, а оттаму, следени од свеќоносци, одат право во папертата (женската црква), свештеникот останува таму, а ѓаконот се враќа пред царските двери и ги покадува престолните икони, певниците, целиот храм и папертата. По завршувањето на стихирите, во папертата ја чита молитвата: **Спаси Боже люди твоѧ...**, пејачите: **Господи помилѹй** (40 пати) тивко, ѓаконот: **Єщѐ молимсѧ ѡ҃ благовѣрнѣмъ...**, пејачите: **Господи помилѹй** (30 пати); ѓаконот: **Єщѐ молимсѧ ѡ҃ блаженѣйшемъ...**, пејачите: **Господи помилѹй** (50 пати); ѓаконот: **Єщѐ молимсѧ ѡ҃ еже сохранитисѧ...**, пејачите: **Господи помилѹй** (трипати), молитвено, ѓаконот: **Єщѐ молимсѧ ѡ҃ еже ѹслышати...**, пејачите: **Господи помилѹй** (трипати) молитвено. Потоа свештеникот: **Ѹслыши ны, Боже...**, потоа: **а҆минь.** Свештеникот: **Миръ всѣмъ**, ѓаконот: **Глави вашѧ...**, пејачите: **Тебѣ господи**, и кога сите ќе ги приклонат главите[8], свештеникот ја чита молитвата: **Владыко многомилостиве...** По завршувањето на молитвата, воскресни стихири на стиховните со стиховите. **Слава...**, на светиот, **и нынѣ...**, богородичен; а свештеникот и ѓаконот, следени од свеќоносците, се враќаат во храмот и застануваат пред масичката на која е петтолебницата. Кога пејачите ќе запеат: **Слава...**, ѓаконот ги отвора поклопците на чашите од петтолебницата во коишто има пченица, вино и масло. По стихирата, свештеникот: **Нынѣ ѿпѹщаеши...**, читачот: **трисвѧтое**, а по возгласот, тропар гл. 4. **Богородице дѣво...**, (трипати). Ако е светител кој има бдение: **Богородице дѣво...** (двапати) и тропарот на светителот (еднаш). Ѓаконот, земајќи благослов од свештеникот, покадува околу масичката трипати

[8] Кога се извршува литија на солеата, пред амвонот, тогаш свештеникот ја чита оваа молитва со лицето свртен кон запад.

крстовидно, потоа архијерејот и свештеникот и од предната страна масичката со петтолебницата (ако нема ѓакон, свештеникот покадува). По тропарот, ѓаконот: **Господ8 помолимсѧ**, а свештеникот молитвата: **Господи Їис8се ѣХрїсте...** (говорејќи го ова, зема еден од лебовите и со него ги прекрстува останатите лебови), потоа го остава лебот, а кога ќе рече: **Самъ благослови и̑ хлѣбы сїѧ, пшениц8, вїно и е̑лей...**, покажува посебно на секое со десната рака (т.е. сложувајќи ги прстите **имѧнословно**, ги покажува лебот, пченицата, виното и маслото) **и оу̑множи сїѧ̑ во свѧтѣй wбители сей** (во манастирот), **градѣ семъ** (во градот), **веси сей** (во селото), **всечестнмъ домѣ семъ** (во архијерејскиот дом) **и во всемъ мїрѣ твоемъ...** По **аминь**, пејачите: **Б8ди имѧ господне...** (трипати) и 33. псалм, обично само стихот: **Богатїй w̑бнищаша...**, и останатото, ѓаконот ја зема петтолебницата и застанува до свештеникот пред царските двери со лицето свртени кон запад, а свештеникот, благословувајќи го со десната рака народот: **Благословенїе господне...**, Свештеникот влегува во олтарот низ северната, а ѓаконот низ јужната врата, а читачот го чита шестопсалмието: **Слава во вышнихъ Бог8...** (трипати), **Господи оу̑стнѣ мои...** (двапати) и шестопсалмието; по третиот псалм: **Слава... и̑ нынѣ...**, **аллил8їѧ** (трипати) **Господи помил8и** (трипати), **Слава... и̑ нынѣ...**, **Господи Боже спасенїѧ...**, свештеникот облечен во епитрафил излегува низ северната врата, застанува пред царските двери и ги чита утринските молитви; по шестопсалмието, излегува и ѓаконот низ северната врата на амвонот и ја изговара големата ектенија, а свештеникот влегува низ јужната врата во олтарот (ако нема ѓакон, големата ектенија ја изговара свештеникот пред дверите). По возгласот, свештеникот (или ѓаконот) вели: **Богъ господь...**, и стиховите: **Исповѣдайтесѧ господеви...**, **Ѡбишедше w̑бидоша мѧ...**, **Не оумр8 но живъ б8д8...**, **Каменъ егоже не брегоша зиждц̑ій...**, Пејачите: **Богъ господь...** (четирипати) на гласот што преовладува и воскресниот тропар (двапати), **Слава...**, на светителот, **и̑ нынѣ...**, богородичен според гласот на тропарот на светиот, а воскресен богородичен се пее по првиот *седален* на **Слава...**, **и̑ нынѣ...** Ако светиот нема тропар, **Слава... и̑ нынѣ...**, богородичен на гласот што преовладува, потоа читачот: **Гос-**

поди помилѹй (трипати) Слава... и нынѣ... и катизмата. По неа, свештеникот во олтарот, или ѓаконот пред дверите: мала ектенија, по возгласот *седален* воскресен и припевот: Воскресни Господи... и вториот *седалеи*, Слава... и нынѣ..., богородичен; потоа катизмата и мала ектенија, по возгласот, вториот *седален*, со припевот: Исповѣмсѧ тебѣ Господи..., Слава... и нынѣ..., неговиот богородичен и се пеат непорочните на 5. глас и Ѧггелскїй соборъ... (ако светиот што се слави има *полиелеј*, се пее псалмот: Хвалите имѧ господне... и вториот: Исповѣдайтесѧ господеви..., свештеникот и ѓаконот при пеењето на стихот: Раздѣлшемѹ..., ги отвораат царските двери и излегувајќи низ нив, ја носат празничната икона, а ѓаконот, носејќи свеќа, на средина на црквата и овде, на поставениот аналој, ја оставаат иконата и застануваат пред неа, држејќи свеќа во раката. Кога ќе се заврши псалмот, обично свештеникот го пее величанието на празникот, потоа пејачите избраниот псалм, без Слава... и нынѣ..., но веднаш: Ѧггелскїй соборъ...; за време на пеењето свештеникот ја покадува иконата на аналојот крстовидно, потоа целиот олтар храмот и папертата, и кога ќе се врати назад, ги покадува дверите, иконата на Спасителот и на Богородица и иконата на аналојот Мала ектенија, *ипакој* на гласот (или *седален* по *полиелејот*), *степените* на гласот. По нив, ѓаконот од олтарот: Вонмемъ, премѹдрость и пејачите *прокимен*от на гласот (трипати); ѓаконот: Господѹ помолимсѧ. Свештеникот: Ѩкѡ свѧтъ еси..., пејачите: аминь и: Всѧкое дыханїе..., и стих. Ѓаконот: Й ѡ сподобитисѧ намъ..., пејачите: Господи помилѹй (трипати) молитвено, ѓаконот: Премѹдрость, прости, ѹслышимъ..., свештеникот: Миръ всѣмъ. Пејачите: И дѹхови твоемѹ; свештеникот: ☩ (имѧрекъ) свѧтагѡ Евангелїа чтение; пејачите: Слава тебѣ господи..., ѓаконот: Вонмемъ и свештеникот го чита редовното воскресно евангелие. По евангелието, пејачите: Слава тебѣ господи..., потоа се чита: Воскресенїе Хрїстово..., и 50. псалм. Додека се чита псалмот, свештеникот го изнесува св. евангелие и го остава на аналојот за целивање. (Ако имало *величание*, го поставува евангелието на аналојот до празничната икона од десната страна и го целива евангелието, ако е овде иконата, прво го целива евангелието, а потоа иконата, прво свештеникот и ѓаконот, а потоа оста-

натиот народ, сите двајца по двајца). Пејачите: Слава... Молитвами апостолwвъ... и нынѣ... Молитвами Богородицы... и: Помилѹй мѧ Боже..., па воскресната стихира 6. глас: Воскресъ Іисѹсъ ѿ гроба..., ѓаконот на вообичаеното место молитвата: Спаси Боже люди твоѧ... Пејачите: Господи помилѹй (12 пати), свештеникот возглас и се затвораат дверите. Пејачите воскресниот канон со ирмосот на 4 и крстовоскресен на 3, на Богородица 3 и од Минејот на 4; кон првиот тропар припевот: Слава господи сѵтомѹ воскресенїю твоемѹ и припевите на воскресните песни запишани во *Ирмологијата. Катавасија* според уставот. По 3. песна, мала ектенија, потоа кондак и *седален* на светиот од Минејот. По 6. песна, мала ектенија, воскресниот кондак, икосот и пролого ѓ. По 8. песна, ѓаконот го покадува св. престол и извикнува: Богородицѹ и матерь свѣта въ пѣснехъ возвеличимъ. Пејачите 9. песна: Величитъ дѹша моѧ господа... и Честнейшѹю Херѹвїмъ... Свештеникот или ѓаконот го покадуваат св. олтар и целата црква. По 9. песна, кога ќе се врати назад, ѓаконот ја предава кадилницата и излегува низ северната врата, пред царските двери ја говори малата ектенија, а по возгласот, ѓаконот: Сѵтъ господь Богъ нашъ..., и пејачите Сѵтъ господь Богъ нашъ..., на гласот што преовладува (трипати) со стиховите: 1) Йкw сѵтъ господь Богъ нашъ..., 2) Й надъ всѣми людми Богъ нашъ... и воскресниот светилен, Слава..., на светиот, и нынѣ..., богородичен воскресен. На *хвалите*: Всѧкое дыханїе..., на гласот на денот, на 8, воскресни стихири, од Октоихот 4 и источни 4, со стиховите (или воскресни 4 и на светиот 4). Слава..., евангелска стихира што е според редот, и нынѣ..., богородичен: Преблагословенна ѣси...; *големо славословие* и воскресниот тропар, според гласот парен или непарен, а ѓаконот кога ќе излезе низ северната врата, ектенијата: Помилѹй насъ Боже..., на амвонот (или свештеникот во олтарот). По возгласот, ѓаконот слегува од амвонот, застанува пред дверите и: Йсполнимъ ѹтренюю... до крајот. Ѓаконот: Премѹдрость, свештеникот ги отвора дверите, пејачите: благослови, свештеникот: Сый благословенъ... Ѓаконот влегува низ јужната врата во олтарот. Ѹтверди Боже..., свештеникот: Пресѵтаѧ Богородице спаси насъ, читачот: Честнѣйшѹю..., Слава тебѣ Хрїсте Боже..., читачот: Слава... и нынѣ..., Господи по-

милѕй (трипати), Благослови. Свештеникот, стоејќи на дверите, свртен со лицето кон народот, неделниот отпуст: Воскресый изъ мертвыхъ..., пејачите: многулетствие, свештеникот поклонувајќи се, ги затвора дверите и завесата. Потоа, првиот час.

На *првиот час*, воскресниот тропар, Слава..., на светиот, ако има, ако нема: Слава... и нынѣ..., богородичен од часовите. По отче нашъ..., воскресен кондак.

На *литургијата блажени* од Осмогласникот на 8. Ако на светиот му се посветени *блажени*, тогаш воскресните на 6 и на светиот 3. песна на 4. По входот, воскресниот тропар, на храмот и на светиот, дневниот, ако има: воскресен кондак и на храмот, Слава..., на светиот, ако има, и нынѣ..., на храмот на Богородица. Ако нема, и нынѣ..., кондак: Предстательство хрїстїанъ... (тропарот и кондакот на храмот на Христос не се пеат во недела на литургија преку целата година затоа што преовладува воскресното). *Прокимен*, апостол и редовно евангелие и на светиот, ако има. *Причастен*: Хвалите Господа съ небесъ... и на светиот, ако има.

ж) Празнично бдение вон *недела*

На ова бдение, во почетокот, ѓаконот и свештеникот го прават сето она што е наведено во сеноќното бдение спроти недела.

На *вечерната*, по големата ектенија, Блаженъ мѕжъ... На Господи воззвахъ..., стихири на 8, на празникот. Слава..., на празникот, и нынѣ... богородичен. Вход, Свѣте тихїи... *Прокимен* на денот и 3 паримии на празникот. По ектенијата на *литијата*, стихири на празникот или, ако нема на празникот, на храмот, Слава..., на светиот, и нынѣ..., богородичен (ако е празникот Господов или Богородичен), Слава... и нынѣ..., на празникот и молитвата: Спаси Боже люди твоѧ... На *стиховните:* стихири на светиот или на празникот со припевите, Слава..., на светиот и нынѣ..., богородичен (или Слава... и нынѣ..., на празникот). На благословенїи хлѣбовъ..., тропар на светиот (двапати) и Богородице

дѣво... (еднаш). (Ако е празникот Христов или на Богородица, тропар на празникот – трипати).

На *утрената* на Богъ господъ..., тропар на светиот (двапати), Слава... и нынѣ..., богородичен воскресен според гласот на тропарот. (Ако е Христов или Богородичен празник, тропар на празникот, – трипати). Катизми, *седални* на светиот или на празникот, потоа се прави сето она што е речено на сеноќното бдение под „ж“. По возгласот, пејачите пеат *седален* по *полиелејот* на светиот или на празникот, потоа степени 4 глас. *Прокимен* на празникот, Всѧкое дыханїе..., 4. глас, евангелие на празникот и 50. псалм. – Слава..., Молитвами (имѧрекъ) милостиве..., и нынѣ..., Молитвами Богородицы..., (На Божик, на Богојавление и на Преображение: Всѧческаѧ днесь..., на Цветници: Днесь Хрїстосъ..., а на Воведение: Днесь храмъ...). Помилѹй мѧ Боже... и стихирата на празникот. Молитвата: Спаси Боже люди твоѧ..., по возгласот, канони и катавасија според типикот. По 3. песна, ектенија, *седален* на празникот, Слава... и нынѣ..., на празникот или богородичен. По 6. песна, ектенија и кондак на светиот или на празникот и икос. На 9. песна, ако е празникот Христов или Богородичен, не се́пее: Честнѣйшѹю..., туку припевите на празникот и ирмосот, ако е на светител, ѓаконот вели: Богородицѹ и матерь свѣта..., и пејачите: Величитъ дѹша моѧ..., Честнѣйшѹю..., и ѓаконот или свештеникот ги покадува олтарот и целата црква. По 9. песна, мала ектенија, по возгласот: светилен на светиот или на празникот, Слава... и нынѣ..., богородичен. На *хвалите:* стихири 4, на светиот или на празникот. Слава..., на светиот, и нынѣ..., богородичен или Слава... и нынѣ..., на празникот. *Големо славословие* и тропар на светиот (еднаш), Слава... и нынѣ..., богородичен воскресен според гласот на тропарот; ако е Христов или Богородичен празникот, тропарот на празникот (еднаш). Ектении и останатото како што е наведено во сеноќното бдение. Празничен отпуст или: Хрїстосъ истинный Богъ нашъ...

По 3. песна, обично свештеникот излегува од олтарот на средина на црквата, застанува пред аналојот на којшто стои

иконата, се поклонува, се прекрстува двапати, ја целива иконата и се помазува себеси на челото со помазувалката натопена во маслото што е благословено на бдението, правејќи крст на челото, се прекрстува и се поклонува уште еднаш пред иконата и застанува од десната страна до аналојот. Потоа доаѓа народот, сите, двајца по двајца, поклонувајќи се и целивајќи ја иконата, а свештеникот го помажува секого на челото, правејќи крст со помазувалката и велејќи: **Во имѧ̀ ѻ̑тца, и сына, и сѵ̑таго Дѫха**, со одговор: **а̑минь**. Во недела, кога покрај иконата стои и евангелието (десно од иконата), прво се целива евангелието, па иконата и потоа се прави елеопомазувањето.

ГЛАВА ДЕВЕТТА

УТРЕНА

а) Секојдневна полноќница

Благословенъ Богъ нашъ..., читачот: **Слава тебѣ Боже...**, **Царю небесный...**, и **трисвѧтое** (со три поклонувања во св. Четириесетница). По возгласот, **Господи помилѹй** (12 пати). **Слава... и нынѣ...**, **Прїидите поклонимсѧ...** (трипати) со 3 поклонувања и 50. псалм, потоа 17. катизма. (во Великиот пост по секоја: **Слава...**, се прават 3 поклонувања; **Вѣрѹю...**, **трисвѧтое**, 3 поклонувања, а по возгласот: тропар гл. 8.: **Се женихъ грѧдетъ...**, **Слава...**, **День ѻ̑нъ...**, **и нынѣ...**, богородичен: **Тебе неѡборимѹю...**, **Господи помилѹй** (40 пати), **Иже на всѧкое время...**, **Господи помилѹй** (трипати). **Слава... и нынѣ...**, **Честнейшѹю...**, **и̑менемъ господнимъ...** Свештеникот: **Боже ѹ̑̆щедри ны...** (и, ако е **а̑ллилѹ́їа**, 3 метании и молитвата: **Господи и̑ владыко...** и поклонување; **Дѫхъ же цѣломѹдрїѧ...**, поклонување; **Ей господи, царю...**, поклонување и 12 мали поклонувања, говорејќи на секое поклонување: **Боже очисти мѧ грѣшнаго**; и пак молитвата: **Господи и̑ владыко...**, со едно метание и молитвата: **Владыко Боже отче...**), ако нема **ллилѹ́їа**, се изоставува молитвата: **Господи и̑ владыко...**, и поклонувањата и се говори само: **Владыко**

Боже ѻтче... и оние молитви што се кажуваат од 22 септември до Цветници: Господи вседержителю Боже силъ..., потоа свештеникот ги подига рацете говорејќи: Тѧ благословимъ..., и Прїидите поклонимсѧ..., (трипати), со 3 поклонувања и псалмите: Возведохъ очи мои..., Се нынѣ благословите..., Слава... и нынѣ..., трисвѧтое, со 3 поклонувања, по возгласот тропарите, 2 гл.: Помѧни Господи..., Глѳбиною мѳдрости..., Слава..., Со свѧтыми..., и нынѣ..., богородичен: Блажимъ тѧ..., Господи помилѹй (12 пати), Помѧни Господи..., Преславнаѧ приснодѣво..., Оу҃пованїе мое ѻтецъ..., Слава... и нынѣ..., Господи помилѹй (трипати), благослови, Отпуст: Хрїстосъ їстинный..., свештеникот: Помолимсѧ..., пејачите: Господи помилѹй, често. Свештеникот: Молитвами свѧтыхъ Отецъ нашихъ... Ѧминъ.

б) Саботна полноќница

Благословенъ Богъ нашъ..., Слава тебѣ Боже..., Царю небесный..., трисвѧтое, Господи помилѹй (12 пати), Прїидите поклонимсѧ... (трипати) и 50. псалм, 9. катизма и Вѣрѹю..., трисвѧтое, и тропарите 2 гл.: Несозданое Ѕстество..., Слава..., Вышнїѧ силы..., и нынѣ..., Ѿ ѻдра и сна..., Господи помилѹй (40 пати), Иже на всѧкое времѧ..., Господи помилѹй (трипати), Слава... и нынѣ... Честнѣйшѹю..., Именемъ господнимъ... Свештеникот: Боже оу҃щедри ны..., Владыко Боже ѻтче... и молитвата, Величаѧ величаю тѧ..., Прїидите поклонимсѧ... (трипати), Возведохъ ѻчи мои..., Се нынѣ благословите..., Слава... и нынѣ..., трисвѧтое, и тропарите: Помѧни господи..., Глѳбиною мѳдрости..., Слава..., Со свѧтыми..., и нынѣ..., Блажимъ тѧ..., и останатото како кај секојдневната полноќница.

в) Неделна полноќница

Благословенъ Богъ нашъ..., Слава тебѣ Боже..., Царю небесный..., трисвѧтое..., Господи помилѹй (12 пати), Прїидите поклонимсѧ... (трипати) и 50. псалм, и веднаш троичниот канон според гласот што преовладува, и по него: Достойно..., и останатите тропари. Потоа трисвѧтое, возглас, *ипакој* според гласот. Господи помилѹй (40 пати), Слава... и нынѣ... Честнѣйшѹю..., возглас:

Боже оу҆щедри ны... и пред дверите, свртен со лицето кон народот, ја чита оваа молитва: Всемогꙋщаѧ, и҆ животворѧщаѧ..., и мал отпуст: Воскресый изъ мертвыхъ... и, свртувајќи се со лицето кон дверите, изговара: Помолимсѧ..., пејачите тивко Господи помилꙋй, додека свештеникот не заврши со зборовите: Молитвами свѧтыхъ Отецъ нашихъ...

г) Секојдневна утрена

По завршената полноќница, свештеникот влегува во олтарот, ја отвора завесата, ја зема кадилницата во десната рака и, покадувајќи со неа пред светиот престол, изговара: Благословенъ Богъ нашъ..., го покадува светиот престол крстовидно, целиот олтар и целиот храм. Читачот: Прїидите поклонимсѧ... (трипати) и го чита 19. псалм: Оу҆слышитъ тѧ господь..., и 20. псалм: Господи силою твоею..., Слава... и҆ нынѣ..., трисвѧтое. Тропарите: Спаси господи люди твѡѧ..., Слава..., Вознесыйсѧ на крестъ..., и҆ нынѣ..., Предстательство страшное... Свештеникот, кога ќе влезе во олтарот и стоејќи пред светиот престол, изговара: Помилꙋй насъ, Боже..., Єще молимсѧ ѡ҆ благовѣрнѣмъ и Хрїстолюбивѣмъ..., Єще молимсѧ ѡ҆ блаженѣйшемъ..., Єще молимсѧ за всю братїю..., Ꙗкѡ милостивъ..., пејачите: Аминь. Именемъ господнимъ..., свештеникот, стоејќи пред светиот престол и покадувајќи го, изговара: Слава свѧтѣй..., читачот: Слава во вышнихъ Богꙋ..., (трипати), и: Господи оу҆стнѣ мои... (двапати) и шестопсалмието. По првите три псалми, Слава... и҆ нынѣ..., а҆ллилꙋїа (трипати) и Господи помилꙋй (трипати), Слава... и҆ нынѣ..., Господи Боже спасенїѧ моегѡ... и другите два псалми. Кога читачот ќе ги заврши првите три псалми, свештеникот излегува низ северната врата во епитрафил и пред дверите ги чита утринските молитви. По шестопсалмието, голема ектенија. По возгласот, свештеникот: Богъ господъ..., со стиховите: Исповѣдайтесѧ Господеви..., Ѡбишедше, ѡ҆бидоша мѧ..., Не оумрꙋ, но живъ бꙋдꙋ..., и Камень єгоже..., и пејачите пеат Богъ господъ..., (четирипати) според гласот на тропарот на светиот, потоа тропарот на светиот од Минејот (двапати), Слава... и҆ нынѣ..., богородичен според гласот на тропарот. Ако има двајца светии, се пее првиот тропар на светиот (двапа-

ти), Слава..., тропарот на вториот светител, и нынѣ..., богородичен според гласот на тропарот на вториот светител или крстобогородичен (2 септ. Типик).

Овие богородични секогаш се пеат според гласот на тропарот на светиот, но секогаш не се пеат едни и исти. Така, кога во седмичните денови, освен во сабота, ќе се случи светител што има бдение, или полиелеј, или големо славословие, тогаш се пее богородичен, во среда или во петок – крстобогородичен, од оние што се нарекуваат „Богородични и крестобогородични Ѡпѕстителніи“. Кога во седмични денови се пее служба на светител којшто има бдение, полиелеј или големо славословие, секогаш се пее богородичен воскресен според гласот на тропарот на светиот. Во сабота на и нынѣ..., секогаш се пее богородичен воскресен, и тоа: ако во сабота се случи светител кој нема бдение или полиелеј, се пее првиот воскресен богородичен според гласот на тропарот на светиот, а ако во сабота се случи светител кој има бдение, полиелеј или големо славословие, се пее богородичниот на гласот што преовладува. Во претпразненство и во попразненство не се пее богородичен туку тропарот на претпразненството или на попразненството. Ако светиот нема тропар, тогаш се пее тропарот на претпразненството или на попразненството (трипати). Читачот: Господи помилѹй (трипати), Слава..., а оној што ќе ја чита катизмата, и нынѣ..., богородичен (по првата и втората катизма, свѣштеникот секој ден не изговара мала ектенија туку само во сабота и во недела, на светител со големо славословие и на претпразненство или на попразненство). По богородичниот, читачот: Господи помилѹй (трипати), Слава ѻтцѹ и сномѹ и свѧтомѹ дѹхѹ, и оној што ќе ја чита втората катизма, и нынѣ и присно..., и ја чита и втората катизма. По неа, вториот *седален* од Октоихот, потоа Господи помилѹй (трипати), Слава... и нынѣ... и 50. псалм, песните: Господеви поемъ..., со 12 стиха, освен Слава... и нынѣ..., и се пеат 3 канони: од Октоихот 2, првиот со ирмос на 6 и вториот без ирмос на 4, од Минејот на светиот на 4, сите да станат 14; така се пее и 3. песна и се завршува со ирмосот на 3. песна од Минејот; по 3. песна, мала ектенија и *седален* од Минејот, Слава... и нынѣ..., богородичен. (Во среда и во петок, крстобогородичен). По 6. песна, ирмос, ектенија и кондак на светиот и икос, ако има, а ако нема,

маченичен на гласот од Октоихот и пролог. По 8. песна, на која се пее: **Хвалимъ, благословимъ...**, свештеникот, кадејќи го св. престол, гласно изговара: **Богородицѫ й матерь свѣта...** и го покадува олтарот и целиот храм, а пејачите 9. песна: **Величитъ дѫша моѧ господа...** и **Честнѣйшѫю...**; по 9. песна, се пее ирмосот од Минејот и потоа: **Достойно...**, мала ектенија во олтарот. Светилен на денот, **Слава...**, на светиот, ако има, ако нема, **Слава... й нынѣ...**, богородичен или крстобогородичен. Читачот: **Хвалите господа...**, **Воспойте господеви...** и **Хвалите Бога...** Ако светиот има стихири на *хвалите:* ги пеат и тие 3 псалми обете певници. По **Слава... й нынѣ...**, ако има големо славословие, се пее: **Слава тебѣ показавшемѫ намъ свѣтъ...**, тропарот и ектениите: **Помилѹй мѧ Боже...**, и **Исполнимъ ѹтренюю...**, и останатото. Ако нема големо славословие, по стихирите на *хвалите:* се чита: **Слава тебѣ показавшемѫ...**, а ако нема ни стихири на *хвалите*: се чита: **Тебѣ слава подобатъ...** со 3 поклонувања и **Сподоби господи...** Свештеникот: **Исполнимъ ѹтренюю...**, по возгласот, *стиховните стихири* од Октоихот на гласот што преовладува со обичните припеви: 1. **Йсполнихомсѧ завтра...**, и 2. **Й бѫди свѣтлость...**, **Слава... й нынѣ...**, богородичен или крстобогордичен. **Благо есть...** и **трисвѧтое**, по возгласот, тропар на светиот, **Слава... й нынѣ...**, богородичен или крстобогородичен од помалите, пред кои стои: „**въ конецъ ѹтрени**“, ектенијата: **Помилѹй мѧ Боже...** Свештеникот: **Премѫдрость**, пејачите: **благослови**, свештеникот: **Сый благословенъ...**, **Оу҃тверди Боже...** и првиот час, бидејќи кога не се пее големо славословие, тогаш не се кажува отпуст, туку веднаш првиот час.

д) Секојдневна утрена кога се пее: Аллилѹїа или во св. Четириесетница

Благословенъ Богъ нашъ..., се покадува престолот, олтарот и целиот храм. Читачот: **трисвѧтое, Господи помилѹй** (12 пати), **Слава... й нынѣ...**, **Прїидите поклонимсѧ...**, (трипати), и 19. и 20. псалм, како и сето она до **Богъ господъ...**, како на секојдневната утрена под „г“. По големата ектенија, свештеникот: **аллилѹїа**, со стиховите: 1). **Ѿ ноцѣи ѹтреннюетъ...**, 2). **Правдѣ навчитесѧ...**, 3). **Зависть прїиметъ...**, 4). **Приложи имъ зла...**, а пејачите: **Аллилѹїа** (4

пати) и троичните според гласот што преовладува од Октоихот. (Во сабота, кога се пее служба на мртвите, се пее: **аллил8їа** (трипати), со стиховите: 1). **Блажени їа҃же и҆збралъ...**, 2). **Памѧть и҆хъ въ родъ...**, 3). **Д8шы и҆хъ въ благихъ...**, и зау҆покоените тропари гл. 2.: **А҆постоли м8ченицы...** (двапати), **Слава...**, **Помѧни господи...**, **и҆ нынѣ...**, богородичен: **Мати сѧтаѧ...** и во Месопусната сабота, и спроти Духови: **Гл8биною м8дрости...** Потоа читачот: **Господи помил8й** (трипати), **Слава... и҆ нынѣ...** и катизмата и сѐ како што е кај секојдневната утрена до светилниот; во св. Четириесетница, по 50. псалм, свештеникот ја кажува молитвата: **Спаси Боже...** и по возгласот се пее: **Господеви поемъ...**). Потоа се пеат светилните троични според гласот и сѐ како што е напред кажано до **трисѧтое**. Тропарот: **Въ храмѣ стомѥ...**, **Господи помил8й** (40 пати), **Слава... и҆ нынѣ...**, **Честнѣйш8ю...**, **и҆менемъ господнимъ...**, свештеникот: **Сый благословенъ...**, **Небесный царю...** и 3 метании со молитвата: **Господи и҆ владыко...** и останатите 12, говорејќи во себе: **Боже ѡ҆чисти мѧ грѣшнагѡ** и пак молитвата: **Господи и҆ владыко...** и метании, **Прїидите поклонимсѧ...** (трипати), 3 поклонувања и првиот час.

е) Неделна утрена

Благословенъ Богъ нашъ..., читачот: **Прїидите поклонимсѧ...** (трипати) и 19. и 20. псалм. Додека тој го чита тоа, свештеникот ги покадува св. престол, олтарот и целиот храм. Читачот: **трисѧтое**, без поклонувања (треба да внимаваат и свештеникот и читачот, свештеникот кога го изговара возгласот: **Ѩкѡ твое є҆сть царство...**, треба да биде на средина на храмот). По тропарите, свештеникот влегува во олтарот низ јужната врата и кажува мала ектенија: **Помил8й мѧ Боже...**, стоејќи со кадилницата пред св. престол. По возгласот: **аминь**, **и҆менемъ господнимъ...** и свештеникот, правејќи со кадилницата крст пред св. престол, изговара: **Слава сѧтѣй...** Читачот: **Слава во вышнихъ Бог8...** (трипати), **Господи ѻ҆ѹстнѣ мои...** (двапати) и шестопсалмието, а свештеникот, откако ќе ја предаде кадилницата, излегува во епитрафил низ северната врата пред светите двери, ги чита утринските молитви и сѐ останато како на секојдневната утрена. На **Богъ господъ...**, што се пее според тропарот на гласот што

преовладува, пејачите го пеат воскресниот тропар (двапати), Слава..., на светиот, ако има, ако нема, Слава... и҆ нынѣ..., богородичен на гласот што преовладува, ако светиот има тропар: и҆ нынѣ..., богородичен според гласот на светиот, а богородичниот според гласот што преовладува доаѓа на Слава..., по првата катизма на *седалните*. Ако има двајца светии со свои тропари, се пее воскресниот тропар (еднаш), тропарот на првиот светител (еднаш), Слава..., тропарот на вториот светител, и҆ нынѣ..., богородичен според гласот на тропарот на вториот светител. Катизма и мала ектенија; воскресни *седални* и нивниот богородичен; катизма, мала ектенија и вторите воскресни *седални* и нивниот богородичен. Непорочните (17. катизма) и Аггелскїй соборъ..., свештеникот го покадува целиот храм, *ипакој* на гласот и мала ектенија. Степените на гласот, ѓаконот, ако него го нема, свештеникот: Вонмемъ, премꙋдрость, пејачите, *прокименот* на гласот (трипати), ѓаконот: Господꙋ помолимсѧ. Свештеникот: Ꙗкѡ свѧтъ е҆си..., Аминь, Всѧкое дыханїе..., ѓаконот: И҆ ѡ҆ сподобитисѧ..., Премꙋдрость прости..., свештеникот: Миръ всѣмъ, и откако ќе ги отвори дверите: Ѿ (и҆мѧрекъ) свѧтагѡ Єваггелїа, чтенїе, пејачите: Слава тебѣ господи..., и свештеникот го чита редовното, воскресно евангелие. Потоа се кажува: Воскресенїе Хрїстово..., и 50. псалм. Свештеникот го изнесува евангелието на средина на црквата и го остава на аналој, самиот го целива а по него и останатиот народ и низ дверите се враќа во олтарот. Пејачите: Слава..., Молитвами апостолѡвъ милостиве..., и҆ нынѣ..., Молитвами Богородицы..., Помилꙋй мѧ Боже..., и воскресната стихира 6 глас: Воскресъ Іисꙋсъ Ѿ гроба..., и молитвата: Спаси Боже люди твѡѧ..., по возгласот, пејачите воскресниот канон со ирмосите на 4, и крстовоскресен на 3, и на Богородица на 3, и од Минејот на 4; кон првиот тропар се додава припевот: Слава господи свѧтомꙋ воскресенїю твоемꙋ. Потоа припев на воскресните песни (напишан во Ирмологијата). По 3. песна, ѓаконот мала ектенија, а свештеникот во олтарот возглас. Кондак и *седален* од Минејот на светителот. По 6. песна, мала ектенија и возглас, воскресниот кондак, икосот и пролог. По 8. песна, се пее Хвалимъ благословимъ... и ирмосот на 8. песна. Ѓаконот: Богородицꙋ и҆ матерь свѣта..., а пејачите 9. песна: Величитъ дꙋша моѧ господа... (свештеникот или ѓаконот го покадува олтарот и целата црква) и

Честнѣйшꙋю... По 9. песна, мала ектенија. Свѧтъ господь Богъ нашъ, го изговара свештеникот или ѓаконот со стиховите: 1. Ꙗкѡ свѧтъ господь Богъ нашъ..., 2. Надъ всѣми людми Богъ нашъ..., пејачите Свѧтъ господь Богъ нашъ на гласот што преовладува и воскресен светилен. Слава..., на светиот, ако има, и нынѣ..., богородичен воскресен. На *хвалите*, Всѧкое дыханїе... на гласот од денот, 8 стихови: воскресни 4 и источни 4, со припевите: 1. Воскресни господи Боже мой..., 2. Исповѣмсѧ тебѣ господи..., Слава..., редовната евангелска стихира, и нынѣ..., богородичен: Превлагословенна ѣси... *Големо славословие* и воскресниот тропар еден од двата 1. или 2. глас, ѓаконот или свештеникот ектенијата: Помилꙋй мѧ Боже..., и сѐ останато како на сеноќното бдение.

ГЛАВА ДЕСЕТТА

ЧАСОВИ

Има **секојдневни, великопосни** и **царски** часови. Некои се без псалми и имаат само црковни песни и се викаат „пасхални часови“.

Великопосните часови се разликуваат од секојдневните по тоа што: 1) 3., 6. и деветтиот час обично се прават заедно; 2) затоа што на нив се читаат катизми; 3) затоа што на шестиот час се чита паримија; 4) затоа што се пеат тропарите и кондаците на секој час, а не на светиот и 5) затоа што на нив се прават големи метании.

Царските часови се посебни: 1) затоа што првиот, третиот, шестиот и деветтиот час секогаш се прават заедно (освен кога Благовештение ќе се случи на Велики Петок, првиот час се прави со утрената); 2) затоа што на секој час се чита паримија, апостол и евангелие, и трите посебни тропари, по двапати на секој час, и 3) затоа што на секој час се читаат посебни псалми.

Царските часови се прават на 24 декември, на 5 јануари и на Велики Петок, а **пасхалните** на Воскресение и во текот на целата Светла недела.

а) Први час

Првиот час, обично, се поврзува со утрената, освен на Велики Петок, на навечерието на Божик и на Богојавление, почнувајќи со **Прїидите поклонимсѧ**[9]..., (трипати) и 3 псалми: **Глаголы моѧ...**, **Господи прибѣжище...** и **Милость ѝ сѵдъ...**, **Слава... ѝ нынѣ...**, **аллилѵїа** (трипати), **Господи помилѵй** (трипати), и, ако се пеело: **Богъ господъ...**, се кажува: **Слава...**, тропарот на денот, **ѝ нынѣ...**, **Что тѧ наречемъ...** Ако ли имало **аллилѵїа**, тропарот на 6. глас: **Завтра оуслыши гласъ мой...**, со стиховите, **Слава... ѝ нынѣ...**, богородичен: **Что тѧ наречемъ...**, **Стѡпы моѧ направи...**, и останатото; **трисвѧтое**, ако не е Четириесетница, кондак на светиот или на празникот; ако е Четириесетница, или ако нема кондак, во понеделник, во вторник и во четврток се кажува овој богородичен: **Преславнѵю божїю матерь...**,; во среда и во петок: **Скорѡ предвари...**, во сабота: **Їкѡ начатки...**, **Господи помилѵй** (40 пати). **Иже на всѧкое время...**, **Господи помилѵй** (трипати), **Слава... ѝ нынѣ...**, **Честнѣйшѵю...**, **ѝменемъ господнимъ...**, возглас: **Боже оуѱерди ны...**, и ако е Четириесетница, три големи метании со молитвата: **Господи ѝ владыко...**, и други 12 мали поклонувања и 1 голема метанија, сѐ на сѐ 16; потоа: **трисвѧтое**, **Господи помилѵй** (12 пати), и молитвата: **Хрїсте свѣте їстиный... Возбранной воеводѣ...** и отпуст без многулетствие.

б) Трети час

Благословенъ Богъ нашъ..., **Слава тебѣ Боже...**, **Царю небесный...**, **трисвѧтое. Господи помилѵй** (12 пати), **Слава... ѝ нынѣ...**, **Прїидите поклонимсѧ**[10] (трипати) и 16. псалм: **Оуслыши Господи...**, 24. псалм: **Къ тебѣ господи...** и 50. псалм. **Слава... ѝ нынѣ...**, **Аллилѵїа** (трипати), **Господи помилѵй** (трипати) и ако се пеело: **Богъ**

---

[9] Од Томина недела до Вознесение: **Хрїстосъ воскресе...** (трипати).

[10] Од Томина недела до Вознесение: **Хрїстосъ воскресе...** (трипати).

господъ, се кажува Слава..., тропар на денот и нынѣ..., Богородице ты еси лоза..., а ако се пеело: Аллилѹїа, тропар 6. глас: Господи иже пресвѧтаго..., со стиховите (трипати), и поклонувања 3, Слава... и нынѣ..., богородичен: Богородице ты еси лоза..., Господь Богъ благословенъ..., трисвѧтое, кондак на денот на светителот или на празникот. Ако е пост, тропар 8. глас: Благословенъ ѣси Хрїсте Боже нашъ..., Слава..., Скорое и извѣстное..., и нынѣ..., Надежда и Предстательство..., Господи помилѹй (40 пати), и: Иже на всѧкое врема..., Господи помилѹй (трипати), Слава... и нынѣ..., Честнѣйшѹю..., именемъ господнимъ... Свештеникот: Молитвами сѧтыхъ ѻтецъ нашихъ..., а ако е Четириесетница, поклонувања и: Владыко Боже ѻтче...

в) Шести час

Прїидите поклонимсѧ...[11] (трипати) и 53. псалм: Боже во имѧ твое..., 54. псалм: Внѹши Боже... и 90. псалм: Живый въ помощи..., Слава... и нынѣ..., Аллилѹїа (трипати), Господи помилѹй (трипати) и, ако се пеело: Богъ господъ..., се кажува Слава..., тропар на денот, ако се пеело: Аллилѹїа, тропар 2. глас: Иже въ шестый день..., со стиховите 1. и 2. Слава... и нынѣ..., богородичен: Ѩкѡ не имамы..., Скорѡ да предварѧтъ..., трисвѧтое, кондак на светителот на денот. Ако е пост, тропарите 2. глас: Спасенїе содѣлалъ ѣси..., Слава..., Пречистомѹ ѡбразѹ..., и нынѣ..., Милосердїѧ сѹщи... што се кажуваат во понеделник, во вторник и во четврток; а во среда и во петок, наместо Милосердиѧ сѹщи..., се кажува: крстобогородичен 2. глас: Препрославленна ѣси..., Господи помилѹй (40 пати), и Иже на всѧкое врема..., Господи помилѹй (трипати), Слава... и нынѣ..., Честнѣйшѹю..., именемъ господнимъ..., свештеникот: Молитвами сѧтыхъ ѻтецъ... и ако е пост, поклонувања и молитвата: Боже и Господи силъ... Ако се пеело: Богъ господь..., овде се кажу-

[11] Од Томина недела до Вознесение: Хрїстосъ воскресе... (трипати).

ва изобразителната, ако се пеело: Аллил8їа, таа се кажува по деветтиот час, а деветтиот час започнува по шестиот час со: трисвѧтое, Господи помил8й 12, Слава... и нынѣ..., Прїидите поклонимсѧ... (трипати), псалмите и останатото.

г) Изобразителна

Благослови д8ше..., Слава... и нынѣ..., Благослови д8ше..., Слава..., Хвали д8ше... и нынѣ..., Єдинородный сыне... Во големиот пост не се кажуваат изобразителни псалми, но по молитвата на деветтиот час: Владыко Господи..., пејачите: Помѧни насъ господи..., 8. глас и веднаш: Блажени нищїй д8хомъ... По стиховите: Помѧни насъ господи... и гласно: Во царствїи твоемъ..., и *блажените*, а ако е Четириесетница, се пее: Помѧни насъ господи..., и поклонување на секој стих, ако не е, се кажува побрзо: Слава... и нынѣ..., Помѧни насъ господи..., и останатото, Слава..., Ликъ свѧтыхъ ѧггелъ... и нынѣ..., Вѣр8ю..., Ѡслави, ѡстави... и ѻтче нашъ..., ако е празникот Христов, кондак на празникот, ако се слави и светител, најпрво на светиот, Слава... и нынѣ..., на празникот; ако се пеело: Аллил8їа или ако не е Христов празник, ниту на светител, прво кондакот на Преображение, потоа на денот и на храмот. Ако е храмот посветен на Христа, прво на храмот, потоа на денот и на крајот на редовниот светител. Слава..., Со свѧтыми..., и нынѣ..., Предстательство хрїстїанъ... или на храмот на Богородица. Во понеделник, кондак на бестелесните сили 2. глас: Ѧрхїстратизи божїи..., во вторник на св. Јован Претеча 2. глас: Пророче божїи..., во среда и во петок 4. глас: Вознесыйсѧ на крестъ..., во четврток на св. апостоли 2. глас: Твердыѧ и боговѣщаныѧ..., и на св. Никола 3. глас: Въ Мирѣхъ свѧте..., во сабота кога се кажува: Слава..., Со свѧтыми..., и нынѣ..., маченичен 8. глас: Ѩкѡ начатки... Освен во сабота, секој ден: Предстательство хрїстїанъ..., кондакот на Преображение 7. глас: На горѣ... [ако е св. Четириесетница: Господи помил8й (40 пати), Слава... и нынѣ..., Честнѣйш8ю..., ѩменемъ господнимъ..., свештеникот: Боже оу҃цедри ни..., и 16 поклонувања со молитвата: Господи и владыко... и започнува вечер-

ната со: Прїидите поклонимсѧ... (трипати) и 103. псалм: Благослови дꙋше моѧ...]. Ако не е Четириесетница, по кондакот, Господи помилꙋй (12 пати) и молитвата: Всесвѧтаѧ троице... Ако е литургија: Ѧминь. Да їсполнѧтсѧ оу҃ста наша..., Бꙋди їмѧ господне... (трипати), Слава... і҆ нынѣ..., Благословлю господа..., Достойно..., Слава... і҆ нынѣ... и отпуст.

д) Деветти час

Благословенъ Богъ нашъ..., Слава тебѣ Боже..., Царю небесный..., трисвѧтое, Господи помилꙋй, Слава... і҆ нынѣ..., Прїидите поклонимсѧ...[12] (трипати) и 83. псалм: Коль возлюблена..., 84. псалм: Благоволилъ є҆си..., и 85. псалм: Приклони господи оу҃хо твое..., Слава... і҆ нынѣ..., Ѧллилꙋїа (трипати), Господи помилꙋй (трипати), и ако се пеело: Богъ господь..., се кажува тропарот на денот, ако се пеело: Ѧллилꙋїа, тропар 8. глас: Їже въ девѧтый часъ..., со стиховите 1. и 2. Слава... і҆ нынѣ..., богородичен: Їже насъ ради..., Не предаждь насъ..., трисвѧтое, и ако е празник, кондак на празникот, ако не е, 8. глас: Видѧ разбойникъ..., Слава..., Посредѣ двою..., і҆ нынѣ..., Ягнца і҆ пастырѧ..., Господи помилꙋй... (40 пати), Иже на всѧкое времѧ..., Господи помилꙋй (трипати), Слава... і҆ нынѣ..., Честнѣйшꙋю..., їменемъ господнимъ..., свештеникот: Боже оу҃щедри ны... и ако е пост на Рождеството Христово, или на Светите Апостоли, 16 поклонувања затоа што ќе се пее: „междꙋчасїе“. Во св. Четириесетница само 3 големи метании, ако не, по возгласот, молитвата: Владыко Господи..., Слава... і҆ нынѣ..., Господи помилꙋй (трипати), благослови, и отпуст.

[12] Од Томина недела до Вознесение: Хрїстосъ воскресе (трипати.)

ГЛАВА ЕДИНАЕСЕТТА

СВЕТА ЛИТУРГИЈА

1. Литургија на св. Јован Златоуст

а) Проскомидија

Свештеникот и ѓаконот кога ќе дојдат во храмот, застануваат пред светите двери (ѓаконот стои од десната страна), се поклонуваат трипати пред дверите и на зборовите од ѓаконот: **Благослови владыко!**, свештеникот: **Благословенъ Богъ нашъ...**, ѓаконот: **Царю небесный..., трисвѧтое**[13], по возгласот, **Помилѹй насъ Господи..., Слава..., Господи помилѹй насъ..., и нынѣ..., Милосердїѧ двери...** Потоа пристапуваат кон Христовата икона и, поклонувајќи се и крстејќи се, говорат: **Пречистомѹ ѡбразѹ твоемѹ...** и ја целиваат. Потоа застануваат пред иконата на Богородица, го кажуваат тропарот: **Милосердїѧ сѳци...**, се поклонуваат, се прекрстуваат и ја целиваат и неа, и застанувајќи пак пред св. двери, ги наведнуваат главите, а кога ѓаконот ќе каже: **Господѹ помолимсѧ**, свештеникот ја кажува молитвата: **Господи низпосли...**, се свртуваат кон народот, се поклонуваат и свештеникот влегува во олтарот низ северната врата, а ѓаконот низ јужната, говорејќи: **Внидѹ въ домъ твой...**, се поклонуваат трипати и ги целиваат св. евангелие и св. престол. Потоа секој го зема својот стихар, се поклонуваат кон исток трипати и секој во себе кажува: **Боже ѡчисти мѧ...**, ѓаконот, држејќи ги стихарот со орарот во десната рака, пристапува кон свештеникот и, наведнувајќи ја главата, вели: **Благослови владыко стїхарь со ѡраремъ.** Свештеникот, благословува: **Благословенъ Богъ нашъ...** Потоа ѓаконот оди на едната страна од олтарот, го облекува стихарот, говорејќи: **Возрадѹетсѧ дѹша моѧ...**, го целива орарот и го поставува на левото рамо. Навлекувајќи ја нараквицата на десната рака, говори: **Десница твоѧ, Господи...**, а на левата рака, вели: **Рѹцѣ твой...**, ги мие рацете и оди до жртвеникот да подготви сè. Светиот дискос го поставува на левата страна, путирот на десната, а дарците пред нив.

---

[13] На Воскресение и преку целата Светла недела се кажува: **Хрїстосъ воскресе** трипати и веднаш **Помилѹй насъ Господи...**

Свештеникот вака се облекува: земајќи го стихарот во левата рака, се поклонува трипати кон исток. Го благословува и говори: **Благословенъ Богъ нашъ...**, го целива крстот на него и го облекува со зборовите: **Возрадѹетсѧ дѹша моѧ...** Го зема епитрафилот, го благословува, го целива крстот на неговиот врв и го поставува на вратот со зборовите: **Благословенъ Богъ изливаѧй...**; го зема појасот, го целива и се опашува со него, говорејќи: **Благословенъ Богъ препоѧсѹй мѧ...** Навлекувајќи ги нараквиците, ги целива и го кажува тоа што го кажува ѓаконот, како што е кажано напред. (Архимандритите, протосингелите, протојерејите, го препашуваат набедреникот, откако ќе го благословат и ќе го целиваат, говорејќи: **Препоѧши мечь твой...**). Потоа го благословува фелонот, го целива крстот на него и го облекува, велејќи: **Свѧщенницы твои господи...** Потоа ги мие рацете, изговарајќи: **оумыю въ неповинныхъ...**, и одат до жртвеникот, се поклонуваат трипати и секој во себе кажува: **Боже очисти мѧ...**, и **Искѹпилъ ны ѣси...**; ѓаконот вели: **Благослови владыко!**, свештеникот: **Благословенъ Богъ нашъ...**, ѓаконот: **Ѧминь.** Свештеникот ја зема просфората во левата рака, а во десната св. копје, ја благословува крстовидно со него врз печатот и вели: **Во воспоминанїе господа...** (трипати), го забодува копјето од десната страна на печатот и вели, режејќи: **Ѩкѡ ѻвча...**, од левата страна: **И ѩкѡ агнец...**, на горната страна на печатот: **Во смиренїи ѣгѡ...** и од долната страна: **Родъ же ѣгѡ...**; ѓаконот, при секое режење, вели: **Господѹ помолимсѧ**, држејќи го орарот во раката. Потоа вели: **Возми владыко!**; свештеникот го забодува копјето од реброто на десната страна на просфората под печатот и го вади четириаголно исеченият св. Агнец, говорејќи: **Ѩкѡ вземлетсѧ ѿ земли...** и го поставува обратно на дискосот, со печатот надолу и кога ѓаконот ќе рече: **Пожри владыко**, го жртвува, т.е. го сече крстовидно низ средината од меката страна, внимавајќи да не ја пресече корката од печатот, говорејќи: **Жретсѧ ѧгнецъ божїй...** и го превртува со печатот нагоре, а меката страна долу; кога ѓаконот ќе рече: **Прободи владыко**, свештеникот го прободува со копјето од десната страна на печатот каде што се буквите **ІЇС**, и вели: **Єдинъ ѿ воинъ...**; ѓаконот тогаш зема вино и вода, ги подава на свештеникот на благослов, со зборовите: **Благослови вла-**

дыко сѧтое соединенїе! и примајќи благослов од свештеникот којшто вели: Благословенно соединение сѧтыхъ твоихъ..., влева вино и вода во путирот. Потоа свештеникот ја зема втората просфора во левата рака и вели: Въ честь и̑ памать..., реже честичка како триаголник вака: од средината сече во долниот десен агол, потоа од средината во долниот лев



потоа ги соединува двата долни агли и ја вади како Агнецот, ја поставува од десната страна на Агнецот, говорејќи: Предста царица ѡ̑десн8ю... Сега ја зема третата просфора, говорејќи: Честнаго славнагѡ пророка..., ја вади првата честичка и ја поставува од левата страна на Агнецот, започнувајќи го така првиот ред на чиновите; потоа вели: Сѧтыхъ славныхъ пророкѡвъ..., ја вади втората честичка и ја поставува под првата; понатаму вели: Сѧтыхъ славныхъ и̑ всехвалныхъ апостѡлъ..., ја вади третата честичка, ја поставува под втората и така го завршува првиот ред на чиновите. Потоа вели: Йже во сѧтыхъ о̑тецъ нашихъ..., ја вади четвртата честичка и ја поставува во близина на првата, почнувајќи го со неа вториот ред. Понатаму вели: Сѧтаго а̑постола первом8ченика..., ја вади петтата честичка и ја поставува под првата во вториот ред и продолжува: Преподобныхъ и̑ богоносныхъ..., ја вади шестата честичка, ја поставува под втората во вториот ред и со тоа го завршува вториот ред. Потоа говори: Сѧтыхъ и̑ ч8дотворцевъ..., ја вади седмата честичка, ја поставува до првата од вториот ред, започнувајќи го со неа третиот ред. Понатаму вели: Сѧтыхъ и̑ праведныхъ..., и светиот на кого е денот, ја вади осмата честичка, ја става под првата во третиот ред. Пак вели: Йже во сѧтыхъ Отца нашего... (Iѡанна

Златоустаго или Василїа Великаго), чијашто служба се служи, ја вади деветтата честичка, ја става долу под втората во третиот ред и со неа го завршува третиот ред на чиновите (види ја сликата). Потоа ја зема четвртата просфора и говори: **Помяни владыко человѣколюбче...**, вади честичка за осветените лица: за владетелот, за архијерејите и за свештениците, од делот на печатот ІЙС ХС, а за световните, од делот NI КЙ ги поставува под Агнецот (види ја сликата), говорејќи при секое име: **Помяни господи**, спомнувајќи ги сите со ред живи: архијерејот, своите по име и уште кого сака. Најпосле ја зема петтата просфора и говори: **Ѡ памятьи и ѡставленїи грѣховъ...**, го спомнува архијерејот кој го ракоположил (ако е умрен) и сите умрени запишани во диптихот, и останатите покојни кои сака, по име; за секое име вади честичка и ја става под редот на живите, велејќи при секое име: **Помяни, господи (имярекъ)**, завршувајќи со зборовите: **И всѣхъ въ надежди...**, и вади и за нив честичка. Потоа говори: **Помяни господи и мое недостоинство** и вади честичка од четвртата просфора и ја става во редот на живите, што го завршува со неа. Внимава да нема трошки, а ако има, со губата ги собира. Ѓаконот ја донесува кадилницата со темјан и му вели на свештеникот: **Благослови владыко кадило!**, додавајќи: **Господѕ помолимсѧ!** Свештеникот ја благословува кадилницата со молитвата: **Кадило тебѣ приносимъ...**; ѓаконот: **Господѕ помолимсѧ**, свештеникот ја наднесува над неа ѕвездичката и вели: **И пришедше звѣзда...**, ја поставува над светиот леб. Ѓаконот: **Господѕ помолимсѧ.** Свештеникот ја покадува првата покривка, со неа го покрива св. леб на дискосот со зборовите: **Господь воцарисѧ...**, ѓаконот: **Господѕ помолимсѧ.** Свештеникот ја покадува втората покривка, со неа го покрива св. путир, говорејќи: **Покры небеса...**, ѓаконот: **Господѕ помолимсѧ.** Свештеникот ја покадува третата покривка, воздухот и со него ги покрива и дискосот и путирот, говорејќи: **Покрый насъ кровомъ крилѕ...** Потоа ја зема кадилницата, свештеникот го покадува предложението, говорејќи (трипати) **Благословенъ Богъ нашъ...**, а ѓаконот одговара на секое: **всегда нынѣ и присно...** и двајцата побожно се поклонуваат. Ѓаконот ја зема кадилницата и вели: **Ѡ предложеныхъ честныхъ...**, а свештеникот ја кажува молитвата на предложението: **Боже, боже нашъ...** и завршува со: **Слава тебѣ Хрїсте Боже...**, ѓаконот: **Слава...**, **и нынѣ...**, **Господи помилѕй** (трипати), **благослови**, свештеникот кажува отпуст,

ако е недела: **Воскресый їз мертвыхъ...**, ако не е недела: **Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ...**, ако е Христов празник, го кажува потполниот празничен отпуст. По отпустот, ѓаконот го покадува св. предложение, оди и го покадува св. престол наоколу, говорејќи: **Во гробѣ плотскй...** и 50. псалм, покадувајќи го олтарот и целиот храм, и враќајќи се влегува низ јужната врата во олтарот, повторно го покадува св. престол и свештеникот. Ја предава кадилницата, приоѓа кон свештеникот, двајцата застануваат пред св. престол, се поклонуваат трипати, ги подигаат рацете нагоре кон небото, молејќи се во себе и изговарајќи: **Царю небесный...** (освен на Пасха и сѐ до Вознесение, види Воскресение), **Слава во вышнихъ Богѣ...** (двапати) и **Господи оу҃стнѣ мои ѿтверзеши...**, ги целиваат, свештеникот св. евангелие, а ѓаконот св. престол (кога свештеникот служи без ѓакон, тогаш тој ги целива св. евангелие и св. престол) и, наведнувајќи ја својата глава кон свештеникот, ѓаконот го држи својот орар со трите прсти од десната рака и изговара: **Врема сотворити...**, свештеникот му ја благословува главата, велејќи: **Благословенъ Богъ нашъ...**, ѓаконот: **Помолисѧ ѡ҆ мнѣ...** Свештеникот: **Да їсправитъ Господь...**, ѓаконот: **Помѧни мѧ...** Свештеникот: **Да помѧнетъ тѧ...**, ѓаконот: **аминь**, се поклонува и излегува низ северната врата надвор, застанува на амвонот, побожно се поклонува трипати и во себе вели: **Господи оу҃стнѣ мои...**, и гласно: **Благослови владыко**, а свештеникот ја повлекува завесата, го зема св. евангелие и, правејќи со него крст над св. престол, односно над свитканиот антиминс, изговара: **Благословенно царство...** и пак го положува св. евангелие на своето место.

Треба да се знае: кога свештеникот служи без ѓакон, на проскомидијата и на литургијата зборовите на ѓаконот тој не ги изговара, туку само ектениите и чиновите на предложението.

Ако служат повеќе свештеници, проскомидијата, обично ја прави најмладиот свештеник (дежурниот – чредниот), додека останатите не учествуваат во неа.

б) Литургија на огласените

На зборовите од свештеникот **Благословенно царство...**, пејачите пеат: **Аминь**. Ѓаконот стоејќи на амвонот го држи подигнат својот орар и ја кажува големата ектенија: **Миромъ господꙋ помолимсѧ** (ако нема ѓакон, свештеникот стоејќи пред св. престол, на левата страна спрема себе[14]; останатото како во служебникот). По **Ѡ пособити и̂ покорити...**, доаѓа (ако е во град): **Ѡ градѣ семъ...**, (ако е во манастир): **Ѡ свѧтѣй ѡ̂бители сей...**, (ако е во село): **Ѡ веси сей...** Ако треба да се кажуваат некакви прозби, било за болни или за патници, во време на големи дождови или на голема суша, или било какви други прозби, тие се кажуваат веднаш по **Ѡ плавающихъ...** По возгласот се пеат изобразителните: **Благослови дꙋше моѧ...**, или, ако е Христов празник, се пее првиот антифон[15]. Свештеникот тивко ја чита молитвата на антифонот, а ѓаконот се поклонува, слегува од амвонот и застанува пред иконата на Спасителот, држејќи го орарот со трите прсти од десната рака. По антифонот или по **Благослови дꙋше...**, ѓаконот застанува пред светите двери, се поклонува и ја кажува малата ектенија. По возгласот, вториот антифон или **Хвали дꙋше моѧ...**, ѓаконот оди пред иконата на Богородица и таму стои до завршувањето на вториот антифон, а свештеникот тивко ја чита молитвата на вториот антифон. По вториот антифон, ѓаконот повторно застанува пред светите двери и кажува мала ектенија. По возгласот, свештеникот тивко ја чита молитвата на третиот антифон; ѓаконот влегува во олтарот низ јужната врата, застанува десно од свештеникот. Пејачите: третиот антифон или *блажената*. Додека се пее третиот антифон или кога ќе запеат **Блаженни е̂сте...**, свештеникот и ѓаконот ги отвораат светите двери, а на **Слава...**, стоејќи пред св. престол, се поклонуваат трипати, свештеникот го зема св. евангелие, му го подава на ѓаконот, кој го целива во раката и двајцата го заобиколуваат св. престол одејќи надесно, излегуваат низ северната врата на солеата – напред ѓаконот и по него свештени-

---

[14] Кога служат двајца свештеници, тогаш постариот стои на јужната страна од св. престол, а помладиот на северната.

[15] Ако се служи служба во денови кога Типикот не пропишал да се пеат блажени, тогаш се пеат секојдневните антифони што се објавени во Ирмологијата и на крајот на апостолот под името: „**вседневнїи антифѡни**“.

кот, правејќи така мал **Входъ**; застануваат свртени кон св. двери, ги наведнуваат главите и кога ѓаконот ќе изговори: **Господꙋ помолимсѧ**, свештеникот тивко ја кажува молитвата на входот: **Владыко господи**... По ова, ѓаконот му вели на свештеникот: **Благослови владыко свѧтыи входъ**, а свештеникот, подигнувајќи ја главата, благословува со десната рака кон исток и говори: **Благословенъ входъ свѧтыхъ твоихъ**..., и го целива св. евангелие. (Ако е присутен архијереј, ѓаконот му го принесува евангелието нему и архијерејот, откако ќе ја заврши молитвата на входот, го целива евангелието). Ѓаконот оди пред светите двери, а свештеникот останува на своето место и, по завршеното пеење, го подигнува малку св. евангелие, правејќи со него крст, изговара: **Премꙋдрость прости**, влегува во олтарот низ дверите и го остава евангелието на своето место; по него се поклонува и свештеникот и низ дверите влегува во олтарот, па застанува на своето место, а пејачите пеат: **Прїидите поклонимсѧ**... и входното на празникот, па тропарите според редоследот како што е назначено. Кога ќе се испее последниот кондак, ѓаконот пристапува кон свештеникот, ја приклонува главата и држејќи го во десната рака орарот со три прсти, изговара: **Благослови владыко времѧ трисвѧтагѡ**, свештеникот, прекрстувајќи го, кажува возглас: **Ꙗкѡ свѧтъ ѐси**..., тогаш ѓаконот се свртува кон запад и, стоејќи близу до светите двери, покажува на Христовата икона на иконостасот и тивко говори: **Господи, спаси**... и гласно: **И во вѣки вѣковъ**, вртејќи ја раката оддесно кон лево. Пејачите: **Аминь** и **Свѧтый Боже**... (или, ако е Божик, Богојавление, Воскресение и преку целата Светла недела, првиот ден на Духови или на Лазарева и на Велика Сабота, пеат: **Єлицы во Хрїста**...). Свештеникот за време на пеењето ја чита тивко молитвата: **Боже Свѧтый**..., по неа и свештеникот и ѓаконот го кажуваат **Трисвѧтое** или **Єлицы**..., поклонувајќи се трипати пред св. престол. Потоа ѓаконот му вели на свештеникот: **Повели владыко**! и свештеникот, тргнувајќи, благословува и говори: **Благословенъ грѧдый**..., ѓаконот: **Благослови владыко горнїй престолъ**. Свештеникот го благословува кон исток и говори: **Благословенъ ѐси на престолѣ**..., и двајцата одат до горното место, каде што се свртуваат кон запад. По **Свѧтый Боже**... или **Єлицы**..., ѓаконот доаѓа пред св. двери и вели: **Вонмемъ**, свештеникот: **Миръ всѣмъ**, читачот: **И дꙋхови твоемꙋ**. Ѓаконот: **Премꙋдрость**, читачот: *прокимен*от, псалмот

Давидов, ѓаконот: Премꙋдрость, и читачот го чита насловот на апостолот: къ Римлѧнѡмъ или, къ Корїнѳѧнѡмъ и др. Ѓаконот: вонмемъ и читачот го чита апостолот. По завршувањето на апостолот, свештеникот: Миръ ти..., а читачот: и҆ дꙋхови твоемꙋ, ѓаконот: Премꙋдрость, читачот: Аллилꙋїа. Додека пејачите пеат: Аллилꙋїа, ѓаконот ја зема кадилницата што ја благословува свештеникот и го покадува св. престол наоколу, целиот олтар и свештеникот (некои покадуваат за време на читањето на апостолот), а свештеникот ја чита молитвата пред евангелието: Возсїѧй въ сердцахъ... Тогаш ѓаконот ја остава кадилницата, доаѓа кај свештеникот, го зема од него св. евангелие и, наведнувајќи ја својата глава, го држи со орарот св. евангелие и вели: Благослови владыко, благовѣстителѧ..., а свештеникот, благословувајќи го, говори: Богъ молитвами..., ѓаконот: а҆минь, и излегува низ светите двери, застанува на амвонот свртен кон олтарот, го става орарот преку аналојот, а на него евангелието и го отвора; свештеникот, стоејќи пред св. престол, свртен на запад, изговара: Премꙋдрость прости, оу҆слышимъ...,; пејачите: И҆ дꙋхови твоемꙋ; ѓаконот: Ѿ (имѧрекъ) свѧтагѡ Єваггелїа, чтенїе; пејачите: Слава тебѣ, Господи..., свештеникот: Вонмемъ. Ако има двајца ѓакони, помладиот вели: Премꙋдрость прости и Вонмемъ. Кога ќе се прочита евангелието, свештеникот: Миръ ти, благовѣствꙋющемꙋ. Пејачите: Слава тебѣ господи; ѓаконот кога ќе дојде до светите двери, му го предава св. евангелие на свештеникот, кој го целива и го поставува на престолот на горната страна, десно над антиминсот (кога служи свештеник без ѓакон, тогаш тој го чита евангелието на св. двери, свртен со лицето кон народот, и по изговорениот наслов се прекрстува пред евангелието), ги затвора светите двери, а ѓаконот се враќа назад на амвонот и ја кажува ектенијата: Рцемъ вси... (ако е присутен архијереј, ѓаконот му го носи отвореното евангелие за да го целива). Ако има било какви прозби за болни или нешто друго, тие прозби се говорат пред: Єще молимсѧ ѡ҆ плодоносѧщихъ... По возгласот, ѓаконот слегува од амвонот пред светите двери и ако има каков било принос за мртвите, ја кажува ектенијата за мртвите. Свештеникот тивко ја чита молитвата: Боже дꙋхѡвъ... и возгласот: Ꙗко ты є҆си воскресенїе[16]... Ѓаконот: Помолитесѧ ѡ҆глашенїи..., свеш-

[16] На Христовите празници не се прави помен за мртвите.

теникот тивко ја чита молитвата и по неа се развива дотогаш свитканиот антиминс, и тоа прво десната, па левата, па долната страна, а пред самиот возглас, горниот дел со зборовите: **Да ѝ тїи...**, при зборовите: **Отца, ѝ Сына и свѧтагѡ Дѯха**, го прекрстува антиминсот со губата што се наоѓа во него, ја целива губата и ја остава на горниот десен агол на антиминсот. Ѓаконот: **Єлицы ѡ҃глашенїи ѝзыдите...** и пак првиот: **Єлицы ѡ҃глашенїи...** и останатото.

в) Литургија на верните

Оваа литургија започнува со зборовите: **Єлицы вѣрнїи...**, а пејачите: **Господи помилѹй** (ако служат еден или повеќе свештеници без ѓакон, пејачите пеат големо **Господи помилѹй**), а свештеникот во олтарот тивко ја чита молитвата. Ѓаконот: **Паки и паки...** и останатиот дел од ектенијата; пејачите: **Господи помилѹй.** (Кога свештеникот служи сам, не го кажува останатиот дел од ектенијата, туку само **Паки и паки...**, а пејачите пеат големо **Господи҃ помилѹй.** – големо; **Заст҃пи спаси...**, пејачите обично: **Господи помилѹи**). Ѓаконот се поклонува и низ јужната врата влегува во олтарот. Пејачите: **Иже Хер҃вїмы...**, а свештеникот тивко молитвата: **Никтоже достоинъ...** По молитвата, свештеникот и ѓаконот ја кажуваат херувимската песна (трипати), поклонувајќи се при секое завршување на истата; свештеникот обично кажува сѐ до **Ѩкѡ да царѧ...**, а од таму ѓаконот ја кажува до крајот и ги отвораат светите двери. Ѓаконот ја прима кадилницата и зема благослов од свештеникот, го покадува престолот, целиот олтар и свештеникот изговарајќи го 50. псалм (освен на св. Пасха и преку целата Светла недела) и други тропари кои сака; потоа двајцата застануваат пред св. престол, се поклонуваат, ги целиваат престолот и крстот, двајцата се свртуваат кон народот, се поклонуваат и одат кај проскомидијата, свештеникот право од престолот кон жртвеникот, а ѓаконот, обиколувајќи околу св. престол, ја покадува **свѧтаѧ**, говорејќи: **Боже ѡ҃чисти мѧ...** (трипати). Ѓаконот му вели на свештеникот: **Возми, владыко,** а свештеникот, кога ќе го земе воздухот, го поставува на левото рамо на ѓаконот со зборовите: **Возмите р҃ки вашѧ...**, потоа го зема св. дискос и го поставува на главата на ѓаконот кој го подзема и го држи со двете раце, а на едниот

прст и кадилницата ја носи; свештеникот пак го зема св. путир во рацете и двајцата излегуваат, прво ѓаконот, а по него свештеникот, преку северната врата на солеата. Излегувајќи од олтарот, ѓаконот говори: **Благочестивый и҆ Хрїстолюбивый родъ...**, **Ктитори и҆ приложники...** и влегува во олтарот, па застанува пред престолот, од десната страна, очекувајќи го свештеникот. Свештеникот застанува на крајот на солеата и свртен кон народот говори: **Благовѣрнаго...** Потоа се свртува кон архијерејскиот стол и говори: **Блаженѣйшаго а҆рхїепїскопа нашего...** или **преосвѧщенѣйшаго Архїереѧ нашего...** (**имѧрекъ**) (а ако е архијерејот присутен и стои во својот стол: **а҆рхїерейство твое да помѧнетъ...**, ако има повеќе епископи: **а҆рхїерейство ваше...**). Потоа, свртувајќи се кон народот, го подигнува повисоко путирот и, правејќи со него крст, говори: **Всѣхъ васъ православныхъ хрїстїанъ...** (Така кажува свештеникот кога служи сам без ѓакон. Ако служат повеќе свештеници, најстариот го носи путирот, вториот крстот, останатите: губата, копјето, лажичката и иконата, и првиот вели: **Благовѣрнаго...**, вториот: **Блаженѣйшаго а҆рхїепископа...**, третиот: **Свѧщенническїй и҆ монашескїй чинъ и҆ весь причетъ церковный...**, четвртиот: **Ктиторы и҆ приложники...**, па повторно првиот: **Всѣхъ васъ...**). Пејачите ја продолжуваат херувимската песна, а свештеникот влегува низ дверите во олтарот каде што го очекува ѓаконот со зборовите: **Да помѧнетъ господь Богъ свѧщенство твое...**, а свештеникот му вели: **Да помѧнетъ господь Богъ свѧщеннодїаконство твое...**, го остава путирот на св. престол, а св. дискос, земајќи го од главата на ѓаконот, го поставува на св. престол лево до путирот (кон себе) со зборовите: **Благоѡбразный Іѡсифъ...**, **Во гробѣ плотски...**, **Ꙗкѡ живоносецъ...** и откако ќе ги симне покровците од св. дискос и од путирот, првиот го остава од левата страна на престолот а вториот врз св. евангелие, го зема воздухот од рамењата на ѓаконот и со него ги покрива св. дискос и путирот говорејќи: **Благоѡбразный Іѡсифъ...** Така покриените дарови ги покадува трипати, говорејќи: **Оу҆блажи господи...**, до: **стѣны їерꙋсалимскїѧ...**, а ѓаконот продолжува од: **Тогда благоволиши...**, па до крајот и ја предава кадилницата. Светите двери се затвораат и се повлекува завесата. Потоа, свештеникот, приклонувајќи ја главата, тивко му вели на ѓаконот: **Помѧни мѧ брате...**, а ѓаконот нему му вели: **Да помѧнетъ господь Богъ...** Сега ѓаконот ја приклонува главата и, држејќи го орарот со три прс-

ти, му вели на свештеникот: **Помолисѧ ѡ҃ мнѣ**..., свештеникот: **Дх҃ъ сѧтыи**..., ѓаконот: **Тойже Дх҃ъ**... и пак: **Помяни мѧ**..., а свештеникот: **Да помянетъ господь Богъ**... Ѓаконот му ја целива десницата на свештеникот, излегува низ северната врата на солеата и, стоејќи пред дверите, продолжува: **Исполнимъ молитв҃**... (ако се прави литургијата по вечерна, на пример: на Велики Четврток или на Вел. Сабота, тогаш се додава: **Исполнимъ вечернюю молитв҃**..., и наместо: **дне всегѡ**..., се вели: **вечера всегѡ**...), а свештеникот тивко ја чита молитвата: **Господи Боже вседержителю**... По возгласот, свештеникот: **Миръ всемъ**, пејачите: **И҃ дх҃ови твоем҃**, ѓаконот: **Возлюбимъ др҃гъ др҃га**..., пејачите: **Отца и҃ Сына**..., а свештеникот додека се пее тоа, се поклонува трипати, тивко изговарајќи: **Возлюблю тѧ господи**... (трипати) и ја целива **сѧтаѧ** онака како што се покриени, прво над св. дискос, говорејќи: **Сѧтый Боже**, потоа над св. путир: **Сѧтый крѣпкїй** и св. престол: **Сѧтыи безсмертный помил҃й насъ**[17]. (Ако служат повеќе свештеници, сите ја целиваат **сѧтаѧ** така и потоа еден друг на рамената. Најстариот го фаќа за десната рака помладиот и вели: **Хр҃їстосъ посредѣ насъ**, а помладиот одговара: **И҃ ѣстъ и҃ б҃детъ**. А ѓаконите, ако ги има повеќе, секој си го целива својот орар каде што е крстот и еден друг на рамената, говорејќи го истото). Ѓаконот, кој стои пред дверите, се поклонува, го целива својот орар, а кога свештеникот ќе ја тргне завесата, изговара: **Двери, двери**..., читачот: **Вѣр҃ю**..., свештеникот го подигнува воздухот, го држи над светите дарови тресејќи со него и во себе го кажува символот на верата (ако служат повеќе свештеници, сите го држат воздухот и, тресејќи со него, секој во себе говори: **Вѣр҃ю**..., како што го кажуваат и сите луѓе). Потоа ѓаконот: **Станемъ добрѣ**..., пејачите: **Милость мира**..., свештеникот симнувајќи го воздухот, го целива и го поставува до вториот дарец, од левата страна на престолот: **Благодать господа нашегѡ**..., го благословува со десницата народот, при зборовите: **б҃ди со всѣми вами**..., ѓаконот се поклонува, влегува во олтаорт низ јужната врата и застанува до свештеникот. Пејачите: **И҃ со дх҃омъ твоимъ**. Свештеникот ги подига своите раце нагоре кон небото и говори: **Горѣ имѣимъ сердца**..., пејачите: **Имамы ко гос-**

[17] Освен на Воскресение и во текот на Светлата недела.

под8. Свештеникот ги спушта рацете на градите и ги прекрстува: **Благодаримъ господа.** Пејачите: **Достойно и̂ праведно...**, свештеникот: **Побѣдн8ю пѣснь...**, пејачите: **Сватъ, сватъ, сватъ...** Кога свештеникот изговара: **Побѣдн8ю пѣснь...**, ѓаконот ја зема ѕвездичката од св. дискос и, правејќи со неа крст над него, ја целива и ја остава, обиколувајќи околу престолот оддесно налево, помеѓу дарците на левата страна од престолот. Додека се пее: **Сватъ, сватъ, сватъ...**, свештеникот тивко ја кажува молитвата: **Съ сими и̂ мы...**, потоа возгласот: **Прїимите, ꙗ̂дите...** Говорејќи го ова, свештеникот покажува со десната рака, а ѓаконот со орарот на св. Агнец на дискосот; ѓаконот сега доаѓа на десната страна од престолот; свештеникот тивко вели: **Подобнѣ и̂ чаш8...** и гласно: **Пїйте ѿ нея вси...** Овде свештеникот и ѓаконот покажуваат на св. путир (ако служи архијереј, и тој покажува со десната рака). Свештеникот тивко ја говори молитвата: **Поминающе оубw...** Потоа гласно: **Твоа ѿ твоихъ...** Додека свештеникот ги кажува овие зборови, ѓаконот, стоејќи пред св. престол, ги прекрстува своите раце така што десната да дојде над левата, во десната рака го зема св. дискос, а во левата св. путир и го подигнува нагоре: пејачите пеат: **Тебе поемъ...**, свештеникот се моли: **Ѳіе приносимъ ти...**, потоа свештеникот и ѓаконот се поклонуваат трипати пред св. престол, молејќи се и говорејќи: **Господи йже пресватаго...** со подигнати раце и очи кон небото, свештеникот трипати го повикува Св. Дух; ѓаконот ги кажува стиховите, а свештеникот: **Господи йже пресватаго...** Потоа ѓаконот, наведнувајќи ја главата, со орарот покажува кон св. леб, говорејќи тивко: **Благослови владыко святый хлѣбъ** и свештеникот, благословувајќи го св. леб, говори: **И сотвори оубw...**, ѓаконот: **а̂минь**, пејачите: **И молимтися Боже нашъ...**, ѓаконот: **Благослови владыко свтa8ю чаш8**, свештеникот ја благословува светата чаша и говори: **И ѣ̂же въ чаши сей...**, ѓаконот: **а̂минь**, пејачите: **И молимтися Боже нашъ...**, ѓаконот: **Благослови владыко обоа...**, свештеникот ги благословува двете и говори: **Преложивъ д8хомъ Твоимъ свтимъ**, ѓаконот: **а̂минь, а̂минь, а̂минь**, пејачите: **И молимтися Боже нашъ...** (подолго). Кога служи свештеник без ѓакон, тој самиот вели **а̂минь**. Ѓаконот ја наведнува главата и му вели на свештеникот: **Помани ма святый владыко.** Свештеникот одговара: **Да помянетъ та господь Богъ...** и се моли: **Якоже быти**

причащающымсѧ..., по молитвата и пеењето, свештеникот го покадува светиот престол однапред и говори: Йзрѧдиw ѡ̑ пресвѧтѣй..., му ја предава кадилницата на ѓаконот, којшто го покадува светиот престол крстовидно и целиот олтар, споменувајќи ги живите и мртвите кои сака, а пејачите: Достойно ѣ̂сть... или ирмосот на празникот. Свештеникот тивко се моли: Свѧтагw Iwанна пророка... По молитвата и пеењето на ирмосот, свештеникот гласно изговара: Въ первыхъ помѧни господи..., пејачите: И всѣхъ й̑ всѧ, а свештеникот тивко ја чита молитвата: Помѧни господи... Свештеникот, по молитвата, гласно изговара: Й̑ даждь намъ..., пејачите: ѧ̂минь, свештеникот: Й̑ да в8дѧтъ милости..., пејачите: Й̑ со дѫхомъ твоимъ. Ѓаконот, откако ќе земе благослов од свештеникот, излегува низ северната врата на солеата пред светите двери и говори: Всѧ всѧтыѧ поѧн8вше..., свештеникот во олтарот тивко ја кажува молитвата: Тебѣ̀ предлагаемъ... и гласно: Й̑ сподоби насъ..., читачот: Отче нашъ..., свештеникот, возглас, па Миръ всѣмъ, пејачите: И дѫхови Твоем8, ѓаконот: Глави вашѧ господеви..., пејачите: Тебѣ̀ господи (подолго), свештеникот тивко ја кажува молитвата: Благодаримъ тѧ... и возгласот: Благодатїю..., пејачите: ѧ̂минь (подолго), свештеникот тивко: Вонми Господи..., а ѓаконот пред дверите се препашува со орарот крстовидно и се поклонува, и со свештеникот, секој во себе, изговараат: Боже ѡ̑чисти мѧ... Кога свештеникот ќе ја затвори завесата и кога ќе пристапи кон св. престол, ѓаконот ќе рече: Вонмемъ, а свештеникот, подигнувајќи го со двете раце св. леб, изговара: Свѧтаѧ свѧтимъ. Пејачите: Ѥдинь свѧтъ... и го пеат причесниот; ѓаконот влегува во олтарот низ јужната врата, застанува оддесно на свештеникот, кој го држи св. леб, и му вели: Раздроби владыко, свештеникот прекршувајќи го Агнецот на четири дела: Раздробляѥтсѧ й̑ раздѣляѥтсѧ... и го разделува вака: делот со буквите ІЙС̄ го става горе на св. дискос кон исток; делот со ХС̄ го става долу кон запад; делот со NI го поставува на северната страна, а делот со КЙ го става на јужната страна, така што сѐ изгледа како крст:

ІЙС̄

NI КЙ

ХС̄

Потоа свештеникот го зема горниот дел на којшто е **ІИ҃С** и кога ѓаконот ќе рече: **Исполни владыко...**, со тој дел прави крст над путирот со зборовите: **Исполненїе дꙋха свѧтагѡ...**, ѓаконот: **а̂минь** и го спушта во путирот. Ѓаконот ја зема теплотата и му вели на свештеникот: **Благослови, владыко**, свештеникот благословува: **Благословенна теплота...**, и ѓаконот налева, според потребата, крстовидно во св. путир, говорејќи: **Теплота вѣры...**, го предава остатотокот од теплотата и застанува малку подалеку. Свештеникот вели: **Дїаконе, пристꙋпи!** Ѓаконот пристапува поблиску, говорејќи: **Се прихождꙋ...** Свештеникот, разделувајќи ја честичката **Х҃С**, му дава еден дел на ѓаконот, ѓаконот му ја целива раката на свештеникот, го прима св. леб и говори: **Преподаждь мнѣ...**, а свештеникот: **(Имѧрекъ) свѧщеннодїаконꙋ преподаетсѧ...**, ѓаконот оди кон челото на престолот, ја наведнува главата и се моли како и свештеникот: **Вѣрꙋю господи...** Свештеникот откако ќе го земе вториот дел од **Х҃С**, говори: **Честное и пресвѧтое...**, ја наведнува главата и се моли: **Вѣрꙋю господи...**, и така се причестуваат со лебот што го држат во рацете, па потоа добро ги чистат дланките со губата. Потоа свештеникот со двете раце го зема со убрусот св. путир и трипати се причестува: притоа, првиот пат вели: **Во и̂мѧ о̂тца.** вториот пат: **и сына**, а третиот пат: **и свѧтагѡ Дꙋха. А̂минь**, бришејќи ги своите усни и путирот со убрусот што го држи во рацете и изговара: **Се прикоснꙋсѧ**, го целива путирот и трипати вели: **Слава тебѣ Боже...** Потоа го повикува ѓаконот, велејќи: **Дїаконе пристꙋпи!** Ѓаконот се поклонува еднаш и говори: **Се прихождꙋ...**, а свештеникот го причестува говорејќи: **Причащаетсѧ рабъ божїй дїаконъ (и̂мѧрекъ)...** Кога ќе се причести ѓаконот, свештеникот вели: **Се прикоснꙋсѧ оу̂стнамъ твоимъ...**

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ! Делот **ІИ҃С** се става во путирот; со делот **Х҃С** се причестуваат свештениците и ѓаконите; останатите два дела **НІ** и **КА** се раздробуваат на мали честички и со нив се причестува народот. Со делот Пресвета Богородица или деветте чинови на светиите и со другите честички што се на дискосот никако да не се причестува. Вино се налева во путирот уште при проскомидисувањето онолку колку што е потребно за сите, бидејќи потоа не смее да се долева, освен теплота, и од

неа се става толку колку што е потребно виното да не го изгуби својот вкус.

ВНИМАВАЈ! Ако има причесници, свештеникот ги раздробува двата останати дела од св. леб **NI** и **КѦ** на мали честички за да стасаат за сите, ги става сите во путирот и со нив го причестува народот, а ги причестува сите откако ѓаконо́т ќе рече: **Со страхомъ Божїимъ...**, и свештеникот на св. двери гласно ќе ја прочита молитвата: **Вѣрꙋю господи...**, пристапуваат еден по еден, се поклонуваат, ги прекрстуваат рацете на градите и го примаат светото причестие. Свештеникот ги причестува верниците говорејќи: **Причащаетсѧ рабъ Божїй (имѧрек)**, ѓаконот со убрусот им ги брише усните, а секој причесник го целива путирот, се поклонува и заминува.

Потоа ѓаконот го зема св. дискос, го навалува над св. путир и, говорејќи ги воскресните песни: **Воскресенїе Хрїстово...**, **Свѣтисѧ, свѣтисѧ...** и **Ѻ пасха велїѧ...**, сѐ што останало во св. дискос го става во путирот и дискосот добро го очистува со губата говорејќи: **Ѻмый господи грѣхи...**, покривајќи го путирот со покривката, а на св. дискос ја става ѕвездичката и другите покровци. Свештеникот тивко ја кажува молитвата: **Благодаримъ тѧ, владыко...**, по завршувањето, ја отвора завесата, со ѓаконот ги отвораат св. двери, поклонувајќи се еднаш кон народот и ѓаконот го прима св. путир од свештеникот, застанува на дверите и, подигнувајќи го св. путир, изговара: **Со страхомъ Божїимъ...**, пејачите: **Благословенъ грѧдый...**, свештеникот, благословувајќи го народот со крстот: **Спаси Боже люди твоѧ...**, пејачите: **Видѣхомъ свѣтъ їстинный...**, свештеникот и ѓаконот, кој го оставил св. путир на престолот, се свртуваат кон св., престол, а свештеникот покадува трипати со зборовите: **Вознесисѧ на небеса...** Потоа свештеникот го зема св. дискос со дарците и ѕвездичката, го поставува над главата на ѓаконот, ѓаконот побожно го зема и, гледајќи кон дверите и ништо не велејќи, оди околу св. престол до проскомидијата и таму го остава. Свештеникот се поклонува, го зема св. путир (ако нема ѓакон, во десната рака, а дискосот со дарците во левата) и свртувајќи се кон дверите, гледајќи кон народот, вели тивко: **Благословенъ Богъ нашъ...**, и гласно: **Всегда нынѣ и присно...** Пејачите: **Ѧминь, Да їсполнѧтсѧ ꙋ̑ста наша...**, свештеникот го го остава св. путир на жртвеникот. Ѓаконот го раскрстува орарот и го става пак на левото рамо како и на по-

четокот на службата, излегува низ северната врата на солеата и изговара: **Прости прїимше...**, кога пејачите ќе испеат: **Тебѣ господи**, свештеникот (дотогаш го свиткува антиминсот) го зема св. евангелие, го држи исправено и со возгласот: **Ꙗкѡ ты є҆си освѧщенїе...**, го подигнува евангелието и со него прави крст над свитканиот антиминс при зборовите: **Отцꙋ и Сынꙋ и҆ свѧтомꙋ Дꙋхꙋ** и го положува над антиминсот. Потоа, излегувајќи низ дверите до зад амвонот, вели: **Съ миромъ и҆зыдемъ!**, пејачите: **Ѡ и҆мени господни**. Ѓаконот, кој веќе слегол од амвонот и застанал пред иконата на Спасителот, вели: **Господꙋ помолимсѧ!**, а свештеникот ја кажува гласно молитвата: **Благословлѧѧй...**, пејачите: **Бꙋди и҆мѧ Господне...** (трипати), свештеникот влегува низ дверите во олтарот, оди кај жртвеникот и ја кажува молитвата: **И҆сполненїе закона...**, а ѓаконот прво застанува пред св. двери, се прекрстува и се поклонува трипати, низ северната врата влегува во олтарот и ја употребува **свѧтаѧ**, внимавајќи ниедна трошка да не остане и со губата ја собира сета течност, ги сложува св. сосади заедно со путирот, ги покрива со убрусот и ги остава на своето место, говорејќи: **Нынѣ ѿпꙋщтаеши...** и сѐ друго што кажува свештеникот. По **Бꙋди и҆мѧ...**, свештеникот, стоејќи на дверите, со десницата го благословува народот со зборовите: **Благословенїе Господне...** Потоа се свртува со лицето кон исток и говори: **Слава тебѣ Хрїсте Боже...**, читачот: **Слава... и҆ нынѣ...**, **Господи помилꙋй** (трипати), **Благослови**, а свештеникот, свртен со лицето кон народот, го кажува отпустот, ако е недела: **Воскресый изъ мертвыхъ...**, ако е седмичен ден: **Хрїстосъ и҆стинный...** или, ако е Христов празник, празничниот отпуст; ги затвора св. двери, ја затвора завесата и излегувајќи низ северната врата на солеата, поделува антидора (нафора), а пејачите пеат: **Спаси Хрїсте Боже...**, читачот го чита 33. псалм. Кога свештеникот ќе ја раздели нафората, влегува во олтарот и, ако нема ѓакон, ја употребува **свѧтаѧ** и прави сѐ она што е кажано за ѓаконот; ги соблекува одеждите, говорејќи: **Нынѣ ѿпꙋщтаеши...**, **трисвѧтое** и отпустителниот тропар 8. глас: **Оу҆стъ твоихъ... Слава...**, кондакот 6. глас: **Ѿ небесъ прїѧлъ є҆си...**, **и҆ нинѣ...**, богородичен: **Предстательство хрїстїѧнъ...** и тропарот на денот. **Господи помилꙋй** (12 пати), **Честнѣйшꙋю...**, **Слава... и҆ нынѣ**, и откако двајцата ќе ги и҆змијат рацете, прават отпуст, ги целиваат св. евангелие и св.

престол, излегуваат од олтарот, се поклонуваат пред иконата на аналојот, ја целиваат и си одат.

2. Литургија на св. Василиј Велики

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ! Литургијата на св. Василиј се служи 10 пати во годината и тоа: во неделите од големата Четириесетница (освен на Цветници), на Велики Четврток и на Велика Сабота, спроти Божик (на Бадник) и спроти Богојавление (на Водокрст) како и на празникот на св. Василиј Велики (1. јануари). Ако Божик и Богојавление се случат во недела или во понеделник тогаш спроти Божик и спроти Богојавление не се служи св. Василијева литургија, туку истата се служи на самите празници, т.е. на Божик и на Богојавление.

Оваа литургија се служи како и Златоустовата, само што на проскомидијата, при вадењето на деветтата честичка кај чиновите, се говори: **Иже во сѧтыхъ ѻ҃тца нашегѡ Васїлїа Великагѡ, а҆рхїепїскопа Кесарїи каппадокїйскїѧ.**

По изговорената молитва, што се чита кога се пее херувимската песна, на Велики Четврток, свештеникот и ѓаконот, наместо неа, ја кажуваат: **Вечери твоеѧ тайныѧ...**, а на Велика Сабота: **Да молчитъ...** Сѐ останато е како на Златоустовата литургија. По **Сѧтъ, сѧтъ, сѧтъ** (големо) и молитвата: **Съ сими блаженними...**, свештеникот гласно изговара: **Даде сѧтимъ своимъ ѹ҃ченикѡмъ и а҆постолѡмъ рекъ...** и: **Даде сѧтимъ своимъ ѹ҃ченикѡмъ...**, а останатото како што е изложено во служебникот. По **Изрѧдну ѡ҆ пресѧтѣй...**, пејачите наместо: **Достойно...**, пеат: **Ѻ҆ тебѣ радѹетсѧ...**, на Велики Четврток ирмосот: **Странствїѧ владычнѧ...**, а на Велика Сабота ирмосот: **Не рыдай мене мати...** По возгласот: **Въ первыхъ помѧни...**, свештеникот чита: **Помѧни господи всѧкое ѐпїскопство...**, пејачите по **И всѣхъ и всѧ** пеат: **Небомвленнаго Хрїстова таинника...** Останатото е сѐ како кај Златоустовата литургија. По завршената света литургија, свештеникот на отпустот го споменува св. Василиј Велики и двајцата, ѓаконот и свештеникот, при соблекувањето на одеждите, ги кажуваат тропарот и кондакот на св. Василиј Велики.

3. Литургија на предосветените дарови

Оваа литургија се служи само во седмичните денови на Великиот пост, освен во саботите, во неделите и на Благовештение, на Велики Четврток и на Велики Петок. Редовно се служи во среда и во петок од 1., 2., 3., 4., 5. и 6. недела од постот, во четвртокот на 5. недела и на Велики Понеделник, Велики Вторник и Велика Среда, а во понеделникот, вторникот и четвртокот од 2., 3., 4., 5. и 6. недела од постот се служи кога ќе се случи светител кој има полиелеј или на храмов светител.

Почнувајќи од Сиропусната недела, па во секоја недела на светата Четириесетница, Агнеците за предосветената литургија свештеникот ги подготвува на следниот начин. Освен петте обични просфори, се донесуваат уште две или три, според потребата, и кога свештеникот од првата просфора ќе извади Агнец, го жртвува, го прободува и го остава на дискосот; потоа вади нови Агнеци од другите просфори, говорејќи над секој од нив: **Во воспоминанїе...**, **Їйкw ѳвча...** и останатото. Потоа налева вино и вода во путирот говорејќи што е потребно, го продолжува проскомидисувањето и на крајот сè покрива со светите дарци, покадува и ја кажува молитвата на предложението. Св. литургија се служи според обичајот. По призивот на Св. Дух, кога ги благословува лебовите – Агнеците – изговара: **И сотвори оу҃бw хлѣбъ сей...**, а не: **хлѣбы сїѧ...**, Кога кажува: **Свѧтаѧ свѧтымъ**, не подигнува еден Агнец, туку сите заедно, а го прекршува само едниот, ја става честичката **ІЇС** во св. путир, налева теплота според обичајот, го става во левата рака на дланката и на губата св. леб – Агнецот – подготвен за предосветената литургија, а со десната рака ја зема лажичката и со неа зема од св. крв од путирот, го допира со неа св. леб што го држи во левата рака над путирот, натопувајќи ја крстовидно меката страна со св. крв, каде што на проскомидијата со копјето е исечен крстовидно и го става во однапред подготвената кутија (кивотот) одредена за **свѧтаѧ**. Ги зема и другите Агнеци и го повторува истото на врз секој, оставајќи ги сите во кивотот, го затвора, го остава на своето место и ја продолжува литургијата.

Пред литургијата на предосветените дарови, се прават великопосни часови: третиот, шестиот и деветтиот со изо-

бразителната и вечерната. На крајот од часовите, обично, по молитвата: **Господи и̑ владыко...** и метании, свештеникот пред дверите ги кажува молитвите што ги кажува секогаш пред служење на св. литургија и пред облекувањето, освен молитвата: **Господи низпосли рѕкѕ твою...** и влегува во олтарот говорејќи: **Внидѕ въ домъ твой...**, ги целива: престолот, крстот и св. евангелие и се облекува во потполна свештеничка облека. Облекувајќи се, го благословува и го целива секое парче и над секое од нив вели: **Господѕ помолимсѧ.** Кога ќе се облече, ги мие раце-те и, по часовите, кажува отпуст. Пред почетокот на св. литургија, заедно со ѓаконот се поклонуваат пред св. престол, го целиваат св. евангелие и престолот, не кажувајќи го: **Царю небесный...** и: **Слава во вышнихъ...**, и ѓаконот, откако ќе прими благослов, низ северната врата излегува на амвонот и извикнува: **Благослови владыко**, свештеникот ја отвора завесата, го зема св. евангелие, го подигнува малку и со него прави крст над свитканиот антиминс, говорејќи: **Благословенно царство...**, читачот: **Прїидите поклонимсѧ...** (трипати) и 103. псалм; свештеникот пред св. престол ги чита вечерните молитви, почнувајќи од четвртата, бидејќи првите три се читаат по ектениите. Кога ќе се заврши псалмот, ѓаконот ја кажува големата ектенија. Катизма: **Ко Господѕ внегда...**, што се прекинува трипати со поклонувања и со мала ектенија од ѓаконот, и со возглас од свештеникот: по 1. ектенија: **Ꙗ̑кѡ твоѧ держава...**, по 2. ектенија: **Ꙗ̑кѡ благъ...** и по 3.: **Ꙗ̑кѡ ты е̂си Богъ нашъ...**, за тоа време свештеникот тивко ги чита првите три вечерни молитви. По последниот возглас, пејачите: **Господи воззвахъ...**, според гласот самогласен од денот, на 10 стихови, повторувајќи го самогласниот, потоа маченичен и 3 подобни од Триодот и 3 од Минејот. По **Да и̑справитсѧ...**, се пеат стиховите со антифонски глас: **Положи Господи...** сѐ до: **Изведи и̑зъ темницы...**, а од таму според гласот на денот. **Слава... и̑ нынѣ...**, богородичен. Кога ќе започнат да се читаат катизмите, свештеникот го зема св. дискос од жртвеникот, го поставува на отворениот антиминс, кој по преносот повторно го свиткува, го зема од кивотот св. Агнец, го става на дискосот, го покадува св. леб, прави метанија пред него и кога ќе започне пеењето на: **Положи Господи...**, го става св. дискос над својата глава и, одејќи полека околу св. престол, го пренесува на жртвеникот. Во тој момент ѕвони ѕвонче во олтарот и целиот народ клекнува на

подот, а пејачите тивко ги пеат стиховите. Свештеникот го остава св. дискос, налева во св. чаша вино и вода, ги покадува свездичката и даровите и покрива сѐ не кажувајќи ништо, но кога над нив ќе го стави воздухот, само кажува: **Молитвами свѧтыхъ ѻ҃тецъ нашихъ**..., бидејќи оваа жртва е порано осветена и завршена; ги покадува жртвеникот, св. престол и целиот олтар.

Кога ќе се запее: **Слава**..., се отвораат светите двери и ѓаконот со свештеникот прават вход. Ако треба да се чита и евангелие, се носи и тоа. Молитвата на входот, потоа: **Прем8дрость, прости**. Читачот: **Свѣте тихіи**..., ѓаконот и свештеникот низ дверите влегуваат во олтарот, ѓаконот ја остава кадилницата на свеќникот на којшто гори свеќа, којшто го донесува служителот и го остава пред отворените двери. Ѓаконот: **Вонмемъ**, свештеникот: **Миръ всѣмъ**, ѓаконот: **Прем8дрость**. Читачот: **Бытїѧ чтенїе**, ѓаконот: **Вонмемъ**. Читачот 1. паримија, а кога ќе се заврши читањето, го пее вториот *прокимен* и кога ќе се испее тоа, на ѓаконовиот повик: **Повелите**, и тој и целиот народ клекнуваат на земјата. Свештеникот го зема свеќникот со запалената свеќа и со кадилницата, со обете раце, застанува пред св. престол, гледајќи кон исток, со него прави крст со зборовите: **Прем8дрость, прости**. Потоа се свртува на запад кон народот и кажува: **Свѣтъ Хрїстовъ**..., читачот и целиот народ стануваат, читачот продолжува: **Притчей чтенїе**. Ѓаконот: **Вонмемъ** и читачот ја чита втората паримија (ако утредента се слави светител кој има бдение или полиелеј, се читаат и паримиите од празникот или од светиот). По 2. паримија, свештеникот: **Миръ ти**..., ѓаконот: **Прем8дрость**. Читачот, стоејќи, пее: **Да ѝсправитсѧ**..., а народот и од едната и од другата страна во храмот клекнуваат на колена, свештеникот, пак, кади пред св. престол. Кога читачот ќе го испее првото: **Да ѝсправитсѧ**..., и тој клекнува, а народот од десната страна станува и пее: **Да ѝсправитсѧ**..., кога десната певница и народот ќе испее, повторно клекнуваат, а сега станува читачот и пее: 1. **Господи воззвахъ**... Кога ќе го испее тоа, станува левата певница и народот од левата страна и пее: **Да ѝсправитсѧ**..., на 2. стих станува десната страна и пее, а на 3. стих станува левата страна и пее. Која страна пее, таа и стои, а другата клечи, читачот кога ги пее стиховите стои. Кога на сите стихови ќе се испее: **Да ѝсправитсѧ**..., целиот народ клекнува; свештеникот ја предава кадилницата, клекнува со ѓаконот пред

св. престол и тој го пее последното: Да їсправитсѧ молитва моѧ їако кадило предъ тобою... Сега стануваат сите и пеат: Воздѣмїе рѹкѹ моею жертва вечернѧ..., правејќи метании (трипати). Ако треба да се чита евангелие (во Великата или во Страсната недела), или апостол и евангелие, тогаш мала ектенија не се кажува, туку веднаш *прокимен*от на апостолот и се чита апостолот; потоа се пее: Аллилѹїа и се покадува; по прочитаното св. евангелие, свештеникот: Миръ ти благовѣствующемѹ, пејачите: Слава тебѣ господи..., свештеникот го прима од ѓаконот св. евангелие, го целива и го остава на св. престол на горната страна, оддесно, погоре од антиминсот и ги затвора св. двери.

Потоа ѓаконот на амвонот: Рцемъ вси..., а свештеникот, стоејќи пред св. престол, тивко ја чита молитвата. (Ако се прави спомен на мртвите, се кажува и ектенијата за покојни). По возгласот: Помолитесѧ ѡглашеннїи..., понатаму како на обична литургија. (Од четвртата среда – средопосната – се кажуваат ектениите: Єлицы ѡглашеннїи..., Єлицы ко просвѣщенїю...). По возгласот: По дарѹ Хрїста твоегѡ..., пејачите: Аминь и, наместо херувимската песна: Нынѣ силы... Ѓаконот влегува низ северната врата во олтарот и се отвораат светите двери; го покадува св. престол наоколу, светото предложение на жртвеникот и свештеникот и го кажува 50. псалм. Сега двајцата застануваат пред св. престол и го кажуваат: Нынѣ силы... (трипати), поклонувајќи се трипати, ги целиваат крстот и св. престол, се свртуваат кон народот, се поклонуваат, одат кај жртвеникот и ги покадуваат честите дарови. Свештеникот го зема воздухот и го става на раменатa на ѓаконот, самиот тој го зема св. дискос и го става над главата, држејќи го со десната рака; во левата го зема св. путир со виното и го носи пред градите[18]. Ѓаконот прв излегува низ северната врата, кадејќи често пред свештеникот кој полека оди по него; одејќи тие ништо не говорат и низ светите двери влегуваат во олтарот. За време на големиот вход тивко звони мало звонче во олтарот, пејачите многу тивко пеат: Се жертва тайнаѧ совершенна дорѹноситсѧ..., а народот и пејачите паѓаат ничкум на земјата. Кога ќе престане звончето, сите стануваат и пејачите пеат погласно: Вѣрѹю и любовїю... Свештеникот, откако ќе влезе во олтарот, ги поставува св. дарови на престолот,

[18]Ова се прави за да не се даде повод на обичните луѓе да се поклонуваат на обично неосветено вино.

ги симнува покривките од дискосот и од путирот, ги покадува сите не велејќи ништо и при пеењето на: **аллил8їа**, двајцата се поклонуваат трипати пред престолот кажувајќи ја тивко молитвата: **Господи ѝ владыко...**, така и целиот народ, ги затвораат светите двери и ја навлекуваат завесата до половина. Ѓаконот, кога ќе земе благослов, излегува низ северната врата на солеата и пред дверите говори: **Ѝсполнимъ вечернюю...** и **Заст8пи, спаси...**, возглас: **Ѝ сподоби насъ...**, **Отче нашъ...**, На големото: **Ѧминь** ѓаконот се препашува со орарот како и на Златоустовата литургија. По молитвата: **Вонми Господи...**, се поклонуваат: свештеникот пред св. престол, а ѓаконот пред дверите, говорејќи во себе: **Боже wчисти мѧ...**, ѓаконот, приклонувајќи ја главата, вели: **Вонмемъ**. Свештеникот го повлекува и другиот дел од завесата и ставајќи ги рацете под покривката – воздухот со која што се покриени даровите, го допира со рацете осветениот леб (сега не го подигнува) и гласно вели: **Преждеwсвѧщеннаѧ Свѧтаѧ свѧтымъ**. Додека го кажува тоа свештеникот, сиот народ паѓа на колена, а кога пејачите ќе запеат: **Ѥдинъ свѧтъ...**, сите стануваат и ѓаконот влегува во олтарот низ јужната врата. Свештеникот, откако ќе ги изговори тие зборови, го симнува воздухот од дискосот и од путирот, потоа и звездичката, го раздробува св. леб кога ѓаконот ќе рече: **Раздроби владыко!**, го прекршува како и вообичаено, на четири дела, говорејќи: **Раздробляетсѧ...**, го става делот **IC** во путирот не зборувајќи ништо, ѓаконот налева теплота, исто така не кажувајќи ништо. Свештеникот: **Дїаконе, прист8пи!** Ѓаконот приоѓа, се поклонува говорејќи: **Се прихожд8...** Свештеникот го поделува делот **XC** на две, едната половина му ја дава на ѓаконот со зборовите: **(Ѝмѧрекъ) свѧщеннодїакон8...**, ѓаконот му ја целива десницата на свештеникот, оди кон челото на престолот и, наведнувајќи ја главата, се моли како и свештеникот, кој ја зема втората половина од **XC** на дланката, говорејќи: **Честное ѝ пресвѧтое тѣло ѝ кровь...** и, наведнувајќи ја главата, се моли, говорејќи: **Вер8ю господи... Вечери твоеѧ...**, **Да не въ с8дъ...**, и така се причестува со светите тајни; потоа свештеникот ја зема губата, ги очистува рацете внимателно, говорејќи: **Слава тебѣ Боже...** (трипати), ја целива губата и ја остава на местото; го зема св. путир со убрусот, со двете раце, и пие од него, не кажувајќи ништо; зема парче од нафората, ги трие усните и рацете, застанува малку понастрана и ја

чита молитвата: **Благодаримъ тѧ**..., ѓаконот сега не пие од чашата туку дури после Задамвоната молитва и по употребата на останатите честички. Ако има причесници, се постапува како и претходно. Овде не може да се причестуваат малите деца (доенчињата).

(Ако служи свештеникот без ѓакон, и тој не пие од св. путир веднаш по причестувањето туку по завршената св. литургија, кога ќе ја употреби св. тајна). Ѓаконот го зема св. дискос, го наднесува над св. путир и со губата спушта сѐ од него во путирот, не говорејќи ништо, го целива и ги остава св. дискос и ѕвездичката на свитканиот воздух и покривката, го свиткува антиминсот и на него го става св. путир, кој го покрива со неговата покривка. За време на причестувањето, пејачите го пеат: **Вкѹсите и̑ видите**... (ако на светиот или на храмовиот празник се читал апостол и евангелие, се пее и друг *причастен*, што е предвиден). По св. причестување, свештеникот тивко ја чита молитвата: **Благодаримъ тѧ**..., потоа со ѓаконот ја тргнуваат завесата, ги отвораат светите двери и ѓаконот кога ќе го земе св. путир, свртен со лицето кон народот, стоејќи на дверите, изговара: **Со страхомъ божїимъ**..., пејачите пеат: **Благословлю господа**..., свештеникот: **Спаси Боже люди твоѧ**..., а пејачите: **Хлѣбъ небесный**..., свештеникот ја покадува **сѵ̑там** (трипати), ја предава кадилницата на ѓаконот, го зема св. дискос со дарците и го става на главата на ѓаконот, а ѓаконот, држејќи го со двете раце, гледа надвор од дверите и ништо не говорејќи го носи на жртвеникот и таму го остава; свештеникот се поклонува пред св. путир, го зема во десната рака, се свртува кон народот, го покажува и тивко ќе рече: **Благословенъ Богъ нашъ**..., и гласно: **Всегда нынѣ и присно**..., пејачите: **а̑минь**; **Да исполнѧтсѧ оу̑ста наша**...; сега свештеникот го остава св. путир на жртвеникот, ѓаконот го прекрстува орарот и низ северната врата излегува на амвонот каде што говори: **Прости пр̈їмше**..., свештеникот го зема евангелието и, правејќи крст со него над собраниот антиминс, возглас: **Ѩкѡ ты е̑си ѡ̑свѧщенїе**..., го положува евангелието врз антиминсот, го зема служебникот и со него излегувајќи од олтарот, низ св. двери на солеата, зад амвонот, говори: **Съ миромъ и̑зыдемъ**; пејачите: **Ѻ и̑мени господни**. Ѓаконот, стоејќи

пред иконата на Спасителот, вели: **Господ8 помолимсѧ**; пејачите: **Господи помил8й**; свештеникот ја чита гласно молитвата: **Владыко вседержителю...**, пејачите: **Б8ди ймѧ господне...** (трипати), **Слава... й нынѣ...**, **Благословлю господа...** и 33. псалм. Свештеникот, стоејќи на св. двери, го благословува народот со: **Благословеніе господне...**, се свртува со лицето кон св. престол и вели: **Слава тебѣ Хрїсте Боже...**, читачот: **Слава... й нынѣ...**, **Господи помил8й** (трипати), **Благослови** и свештеникот, стоејќи на дверите, свртен сега кон народот, го кажува отпустот: **Хрїстосъ йстинный Богъ нашъ...** и останатото според денот, споменувајќи го и оној светител на кого е денот, и **Иже во сѧтыхъ ѻтца нашегѡ Григорїа, Двоеслова... и всѣхъ сѧтыхъ...** до Страсната недела; а на Велики Понеделник, на Велики Вторник и на Велика Среда, го кажува отпустот: **Грѧдый Господь на вольн8ю страстъ...**, пејачите: **Яминь.** Свештеникот ги затвора дверите, ја повлекува завесата, излегува на солеата и разделува нафора, потоа се враќа во олтарот (ако нема ѓакон) ја употребува **сѧтам** и ги кажува благодарствените молитви. **Нынѣ Ѿпѹщаеши...**, **трисѧтое** и по **Отче нашъ...**, тропарот на св. Григориј Двоеслов; **Слава... й нынѣ...**, **Предстательство...**, **Господи помил8й** (12 пати); **Честнѣйш8ю...**, **Слава... й нынѣ...** и отпуст.

Денови во кои не се служи никаква литургија се следните:

1) во среда и во петок од Сиропусната (Белата) недела, освен ако во тие денови не се случи Сретение или не е храмов празник, но тогаш се служи Златоустова литургија;

2) во понеделник, во вторник и во четврток од Првата недела од Великиот пост, освен ако во понеделникот од оваа недела не се случи Сретение;

3) на Велики Петок, освен ако Благовештение не се случи на тој ден, кога се служи литургија на св. Јован Златоуст;

4) во петокот пред Божик и пред Богојавление, ако тие празници се случат во недела или во понеделник.

ГЛАВА ДВАНАЕСЕТТА

а) Како служат литургија двајца или повеќе свештеници со ѓакон?

Кога служат литургија повеќе свештеници со ѓакон, најстариот свештеник по чин или по ракополагање го кажува возгласот: **Ѩкѡ подобаетъ тебѣ**...; возгласот **Ѩкѡ твоѧ держава**... го кажува помладиот свештеник, а најмладиот: **Ѩкѡ благъ**... Ако служат само двајца свештеници, помладиот ги кажува двата последни возгласи. При развиткувањето на антиминсот учествуваат сите свештеници.

Најстариот свештеник го кажува возгласот: **Ѩкѡ милостивъ**..., помладиот: **Да ѝ тїи съ нами**..., а најстариот го прекрстува антиминсот со губата. Третиот го кажува возгласот: **Ѩкѡ подобаетъ**..., а возгласот: **Ѩкѡ да подъ державою**... го кажува најстариот. Кога служат двајца свештеници, постариот ги кажува 1. и 4. возглас, а помладиот 2. и 3. Кој што кажува на големиот вход е кажано порано. Кога постариот свештеник ќе го пренесе путирот од престолот на проскомидијата, помладиот го свиткува антиминсот.

б) Како служат литургија двајца или тројца свештеници без ѓакон?

Кога служат литургија двајца или тројца свештеници без ѓакон, најмладиот проскомидисува, големата и сугубата ектенија со возгласите ги кажува најстариот свештеник, останатите ектении и возгласите ги кажуваат останатите свештеници со ред. На малиот вход најстариот го носи евангелието и кажува: **Премѫдрость прости**, и возгласот: **Ѩкѡ свѧтъ ѣси**..., по **трисвѧтое**, вториот свештеник вели: **Вонмемъ**, првиот: **Миръ всѣмъ**, а третиот: **Премѫдрость**. Најстариот кади пред читањето на евангелието и го чита евангелието; на големиот вход најстариот свештеник ги носи дискосот и путирот, вториот носи крст, третиот:

копјето, губата, лажичката итн. По возгласот: **Милостїю и҆ щедротами...**, најстариот свештеник говори: **Миръ всѣмъ...** и останатото до: **И҆ да бꙋдꙋтъ...**, **Со страхомъ божїимъ...**, **Всегда нынѣ...** и отпустот.

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ! Кога служат повеќе свештеници, сите молитви на литургијата што се читаат тивко мораат да ги читаат сите свештеници. Затоа кога нема ѓакон, мора да се пее големо **Господи помилꙋй**, **Тебѣ Господи** и **А҆минь** каде што е потребно.

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ! Ако на литургијата треба да се освети славски колач, по Задамвоната молитва, се пеат: тропарот, **Слава... и҆ нынѣ...** и кондакот на светиот. За тоа време ѓаконот крстовидно го покадува колачот што е поставен на масичката на солеата, обично на амвонот. Потоа ѓаконот: **Господꙋ помолимсѧ!** Свештеникот ја чита над коливото молитвата: **Всѧ совершивый словомъ твоимъ господи...** (во служебникот); пејачите: **а҆минь. Бꙋди и҆мѧ Господне...** (трипати) и останатото при крајот на литургијата.

ВНИМАВАЈ! Ако на литургијата треба да се изврши спомен на мртвите над коливо, по Задамвоната молитива: **трисвѧтое**, а свештеникот или ѓаконот го покадуваат коливото крстовидно. По возгласот, тропарите: **Со дꙋхи праведныхъ...**, **Въ покоищи твоемъ...**, **Слава...**, **Ты е҆си Богъ...**, **и҆ нынѣ...**, **Єдина чистаѧ...**, потоа ѓаконот или свештеникот ја кажуваат ектенијата: **Помилꙋй насъ Боже...**, **Єще молимсѧ ѡ҆ оу҆покоенїи...** и останатото, споменувајќи ги починатите како што е назначено во служебникот во Златоустовата литургија. Следува молитвата: **Боже дꙋхѡвъ...**, со возгласот: **Ꙗкѡ ты є҆си воскресенїе...**, пејачите: **а҆минь, Бꙋди и҆мѧ Господне...**(трипати) и останатото на крајот од литургијата.

ГЛАВА ТРИНАЕСЕТТА

ПРАВИЛА КОГА СВЕТИОТ ЌЕ СЕ СЛУЧИ ВО САБОТА ИЛИ ВО НЕДЕЛА

а) Кога во *сабота* ќе се случи светител кој има полиелеј

Во петокот на ***вечерната*** се пее: **Блаженъ мѫжъ...**, 1. антифон. На **Господи воззвахъ...**, стихири на светителот на 6. **Слава...**, самогласен, **и нынѣ...**, првиот богородичен на гласот што преовладува.

ВНИМАВАЈ! Ако светиот има бдение:

– на ***малата вечерна***: стихири на светиот на 4, подобни, **Слава...**, самогласен на светитјата, **и нынѣ...**, обичен богородичен од гласот на светиот. На стиховните: стихири на светиот, **Слава...**, на светиот, ако има, а ако нема: **Слава... и нынѣ...**, богородичен според гласот. Мала ектенија како на воскресната вечерна и мал отпуст;

– на ***големата вечерна*** по 103. псалм, **Блаженъ мѫжъ...**, 1. антифон. На **Господи воззвахъ...**, стихири на светиот на 8. **Слава...**, на светиот, **и нынѣ...**, првиот богородичен од гласот што преовладува. Ако е пред или попразненство: На **Господи воззвахъ...**, стихири на празникот 3 и на светиот 5. **Слава...**, на светиот, **и нынѣ...**, богородичен од гласот што преовладува. **Входъ**. *Прокимен* на денот и паримии на светиот 3; на *литијата*: стихира на храмот и на светиот. На стиховните, стихира на светиот, **Слава...**, на светителот, **и нынѣ...**, богородичен според гласот на светиот или на празникот. На **благословенїи хлѣбѡвъ**: тропар на светиот (двапати) и: **Богородице дѣво...** (еднаш). **Бѫди имѧ Господне...** (трипати) и 33. псалм;

– на ***утрената***: на **Богъ господь...**, тропар на светиот (двапати), **Слава... и нынѣ...**, првиот богородичен на гласот што преовладува. Ако е пред или попразненство, тропарот на празникот (двапати), **Слава...**, на светиот, **и нынѣ...**, на празникот. Катизма 16., мала ектенија, *седален* на светиот (двапати), **Слава... и нынѣ...**, богородичен и катизма 17., непорочните, а свештеникот сега не кади, туку на *полиелејот*. *Седален* на светиот (двапати), **Слава... и нынѣ...**, богородичен и полиелеј на све-

тителот, величание и *седален* (двапати), Слава... и нынѣ..., богородичен. *Степени* 4. глас, прв антифон. *Прокимен* на светиот; Всѧкое дыханїе..., евангелие на светиот, 50. псалм и стихира на светиот; Спаси Боже люди... Канон на Богородица од утрената од минатата недела на 6, ирмос по 2, тропари на 4. (Ако е храмот Христов или на Богородица, или ако е пред или попразненство, се пее нивниот канон со ирмосите на 6. и на светиот на 8; катавасија според уставот). По 3. песна, кондак на претпразненството или на празникот. *Седален* на светиот (двапати), Слава... и нынѣ..., богородичен или на празникот. По 6. песна, кондак на светиот, икос и пролог. По 9. песна, *светилен* на светиот (двапати), Слава... и нынѣ..., богородичен или на празникот. На *хвалите*, стихири на светиот на 4; ако е во попразненство, на 6: на празникот 3, што се на стиховните на тој ден и на светиот 3; Слава..., на светиот самогласен, и нынѣ..., богородичен според гласот на светиот или на празникот. *Големо славословие*. Тропар на светиот, Слава... и нынѣ..., богородичен воскресен на гласот што преовладува или на празникот. Ектенија, отпуст и првиот час. На ***првиот час***, тропар на светиот, ако е пред или попразненство, тропар на празникот. Слава..., на светиот, и нынѣ..., богородичен од часовите. По Отче нашъ..., кондак на светиот; во претпразненство или попразненство: кондакот на празникот и на светиот наизменично и отпуст;

– на ***литургијата блажени*** на светиот, 3. и 6. песна. Ако е во попразненство, редовната песна на празникот и на светиот 6. песна. По Вхдъ, тропарот на храмот Христов и на Богородица и на дневниот светител. Слава..., кондак на светиот, и нынѣ..., на храмот на Богородица, а каде што не е храм на Богородица, и нынѣ..., Предстателство Хрїстїанъ..., а во претпразненство или попразненство на некој празник: и нынѣ..., неговиот кондак. Ако е претпразненство или попразненство на Христов празник, а храмот е Христов, тропарот и кондакот на храмот не се пеат, туку тропарот и кондакот на претпразненството или на празникот. Тропарот и кондакот на храмот на Богородица не се пеат во претпазненство или попразненство на Христовите празници. *Прокимен* на светиот, апостол и евангелие и *причастен* на светиот на кого му се служи бдение. Ако светиот

е со полиелеј, се додаваат: *прокимен*, апостол, евангелие и *причастен* на денот.

б) Кога се пее во *сабота* Богъ Господъ

Во петок на *вечерната* по обичната катизма на **Господи воззвахъ**..., стихири подобни на светиот од Минејот на 6; **Слава**..., самогласен на светиот, ако има, ако нема, **Слава... и нынѣ**..., првиот богородичен од гласот што преовладува. На стиховните стихири од Октоихот маченични 3 од гласот, **Слава**..., на светиот, ако има, ако нема: **Слава... и нынѣ**..., богородичен. По **трисвѧтое**, тропар на светиот, **Слава... и нынѣ**..., богородичен од гласот што преовладува. Ектенија и отпуст.

ВНИМАВАЈ! Ако светиот нема тропар, не се пее **Богъ господь**..., туку **Аллилѹїа**.

На *утрената*: на **Богъ господь**..., тропар на светиот (двапати), **Слава... и нынѣ**..., првиот богородичен, според гласот на тропарот на светиот. Катизма 16, ектении и *седални* од Октоихот, маченичен (двапати), 1. и 2. **Слава... и нынѣ**..., првиот богородичен од гласот што преовладува, потоа непорочните; *седални* и маченичен (двапати), 3. и 4. и покоен. **Слава... и нынѣ**..., богородичен, 50. псалм и каноните 3: на светиот од Минејот со ирмосите на 6, на храмот на светиот на 4 и од Октоихот маченичен на 4 (покојниот се пее во петок на повечерието). Кон каноните се припојува песната: **Поимъ Господеви**... По 3. песна, *седален* на светиот од Минејот, **Слава... и нынѣ**..., богородичен. По 6. песна, кондак и икос на светителот, ако има, и пролог. По 9. песна, светилен, прво на светиот, ако има, потоа **Слава**..., од Октоихот, **и нынѣ**..., богородичен. Ако нема, *светилен* од Октоихот: **Иже мертвыми**..., **Слава... и нынѣ**..., **Мы ѡ тебѣ**... На *хвалите*, не се пеат стихири од Октоихот, туку се пеат *стиховните*.

ВНИМАВАЈ! Ако светиот нема стихира на *хвалите*, тогаш веднаш доаѓа: **Тебѣ слава подобатъ**...

Ако се пеат стихири на светиот, на *хвалите*, тогаш не се кажува: **Тебѣ слава подобатъ**..., туку по стихирите се кажува: **Слава тебѣ показавшемѹ**..., ектенијата: **Исполнимъ оу҃тренюю**... Потоа на *стиховни* се пеат хвалитните стихири од Октоихот: 3 ма-

ченични: 1., 2. и 3. со обичните припеви: Йсполнихомсѧ завтра..., и И бѹди..., Слава..., на светиот самогласен, ако има; ако нема: Слава... и нынѣ..., нивниот богородичен. (Саботната стиховна изостанува, се пее само на утрената на 2., 3. и 4. сабота од постот; или ако се пее: Аллилѹїа, се пее стиховната од покојните и нивните припеви). Потоа Благо ѣсть..., трисвѧтое, тропарот на светиот, Слава... и нынѣ..., богородичен од гласот што преовладува од малите, потоа ектенија, првиот час и отпуст со многулетствие.

На *литургијата*: *блажени* од Октоихот на 6, ако светиот има на литургијата песна: 3. песна на светиот на 4 и од Октоихот на гласот на 4. По входот, тропарите одат вака: а) Ако е храмот Христов или на Богородица: тропар на храмот, на денот: Апостоли мѹченицы..., на редовниот светител и неговиот кондак. Ако има уште еден светител, кој има тропар и кондак, се кажуваат и тие. Ако светител во сабота нема ниту еден тропар и кондак, тогаш по дневниот тропар, се кажува за покој: Помяни Господи якѡ благъ..., Слава..., кондак: Со свѧтыми..., и нынѣ..., Йкѡ начатки... (Кога е мал светител, во сабота се изостава кондакот на храмот на Христа и на Богородица). Ако се случи светител со големо славословие, со полиелеј и со бдение, се зема вака: тропар на храмот Христов или на Богородица, на светиот кој се празнува (дневниот: Апостоли..., се изостава), Слава..., кондак на светиот кој се празнува, и нынѣ..., на храмот Христов или на Богородица. б) Ако е храмот на светител прво се кажува тропарот: Апостоли мѹченицы..., потоа тропарот и кондакот на редовниот светител. Ако нема: Помяни господи..., Слава..., Со свѧтыми..., и нынѣ..., Йкѡ начатки... (Тропар на храмот не се пее, бидејќи сите светии се наброени во тропарот на денот). Ако светиот е со големо славословие и со полиелеј, се пее: тропар на светиот на храмот и на светиот кој се празнува, кондак на храмот, Слава..., на светиот, и нынѣ..., Предстательство... Ако светиот е со бдение: тропар и кондак на светиот на храмот не се пее. *Прокимен*, апостол, евангелие и *причастен* на светиот, потоа на денот, бидејќи секогаш имаат предност апостолот и евангелието на редовниот светител, освен на Христовите празници. Вака се пее служба во сабота секогаш кога се пее: Богъ господь..., а ако

се случи во сабота Христов празник, целата служба се пее од празникот.

в) Кога во *сабота* се пее Аллилꙋїа

Во петок на *вечерната*: 18. катизма. На Господи воззвахъ..., стихири на светиот од Минејот 3, и од Октоихот маченични 3, – 2., 3. и 4., а првата се остава. Слава... и̂ нынѣ..., богородичен од гласот што преовладува, Свѣте тихїй... *Прокимен.* Сподоби господи... На стиховните: маченичен (еднаш) и на мртвите (двапати), Слава... и̂ нынѣ..., богородичен, трисвѧтое. По Отче нашъ..., тропар 2. глас: А̂постоли, мꙋченицы..., Слава..., Помѧни Господи..., и̂ нынѣ..., богородичен: Мати свѧтаѧ... Ектенија и отпуст.

На *утрената*: по вообичаениот почеток и шестопсалмието, наместо Богъ господь..., се пее: Аллилꙋїа, 2. глас (трипати), стиховите: 1. Блажени ꙗ̂же и̂збралъ..., 2. Памѧть и̂хъ въ родъ... и 3. Дꙋши и̂хъ во благихъ..., тропарот 2. глас: А̂постоли мꙋченицы и пророцы... (двапати), Слава..., Помѧни господи..., и̂ нынѣ..., богородичен: Мати свѧтаѧ...; катизма 16, мала обична ектенија, *седални* од Октоихот, маченични 3; вториот и третиот, а првиот се остава, потоа стихот: Дивенъ Богъ... и четвртиот маченичен, првиот богородичен се остава. Потоа стихот: Блажени ꙗ̂же и̂збралъ... и покојниот *седален* од гласот. Слава... и̂ нынѣ..., вториот богородичен и се пее 17. катизма со припевите: Благословенъ е̂си господи..., на 2. глас поделувајќи ја на два дела; по првата статија не се кажува: Слава... и̂ нынѣ..., туку на крајот се пее: Ꙗкѡ а̂ще бы не законъ..., (трипати) и ектенијата за умрените: Паки и̂ паки..., Єще молимсѧ ѡ̂ оу̂покоенїи дꙋшъ оусопшихъ рабовъ божїихъ (имѧрекъ)..., Ꙗкѡ да господь Богъ..., пејачите на секое: Господи помилꙋй (еднаш), Милости Божїѧ..., пејачите: Подай господи, ѓаконот: Господꙋ помолимсѧ, пејачите: Господи помилꙋй, свештеникот: Боже дꙋховъ..., пејачите: Господи помилꙋй (40 пати) и Ꙗкѡ ты е̂си воскресенїе..., пејачите: а̂минь, потоа се пее 2. статија: Твой е̂смъ а̂зъ..., припев: Спасе спаси мѧ..., на крајот: Жива бꙋдетъ... (трипати) и: Благословенъ е̂си..., и тропарите за мртвите: Свѧтыхъ ликъ ѡ̂брѣте..., и останатите, потоа ектенија за умрените и

ги споменува мртвите, пејачите говорат: Господи помилꙋй (40 пати), додека свештеникот ја заврши молитвата: Боже дꙋхов...; по возгласот, *седален* 5. глас: Покой спасе нашъ..., Слава... и҆ нынѣ..., богородичен: Ѿ дѣвы возсїѧвыи..., 50. псалм и канонот, прво од Минејот со ирмосите на 6, и од храмот на 4, и од Октоихот на 4, првиот. По 3. песна, мала ектенија, кондак и *седален* од Минејот. По 6. песна, ектенија за умрените, кондак 8. глас: Со свѧтыми..., икос и пролог. По 9. песна, светилен од Октоихот. На *хвалите*, 4 маченични стихири, Слава..., покоен, и҆ нынѣ..., богородичен. На *стиховните*, стихири подобни покојни, Слава... и҆ нынѣ..., богородичен. Благо є҆стъ..., трисвѧтое, и по Отче нашъ..., тропар 2. глас: Апостоли, мꙋченицы..., Слава..., Помѧни Господи..., и҆ нынѣ..., богородичен: Мати свѧтаѧ... и ектенијата. Потоа, Сый благословенъ Хрїстосъ Богъ..., Оу҆тверди Боже..., првиот час и отпуст. На часовите тропарите: Апостоли, мꙋченицы..., Слава..., Помѧни Господи... и҆ нынѣ..., богородичен од часовите. По Отче нашъ..., кондак: Со свѧтыми... и отпуст.

На *литургијата*: *блажени* од Октоихот на 6; по входот, тропари: Апостоли, мꙋченицы..., и Помѧни Господи..., Слава..., кондакот: Со свѧтыми..., и҆ нынѣ..., богородичен: Тебе и стѣнꙋ..., *Прокимен* гл. 8.: Веселитесѧ ѡ҆ господѣ... и за мртвите *прокимен*от: Дꙋшы ихъ во благихъ... Апостол од саботата, што е на ред, и вториот за мртвите. Евангелие, редовното од саботата и второ за мртвите. *Причастен*: Радꙋйтесѧ праведнїи..., втор за мртвите: Блаженни ꙗ҆же и҆збралъ...

г) Кога светител кој има бдение е во *недела*

Во сабота на *малата вечерна* на Господи воззвахъ..., воскресни стихири 4, Слава..., на светиот, и҆ нынѣ..., богородичен на гласот од малата вечерна. На стиховните еден воскресен стих и на светиот стиховни од големата вечерна со неговите припеви. Слава..., на светиот, и҆ нынѣ..., богородичен од истиот глас. По Отче нашъ..., воскресниот тропар, Слава..., на светиот,

и нынѣ..., првиот богородичен по гласот на тропарот на светиот.

На *големата вечерна:* предначинателный ѱаломъ, со своите припеви и катизмата. На Господи воззвахъ..., стихови 10, воскресни стихири на гласот 3; источна 1; на светиот 6, Слава..., на светиот, и нынѣ..., првиот богородичен од гласот. Входъ, *прокимен* на денот и 3 паримии на светиот. На *литијата* стихира на храмот и на светиот, Слава..., на светиот, и нынѣ..., богородичен по гласот на славата, со воскресните стиховни. На *стиховни*, воскресните стихири, Слава..., на светиот, и нынѣ..., богородичен од истиот глас. На: благословенїи хлѣбwвъ тропарот: Богородице дѣво... (двапати) и на светиот (еднаш).

На *утрената*: на Богъ господь..., воскресниот тропар (двапати), Слава..., на светиот, и нынѣ..., првиот богородичен по гласот на тропарот на светиот, а првиот богородичен од гласот што преовладува се пее по првиот *седален* на Слава..., и нынѣ..., По катизмата, воскресни *седални* од гласот што преовладува со припевите и нивните богородични. *Полиелеј, величание* и *Избраниот псалм* без Слава..., и нынѣ..., туку веднаш тропарите: Ѧггелскїй соборъ..., *ипакој* на гласот и двата *седални* на светителот. Слава..., полиелејниот *седален*, и нынѣ..., неговиот богородичен. *Степени*, од гласот, *прокимен*от, Всѧкое дыханїе... и воскресното евангелие; потоа: Воскресенїе Хрїстово..., и 50. псалм. Слава..., Молитвами ѧпостолwвъ..., и нынѣ..., Молитвами Богородицы..., воскресната стихира и останатото. Воскресен канон со ирмос на 4 и на Богородица на 2, и на светиот на 8; *катавасија* според уставот. По 3. песна, кондак и икос на светиот и неговиот *седален* (двапати); Слава..., и нынѣ..., богородичен. По 6. песна, воскресен кондак и икос и пролог. На 9. песна се пее: Честнѣишꙋю..., воскресен светилен. Слава..., на светителот, и нынѣ..., богородичен воскресен. На *хвалите:* воскресни стихири 4 и на светиот со славната 4; со припевите од стиховните на вечерната. Слава..., евангелската стихира, и нынѣ..., Преблагословенна ѣси... *Големо славословие*, тропар, само воскресниот, ектенија и неделен отпуст: Воскресый изъ мертвыхъ Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ... и првиот час. На часовите: воскресен тропар, Слава..., на светиот, и нынѣ..., богородичен од часовите. По Отче нашъ..., кондак на светиот. На останатите часови се

кажуваат наизменично кондакот на светиот и воскресниот кондак.

На *литургијата*: *блажени* според гласот на 6, и на светиот 3. песна на 4; по входот, воскресниот тропар и на храмот на Богородица (каде што е нејзин храмот), ако не е нејзин храмот: й нынѣ..., Предстателство хрїстїанъ... (*тропарите и кондаците на храмот на светиот во тие денови не се пеат како и тропарите и кондаците на храмот Христов*). *Прокимен*, апостол, евангелие и *причастен*, прво воскресно, а потоа на светиот.

д) Кога светител кој има полиелеј е во *недела*

Во сабота на *малата вечерна* се пее сè како што е кажано за светител кој има бдение во недела.

На *големата вечерна:* по катизмата, на Господи воззвахъ..., воскресни стихири 3; источна 1 и на светиот 6. Слава..., на светиот, й нынѣ..., првиот богородичен од гласот. Входъ, *прокимен* на денот и 3 паримии на светиот. На *литијата*, стихира на храмот и на светиот, ако има. Слава..., на светиот, й нынѣ..., првиот богородичен по гласот на славата. На *стиховни*, воскресните стихири од гласот. Слава..., на светиот, й нынѣ..., богородичен по гласот на славата. На: благословенїи хлѣбѡвъ тропарот: Богородице дѣво... (трипати).

На *утрената*: на Богъ господь...: воскресен тропар (двапати), Слава..., на светиот, й нынѣ..., богородичен воскресен по гласот на тропарот на светиот, а воскресниот богородичен се пее по првиот *седален* на Слава..., й нынѣ...; катизмите и воскресните *седални* со нивните богородични. *Полиелеј и величание* на светиот, и ѧггелскїй соборъ..., *ипакој* и *седален* на светиот по еднаш. Слава..., *седален* на светиот полиелеен, й нынѣ..., богородичен. *Степени* на гласот и *прокимен*, воскресно евангелие; Воскресенїе Хрїстово, 50. псалм и воскресната стихира. Воскресен канон со ирмосите на 4; крстовоскресен на 2; на Богородица на 2 и на светиот на 6; ако светиот има два канона, и двата канони на 8, а крстовоскресниот се остава. По 3. песна,

кондак и икос и *седален* на светиот (двапати). **Слава...**, **и нынѣ...**, неговиот богородичен. По 6. песна, воскресен кондак, икос и пролог. На 9. песна се пее: **Честнѣйшую...**, светилен воскресен, **Слава...**, на светиот, **и нынѣ...**, богородичен воскресен на гласот. На *хвалите*, воскресните стихири на гласот, на 4 и на светиот на 4 со славата и со нејзините припеви од вечерната. **Слава...**, евангелска стихира, **и нынѣ...**, **Преблагословенна єси...**, *големо славословие* и само воскресниот тропар, ектенија и отпуст: **Воскресый изъ мертвыхъ...** и првиот час. На првиот час: воскресен тропар, **Слава...**, на светиот, **и нынѣ...**, богородичен од часовите. По **Отче нашъ...**, кондак на светиот. На останатите часови наизменично воскресниот кондак и на светиот.

На *литургијата: блажени* на гласот, на 6, и на светиот 3. песна на 4; по входот, тропар и кондак, како што е назначено кога светиот има бдение во недела, само што овде се додаваат тропарот и кондакот на храмот на светиот.

ѓ) Кога светител, кој има стихири на 6, е во *недела*

Во саботата на *големата вечерна* катизма; на **Господи воззвахъ...**, воскресни стихири 3; источни 3 и на светиот 4. **Слава...**, на светиот, **и нынѣ...**, првиот богородичен од гласот. **Входъ**. *Прокимен* на денот и ектенијата: **Рцемъ вси...** На *литијата*: стихирата на храмот, **Слава...**, на светиот, ако има, ако нема: **Слава... и нынѣ...**, богородичен. (Ако светиот има големо славословие, се пее неговата стиховна на литијата). На *стиховни*, воскресните стихири, **Слава...**, на светиот, **и нынѣ...**, богородичен воскресен по гласот на светиот и останатото од бдението според обичајот.

На *утрената*: на **Богъ господь...**, воскресниот тропар (двапати), **Слава...**, на светиот, **и нынѣ...**, првиот богородичен според гласот на тропарот на светиот; а воскресен богородичен се пее после првиот *седален* на **Слава...**, **и нынѣ...**,; ако има двајца светии со свои тропари, се пее на **Богъ господь...**: воскресен тропар (еднаш), тропарот на првиот светител (еднаш), **Слава...**, тропарот на вториот светител, **и нынѣ...**, богородичен воскресен по гласот на тропарот на вториот светител и останатото, до канонот, воскресно. Воскресен канон со ирмосите на 4, крс-

товоскресен на 2, на Богородица на 2 и на светиот на 6, *катавасија* според уставот. По 3. песна, кондак, икос и *седален* на светиот (двапати) и неговиот богородичен. По 6. песна, воскресен кондак, икос и пролог. На 9. песна се пее: **Честнѣйшꙋю...**, воскресен светилен, **Слава...**, на светиот, **и нынѣ...**, воскресен богородичен од гласот. На *хвалите*, воскресни стихири 4 и на светиот со славата 4. (Ако светиот нема стихири на *хвалите*, се пеат воскресните стихири според обичајот). **Слава...**, евангелска стихира, **и нынѣ...**, **Преблагословенна єси...** *Големо славословие* и само воскресниот тропар, ектенија и отпуст: **Воскресый изъ мертвыхъ...** и првиот час. На првиот час: воскресниот тропар, **Слава...**, на светиот, **и нынѣ...**, богородичен од часовите. По **трисвѧтое**, воскресен кондак и останатото. (Ако светиот има славословие, по **трисвѧтое**, кондак на светиот; на останатите часови воскресен кондак и на светиот, наизменично).

На *литургијата*: *блажени* од гласот на 6 и на светиот 3. песна на 4. По входот, воскресен тропар, и на храмот на Богородица (каде што е храмот нејзин), и храмот на светиот (каде што е храмот на светиот) и на редовниот светител, потоа воскресен кондак и на храмот (на светиот). **Слава...**, кондак на редовниот светител, **и нынѣ...**, на храмот на Богородица, (ако не е нејзин храмот) **и нынѣ...**, **Предстательство хртїстїанъ...** Ако има двајца светии со своите тропари и кондаци, по входот, тие се пеат на следниот начин: воскресен тропар и на храмот на Богородица (каде што е нејзин храмот) и на храмот на светиот (каде што е храмот) и на редовниот прв светител, и на вториот редовен светител; воскресен кондак и на храмот на светител (каде што е храмот), кондак на првиот редовен светител, **Слава...**, кондак на вториот редовен светител, **и нынѣ...**, на храмот на Богородица (каде што е нејзин храмот), инаку каде што е храмот на светител: **и нынѣ...**, **Предстательство хрїстїанъ...** *Прокимен*, апостол, евангелие и *причастен*, прво воскресен, а потоа на светиот.

ГЛАВА ЧЕТИРИНАЕСЕТТА
ПОДЕЛБА НА ПРАЗНИЦИТЕ

Празниците што се слават секоја година во едни и исти денови во месецот се викаат **неподвижни празници**, како што се: Божик, кој се слави секогаш на 25 декември, Богојавление, на 6 јануари, Преображение, на 6 август итн.; празниците што секоја година ги менуваат деновите во месецот се викаат **подвижни празници**, како што се: Велигден, Цветници, Спасовден и Духови (Св. Троица).

Црковниот устав неподвижните празници ги дели на: **големи, средни** (два вида) и **мали** (два вида).

Големите празници во црковниот устав го имаат овој знак ⊕ (крст во круг); средните од првиот вид се означени со овој знак ☩ (крст во полукруг); а средните од вториот вид имаат само крст ✝ ; малите од првиот вид го имаат овој знак ☪ во црвена боја, а малите од вториот вид го имаат истиот знак ☪ само во црна боја.

За големите празници што го имаат овој знак ⊕ Типикот вели дека им се служи бдение и цела служба на празникот по уставот; тоа се Христовите празници и празниците на Богородица, двата празника на св. Јован Претеча: 24 јуни и 29 август и празникот на првоврховните апостоли на 29 јуни.

Има 12 големи празници, и тоа: 9 неподвижни, како што се: 1. Божик, 2. Богојавление, 3. Сретение, 4. Благовештение, 5. Преображение, 6. Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица), 7. Рождество на Пресвета Богородица (Мала Богородица), 8. Крстовден (на 14 септември) и 9. Воведение; и 3 подвижни, како што се: 10. Цветници, 11. Спасовден и 12. Духови. Воскресението, Велигден (Пасха) не се вбројува во овие големи празници затоа што Велигден е „празник над празниците".

Сите наброени празници се разликуваат од средните празници за кои се вели дека имаат бдение, со тоа што кај нив се пее сѐ од празникот, а кај средните се додава на утрената и богородичниот канон.

Иако празникот Обрезание Господово (1. јануари) не спаѓа во бројот на големите 12 празници, ниту тој има пред и попразненство, сепак во типикот се означува со знакот ☩ како голем празник, затоа што на тој ден на утрената се пеат само каноните на празникот. Освен овој празник, сите неподвижни големи празници имаат пред и попразненство. Колку денови трае пред и попразненството е наведено кај секој празник поединечно.

Средните празници со знакот ☩ имаат бдение и на утрената се додава богородичен канон. На средните празници со знакот ✞ не им се прави бдение. На вечерната се пее: **Блаженъ мѫжъ...**, првиот антифон; на **Господи воззвахъ...**, стихирите на 6 или произволно на 8, три паримии и на стиховните. На утрената полиелеј и евангелие, канон на 8, големо славословие и останатото според уставот.

Малите празници со црвен знак ☪ на вечерната имаат обична катизма; на **Господи воззвахъ...**, стихири на 6, на утрената канон на 6, големо славословие и останатата служба според уставот. На оние мали празници што имаат црн знак ☪ се ставени само на **Господи воззвахъ...**, стихири на 6, на утрената канон на 6, на литургијата според уставот.

Оние празници кои немаат никаков знак, имаат стихири на 3, а канон на утрената на 4.

ГЛАВА ПЕТНАЕСЕТТА

НЕПОДВИЖНИ ПРАЗНИЦИ

Неподвижните празници почнуваат од 1 септември, кога светата Православна црква слави **Начало Їндїкта**, т.е. Нова година, која се завршува на 31 август.

1. Нова година (**Начало Їндїкта**) (1 септември) кога е во *недела*

На малата вечерна воскресни стихири и на Богородица според обичајот. Воскресен тропар, **Слава... ѝ нынѣ...**, богородичен.

На *големата вечерна* се пее: **Блаженъ мѫжъ...** и целата катизма. На **Господи воззвахъ...**, воскресни стихири 3 и источна 1, на индиктот 3 и на св. Симеон 3; **Слава...**, на индиктот, **ѝ нынѣ...**, богородичен на гласот. **Входъ**, *прокимен* на денот и 2 паримии од индиктот и 1 од светиот. На *литијата* стихирата на храмот и *стиховните* на индиктот, **Слава...**, на светиот, **ѝ нынѣ...**, на индиктот, пишувана на *хвалите*. На *стиховни,* воскресните стихири со припевите. **Слава...**, на светиот, **ѝ нынѣ...**, на индиктот. На **благословенїи хлѣбѡвъ: Богородице дѣво...** (двапати) и на индиктот (еднаш) гл. 2. **Всем твари содѣтелю...**

На *утрената*: на **Богъ господь...**, воскресниот тропар (двапати), **Слава...**, на светиот, **ѝ нынѣ...**, на индиктот. По катизмите, воскресните *седални* со нивните богородични. По непорочните, тропарите **ѧ̑ггелскїй соборъ...** и *ипакој*. *Степени* и *прокимен*от на гласот: **Всѧкое дыханїе**, воскресно евангелие, **Воскресенїе Хрїстово...**, 50. псалм и воскресна стихира. Воскресниот канон со ирмосите на 4, на Богородица на 2, на индиктот на 4, и на светиот на 4, *катавасија*: **Крестъ начертавъ...** По 3. песна, кондак на индиктот и на светиот; *седален* на светиот (двапати), **Слава...**, **ѝ нынѣ...**, на индиктот. По 6. песна, воскресен кондак, икос и пролог; На 9. песна се пее: **Честнѣишѵю...**, воскресниот светилен, **Слава...**, на светиот, **ѝ нынѣ...**, на индиктот. На *хвалите*, воскресни стихири 4 и на индиктот 3, гл. 3. со припевите од индиктот, потоа самогласен на светиот гл. 2. со припевот: **Честна предъ господемъ...**, **Ѿ корене благагѡ...**, **Слава...**, евангелска

стихира, и нынѣ..., Преблагословенна еси... *Големо славословие* и само воскресниот тропар, ектении и отпустот: Воскресый изъ мертвыхъ..., и првиот час. На часовите воскресен тропар, Слава..., на индиктот, и нынѣ..., богородичен од часовите. По Отче нашъ..., кондак на индиктот. На третиот час: воскресен тропар, Слава..., на светиот, и нынѣ..., богородичен на часовите. По Отче нашъ..., кондак на светиот, а така и на останатите часови. Воскресен кондак, на индиктот и на светиот наизменично.

На *литургијата, блажени* на гласот на 4 и од каноното на индиктот 3. песна на 4, и на светиот 6. песна на 4; по Входъ, воскресниот тропар, на индиктот, на светиот, воскресен кондак, Слава..., на светиот, и нынѣ..., на индиктот, *прокимен*, апостол и евангелие, прво на индиктот и воскресното подзачало, потоа на светиот. *Причастен* на индиктот и на светиот.

2. Служба за претпразненство на Мала Богородица
(Рождества Богородицы)
(7 септември) кога ќе се случи во *недела*

Во сабота на *малата вечерна* воскресни стихири и на Богородица според обичајот. Воскресен тропар, Слава... и нынѣ..., неговиот богородичен.

На *големата вечерна* по катизмата на Господи воззвахъ..., воскресни стихири 3, источна 1, на претпразненство 3 и на мачениот 3. Слава..., на претпразненство, и нынѣ..., богородичен на гласот. На *литијата* стихирата на храмот и стихири од стиховните на вечерната на претпразненство; Слава... и нынѣ..., на претпразненство пишувана на утрената на *стиховните*. На стиховните, воскресни стихири, Слава..., и нынѣ..., на претпразненство. На благословеніи хлѣбѡвъ: тропарот: Богородице дѣво... (двапати) и на претпразненство (еднаш). (Ако нема бдение, по возгласот, воскресниот тропар, Слава..., на мачениот, и нынѣ..., на претпразненство).

На *утрената*: на Богъ господь..., воскресен тропар (двапати), Слава..., на мачениот и нынѣ..., на претпразненство. По катизмите, воскресни *седални* со нивните богородични; Ѧггелскїй соборъ..., степени и *прокимен* на гласот; воскресното евангелие.

Воскресенїе Хрїстово..., воскресен канон со ирмосите на 4, на Богородица на 2, на претпразненство на 4 и на маченикот на 4. *Катавасија*: Крестъ начертавъ... По 3. песна, кондак и икос на претпразненството и на маченикот; Слава..., *седален* на маченикот и нынѣ..., на претпразненство. По 6. песна, воскресен кондак и икос. На 9. песна се пее Честнѣйшꙋю... Воскресен *светилен*. Слава..., на маченикот, и нынѣ..., на претпразненството. На *хвалите*, воскресните стихири на 4, источна 1, на претпразненство подобни 3 од стиховните со припевите; Слава..., евангелската стихира, и нынѣ..., Преблагословенна єси... *Големо славословие*, воскресниот тропар, ектениите и неделниот отпуст.

На *литургијата блажени* од Октоихот на 6 и на претпразненство 3. песна на 4; по входот, воскресен тропар и на претпразненство; на храмот на светиот и на маченикот; воскресен кондак и на храмот на светиот; Слава..., на маченикот, и нынѣ..., на претпразненство. *Прокимен* од неделата пред Крстовден, гл. 6.: Спаси господи..., апостол и евангелие, прво од неделата пред Крстовден, апостол: къ Галатѡмъ, зач. 215, а евангелие, според Јована, зач. 9., потоа редовното неделно евангелие и на светиот; *причастен*: Хвалите господа... и на маченикот: Въ памѧть вѣчнꙋю...

3. Служба за Мала Богородица
(Рождество Богородицы)
(8 септември)

На *малата вечерна*, на Господи воззвахъ..., стихири на 4, глас 1. Слава... и нынѣ..., гл. 4. На стиховните стихири гл. 2., подобен со припевите. Слава... и нынѣ..., истиот глас. Тропарот на празникот, ектенија и отпуст: Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ, молитвами пречистыѧ своеѧ матере и всѣхъ сватыхъ...

На *големата вечерна* по 103. псалм, Блаженъ мѫжъ... На Господи воззвахъ..., стихири на 8, гл. 6.: Днесь йже на разѕмныхъ..., Слава... и нынѣ..., истото. Входъ. *Прокимен* на денот и 3 паримии. Ектенија: Рцемъ вси... и Сподоби господи... Исполнимъ вечернюю... На *литијата* самогласни стихири гл. 1. Начало нашегѡ спасенїѧ..., Слава... и нынѣ..., гл. 8. Въ благознаменитый день... На *стиховни* , самогласни стихири гл. 4. Всемїрнаѧ радость..., Слава... и нынѣ..., гл. 8. Прїидите вси вѣрнїи... На благословенїи хлѣбѡвъ: тропар на празникот (трипати), гл. 4.: Рождество твое Богородице дѣво... {Ако не би имало бдение, по Нынѣ ѿпѕщтаеши..., тропарот на празникот (еднаш) и отпуст}. Бѕди имѧ господне... (трипати) и псалм 33.

На *утрената*: на Богъ господь..., тропарот на празникот (трипати), по 1. катизма, *седален* гл. 4. По 2. катизма *седален* гл. 4, полиелеј и величание на празникот: Величаемъ тѧ пресвѧтаѧ дѣво, и чтемъ свѧтыхъ твоихъ родителей и всеславное славимъ рождество твое. Избраниот псалм: Помѧни господи Давїда..., *седален* гл. 8.: Да радѕетсѧ небо..., Слава... и нынѣ..., гл. 8. Степените гл. 4.: Ѻ ювности моеѧ..., *Прокимен* гл. 4.: Помѧнѕ имѧ твое въ всѧкомъ родѣ и родѣ..., Всѧкое дыханїе..., евангелие според Лука, зач. 4.: Во дни ѻны, воставши Маріамъ... и 50. псалм. Слава..., Молитвами Богородицы..., и нынѣ..., истото. Помилѕй мѧ Боже... и стихирата на празникот, гл. 6.: Сей день господень... Канони 2, гл. 2. и 8., ирмоси на двата канони по двапати, а тропарите на 12. *Катавасија*: Крестъ начертавъ..., По 3. песна, *седален* на празникот гл. 4., Слава... и нынѣ..., истиот. По 6. песна, кондак на празникот гл. 4.: Їѡакимъ и Ѧнна..., и икосот. На 9. песна не се пее: Честнѣишѕю..., туку припевите на празникот: Величай дѕше моѧ... и ирмосот: Чѕжде матеремъ..., на крајот катавасијата: Таинъ ѣси Богородице рай... Мала ектенија, светилен на празникот (двапати), Слава... и нынѣ..., Ѧдаме ѡбновисѧ... На *хвалите* стихири на 4, гл. 1.: Ѻ дивнагѡ чѕдесе..., Слава... и нынѣ..., гл. 6. Сей день... *Големо славословие*, тропарот на празникот (еднаш), ектенија: Помилѕй насъ Боже... и отпустот.

На *литургијата*: *блажени* од канонот 3. песна гл. 2. и 6. песна гл. 8. По входот, тропар на празникот. Слава... и нынѣ..., кондак. *Прокимен* гл. 3. Величитъ дѕша моѧ..., апостол: къ Фїлїпїсемъ, зач. 240: Сїе да мѕдрствѕетсѧ..., евангелие, според Лука,

зач. 54: Вныде Їс8съ во весь... Наместо: Достойно..., се пее ирмосот: Ч8жде матеремъ..., со припевот на празникот до Одание. (Вака се пее на сите Христови и Богородичини празници). *Причастен*: Чаш8 спасенїѧ...

Ако овој празник се случи во сабота пред Крстовден, се чита апостол и евангелие од саботата пред Крстовден во 13. ден од овој месец, а *прокименот* и причестниот се пеат на Обновување.

На вечерната не се кажува катизма. Вака е секогаш кога има бдение.

Овој празник се празнува 5 дена (Оданието е на 12 септември).

4. Служба за Мала Богородица
кога ќе се случи во *недела*

Во саботата на малата вечерна на Господи воззвахъ..., воскресни стихири на гласот на 4, Слава... и нынѣ..., на празникот. На стиховните, воскресна стихира 1 и на празникот *стиховни* од големата вечерна со припевите од празникот. Слава... и нынѣ..., на празникот. Воскресен тропар, Слава... и нынѣ..., на празникот, ектенија и отпуст.

На *големата вечерна:* по катизмата, на Господи воззвахъ..., воскресни стихири 3, источна 1 и на празникот 6. Слава..., и нынѣ..., на празникот. Ѳходъ. *Прокимен* и 3 паримии на празникот. На *литијата* стихири и Слава..., и нынѣ..., на празникот. На *стиховни*, воскресните стихири. Слава... и нынѣ..., на празникот. На благословенїи хлѣбwвъ: тропарот на празникот (трипати).

На *утрената*: на Богъ господь..., воскресниот тропар (двапати), Слава..., и нынѣ..., на празникот. Катизми и *седални* воскресни со нивните богородични. *Полиелеј*, величание, Ѧггелскїй соборъ... и *ипакој* на гласот. Двата *седални* на празникот. Слава..., *седалниот* по *полиелејот*, и нынѣ..., вториот. *Степени* на гласот; *прокимен* и евангелие на празникот. Воскресенїе Хрїстово..., 50. псалм. Слава..., Молитвами Богородицы..., и нынѣ..., истото, стихира на празникот. Воскресен канон со ирмосите на 4 и

на Богородица на 2 и двата канона на празникот, на 8. *Катавасија*: Крестъ начертавъ... По 3. песна, воскресен кондак, икос и *седален* на празникот. По 6. песна, кондак, икос на празникот и пролог. На 9. песна не се пеат припеви на празникот, но Честнѣйшꙋю... Светилен воскресен. Слава... и нынѣ..., на празникот. На *хвалите* воскресни стихири 4 и на празникот 4, со припевите од празникот; Слава..., на празникот, и нынѣ..., Преблагословенна єси... *Големо славословие* и воскресниот тропар; ектенија и отпуст: Воскресый изъ мертвыхъ...

На *првиот час*, тропарот воскресен, Слава..., на празникот, и нынѣ..., богородичен од часовите. По Отче нашъ..., воскресен кондак. Истото тоа и на останатите часови. Воскресен тропар, Слава..., на празникот, и нынѣ..., богородичен на часовите. Кондакот на празникот и воскресниот се говорат наизменично.

На *литургијата: блажени* воскресни на гласот на 6, и на празникот песна 3. на 4; потоа Входъ, па воскресниот тропар и на празникот, Слава..., воскресниот кондак, и нынѣ..., на празникот. *Прокимен*, апостол и евангелие прво од неделата пред Крстовден, потоа редовното и на Богородица. *Прокимен*от на гласот се остава. Наместо: Достойно..., се пее ирмосот: Чꙋжде матеремъ... *Причастен*: Хвалите господа... и на празникот: Чашꙋ спасенїѧ...

5. Служба за попразненство на Мала Богородица кога 9, 10 и 11 септември ќе се случат во *недела*

Во сабота на *малата вечерна* воскресни стихири и на Богородица според обичајот.

На *големата вечерна*, на Господи воззвахъ..., воскресни стихири 3, источна 1 и на празникот 3, што се на ред во тој ден и 3 на светиот од Минејот. Ако на светиот му се пее на 6 или ако има полиелеј, се пеат 3 воскресни стихири, 3 на празникот и 4 на светиот. Слава..., на светиот, а ако нема: Слава..., на праз-

никот, и нынѣ..., првиот богородичен од гласот. Входъ. *Прокимен* на денот и сугуба ектенија. На *литијата* стихири на празникот од вечерните стиховни на тој ден и на светиот, ако има *полиелеј*. Слава..., на светиот, ако има, инаку: Слава... и нынѣ..., на празникот. На *стиховни*, воскресните стихири. Слава..., на светиот, ако нема, Слава... и нынѣ..., на празникот. На Благословеніи хлѣбωвъ: тропарот Богородице дѣво..., (двапати) и на празникот (еднаш). (Ако нема бдение, по трисвѧтое: воскресен тропар, Слава..., на светиот, ако нема: Слава... и нынѣ..., на празникот).

На *утрената*: воскресниот тропар (двапати), Слава..., на светиот, ако нема: Слава..., и нынѣ..., на празникот. Катизма, воскресните *седални* со нивните богородични. *Полиелеј* (ако светиот го има) и Ѧггелскіій соборъ..., *ипакој* на гласот, *степени* и *прокимен* на гласот. Воскресно евангелие. Воскресеніе Хрїстово..., 50. псалм и останатото воскресно. Воскресен канон со ирмосите на 4, на Богородица на 2, на празникот на 4 и на светиот на 4. (Ако има полиелеј, воскресен канон со ирмосите на 4, на празникот на 4 и на светиот на 6). *Катавасија*: Крестъ начертавъ... По 3. песна, кондак на празникот и икос, и на светиот, ако го има, и неговиот *седален*. Слава... и нынѣ..., на празникот. По 6. песна, воскресен кондак и икос. На 9. песна се пее: Честнѣйшꙋю... Светилен воскресен, Слава..., на светиот, ако пак нема: Слава..., и нынѣ..., на празникот. На *хвалите*, воскресни стихири 4 и на празникот 4, од стиховните на тој ден со славата, со припевите од празникот. Ако светиот има стихири на *хвалите:* воскресни стихири 4, и на светиот со славата 4, со припевите: Слава..., евангелска стихира, и нынѣ..., Преблагословенна ѣси... Големо славословие, воскресен тропар, ектенија и отпуст: Воскресый изъ мертвыхъ... На првиот час: воксресен тропар, Слава..., на празникот, и нынѣ..., богородичен од часовите. По Отче нашъ..., кондак на празникот. На третиот час, воскресен тропар, Слава..., на светиот, ако нема. Слава..., и нынѣ..., на празникот. По трисвѧтое, кондак на празникот и воскресниот наизменично, ако има полиелеј, и на светиот.

На *литургијата блажени* на гласот на 6 и на празникот, редовната песна на 4, ако и светиот има песна: воскресните на 4, на празникот на 4, и на светиот 6. песна на 4; потоа: Входъ.

По входот, воскресниот тропар, на празникот, на храмовиот светител и на редовниот светител, ако има; воскресен кондак и на светиот на храмот или на светиите, Слава..., на светиот, ако има, ако нема, Слава..., на светиот на храмот, и нынѣ..., на празникот. *Прокимен*, апостол и евангелие прво од неделата пред Крстовден, потоа редовното и од светиот. Ирмос: Чѕжде матеремъ... *Причастен*: Хвалите господа..., и на светиот, ако има, ако нема, на празникот.

ВНИМАВАЈ! Во саботата пред Крстовден на литургијата, *прокимен* гл. 3.: Пойте Богѕ нашемѕ..., апостол: къ Коріндѧномъ, зач. 126. Евангелие, според Матеја зач. 39, потоа апостол и евангелие редовно во сабота и на светиот, ако има. *Причастен* на денот.

Ако се случи Оддание на Мала Богородица во сабота пред Крстовден, *прокимен* и *причастен* на празникот. Апостолот и евангелието прво од саботата пред Крстовден, а потоа на празникот.

Во неделата пред Крстовден на литургијата *прокимен* гл. 6.: Спаси господи люди твѡѧ..., апостол: къ Галатѡмъ, зач: 215. Евангелие, според Јована, зач 9., а потоа редовното неделно. *Причастен* на денот.

6. Служба за Оддание на Мала Богородица
12 септември кога ќе се случи во *недела*

Во сабота на *малата вечерна*: воскресни стихири според обичајот. На *стиховни*, воскресна стихира 1 и на празникот *стиховни* со своите припеви од големата вечерна. Слава... и нынѣ..., на празникот. Воскресниот тропар, Слава... и нынѣ..., на празникот.

На *големата вечерна*: по катизмата, на Господи возвахъ..., воскресни стихири 3, источна 1 и на празникот 6, што

се пеат на самиот празник. Слава..., на празникот, и нынѣ..., првиот богородичен на гласот. Входъ. На *литијата* стихири и Слава... и нынѣ..., на празникот. На *стиховни*, воскресните стихири. Слава... и нынѣ..., на празникот. На благословенїи хлѣбwвъ: тропар: Богородице дѣво... (двапати) и на празникот (еднаш). (Ако нема литија, воскресниот тропар, Слава... и нынѣ..., на празникот).

На *утрената*: на Богъ господь..., воскресниот тропар (двапати), Слава..., и нынѣ..., на празникот. По катизмите, воскресни *седални* со нивните богородични; ѧгγелскїй соборъ..., *ипакој* на гласот. *Степени* и *прокимен* на гласот. Воскресно евангелие; Воскресенїе Хрїстово..., 50. псалм, и воскресна стихира. Воскресен канон со ирмосите на 4, на Богородица на 2, и на празникот двата канони на 8. *Катавасија:* Крестъ начертавъ... По 3. песна, кондак и икос на празникот и *седален* на празникот (двапати). По 6. песна, воскресен кондак, икос и пролог. На 9. песна се пее: Честнѣйшѫю... Светилен воскресен, Слава... и нынѣ..., на празникот. На *хвалите*, воскресни стихири на 4 и на празникот со славата на 4, со припевите на празникот. Слава..., евангелска стихира, и нынѣ..., Преблагословенна еси... *Големо славословие.* Воскресен тропар, ектенија и отпуст: Воскресый изъ мертвыхъ... На часовите: воскресен тропар, Слава..., на празникот, и нынѣ..., богородичен од часовите. По Отче нашъ..., кондак на празникот и воскресниот, наизменично.

На *литургијата блажени* на гласот 6 и на празникот 9. песна на 4. Потоа: Входъ, воскресниот тропар и на празникот, Слава..., воскресен кондак, и нынѣ..., на празникот. *Прокимен*, апостол и евангелие од неделата пред Крстовден, редовно неделно и на Богородица. Наместо: Достойно..., ирмос на празникот: Чѫждее матеремъ... *Причастен*: Хвалите господа съ небесъ... и на празникот: Чашѫ спасенїѧ...

7. Служба за претпразненство на Крстовден и на Обновување на Храмот (13 септември) кога ќе се случи во *недела*

ТРЕБА ДА ЗНАЕШ! Ако Обновување на Храмот (13 септември) се случи во недела, се остава службата на св. Корнилиј и таа се пее кога ќе одреди настојателот, а воскресната служба со Обновување и со претпразненство на чесниот крст се пее вака:

– во сабота на *малата вечерна*: воскресни стихири и на Богородица според обичајот. Воскресен тропар, Слава... и҆ нынѣ..., богородичен;

– на *големата вечерна*: Блаженъ мѹжъ..., целата катизма; на Господи воззвахъ..., воскресни стихири 3, источна 1, на Обновувањето 3 и на претпразненството на Крстовден 3, гл. 5. пишувани на стиховните. Слава..., на Обновување, и҆ нынѣ..., првиот богородичен на гласот. Входъ и 3 паримии на Обновувањето. На *литијата* стихира на храмот и на Обновување, пишувани на *хвалите*. Слава..., гл. 5.: Иже въ нѣдрѣхъ..., и҆ нынѣ..., гл. 6.: Днесь древо..., На *стиховни*, воскресни стихири на гласот, Слава..., гл. 2.: Ѡбновленїе совершающе..., и҆ нынѣ..., на крстот, гл. 2.: Божественное сокровище... На благословенїи хлыбѡвъ, тропарот: Богородице дѣво... (двапати), и на Обновувањето (еднаш);

– на *утрената*: на Богъ господь..., воскресниот тропар (двапати), Слава..., на Обновувањето, и҆ нынѣ..., на претпразненството. Катизми, *седални* воскресни. Слава... и҆ нынѣ..., на Обновувањето. А҆ггелскїй соборъ..., *ипакој*. *Степени* и *прокимен* на гласот. Воскресно евангелие, Воскресенїе Хрїстово, 50. псалм и

воскресна стихира. Воскресен канон, на Богородица, на Обновувањето и на претпразненството. К*атавасија*: Крестъ начертавъ... По 3. песна, кондак и икос на Обвновувањето и *седален.* Слава... и нынѣ..., на прептразненството. По 6. песна, воскресен кондак, икос и пролог. На 9. песна се пее: Честнѣйшꙋю... *Светилен* воскресен. Слава..., на Обновување, и нынѣ..., на претпразненството. На *хвалите*, воскресни стихири 4, на Обновувањето 4, со припевите, Слава..., евангелска стихира, и нынѣ..., Преблагословенна ѣси... *Големо славословие*, воскресен тропар, ектении и отпуст: Воскресый изъ мертвыхъ... На часовите, воскресен тропар, Слава..., на Обновувањето, и нынѣ..., богородичен на часовите. По Отче нашъ..., воскресен кондак и на Обновувањето, наизменично;

– на *литургијата блажени* воскресни на гласот на 6 и на Обновувањето песна 3. на 4; по входот, воскресен тропар, на Обновувањето и на Претпразненството; воскресен кондак, Слава... и нынѣ..., на Обновувањето. *Прокимен*, апостол и евангелие на неделата пред Крстовден, редовното „подзачало“ и на Обновувањето. *Причастен*: Хвалите господа... и на Обновувањето.

ВНИМАВАЈ! Ако се случи Крстовден во недела, во саботата пред Крстовден на литургијата, *прокимен* само на Обновување, а саботниот *прокимен* пред Крстовден се остава. Апостол и евангелие на Обновување и во саботата пред Крстовден. *Причастен* на Обновувањето. Редовниот апостол и евангелието се прочитуваат понапред, а апостолот и евангелието од неделата пред Крстовден се прочитуваат во претходната недела.

8. Служба за Крстовден

(Воздвиженїе Честнагѡ Креста)

(14 септември)

ВНИМАВАЈ! Ако овој празник се случи во недела, не се пее ништо воскресно, само на утрената, по евангелието, се кажува: **Воскресенїе Хрїстово...**, а останатото е сè од празникот.

Пред почетокот на малата вечерна, свештеникот го зема чесниот крст, накитен со босилок, го положува на дискосот[19] и го поставува на жртвеникот.

На *малата вечерна* на **Господи воззвахъ...**, стихири на празникот на 4, гл. 1. **Слава... и нынѣ...**, гл. 6. **Свѣте тихїй...** *Прокимен* на денот и **Сподоби господи...** На *стиховните*, стихири гл. 2., со припевите, **Слава... и нынѣ...**, гл. 6. **Трисвѧтое**, тропар на празникот, мала ектенија и отпуст.

По отпустот на малата вечерна, се облекуваат: свештеникот (во епитрафил и фелон) и ѓаконот и одат кај жртвеникот. Ѓаконот откако ќе го покади чесниот крст, вели: **Благослови владыко!** Свештеникот: **Благословенъ Богъ нашъ..., трисвѧтое** и по **Отче нашъ...**, тропарот: **Спаси Господи люди..., Слава... и нынѣ..., Вознесыйсѧ на крестъ...** Свештеникот го подигнува крстот со дискосот над главата, го носи на престолот и го остава врз чесната трпеза на местото на евангелието, врз отворениот воздух, а евангелието го поставува малку погоре на десната страна од антиминсот, се запалува свеќа или кандило кое гори цела ноќ.

На утрената се пее Аллилѕїа и троичните од гласот, обични катизми и сѐ како што е назначено на денот 24 март.

ВНИМАВАЈ! Ако претпразненството се случи во среда од IV недела на постот, во вторник на *вечерната*: редовна катизма. На Господи воззвахъ..., стихири од Триодот 3, и на претпразненство 3. Слава..., на крстот, и нынѣ..., на претпразненство. *Прокимен* и читање на денот. На *стиховни*: стихири од Триодот, Слава..., на крстот, и нынѣ..., на претпразненство.

На *утрената*: во средата, канон од Триодот со ирмосите на 6 и на претпразненство на 4, а каде што е трипѣснецъ, канон на крстот со ирмоси на 4 и на претпразненство на 2, по два тропара за еден трипѣснецъ на 8 и на крајот ирмос на трипеснецот. По 3. песна, кондак на претпразненство и *седален* на денот. Слава... и нынѣ..., на претпразненство. По 6. песна, кондак и икос на крстот. По 9. песна, светилен троичен на гласот. На *хвалите:* стихири на крстот, пишувани на Господи воззвахъ..., останатите. На *стиховни*: од Триодот, Слава..., на крстот, и нынѣ..., на претпразненство. На првиот час се прави поклонување според обичајот.

Вака се пее служба на претпразненство и на крстот и во петок, ако се случи во таа недела.

ВНИМАВАЈ! Ако се случи претпразненство на Благовештение во *четврток* на IV недела од постот, во среда на Господи воззвахъ..., стихири на 10, од Триодот 6 и на претпразненство на 4. Слава..., на крстот, и нынѣ..., Входъ и останатата служба е предосветена.

ВНИМАВАЈ! Ако се случи претпразненство на Благовештение во *среда* на V недела од постот, се пее служба на претпразненство, стихири и канон во понеделникот во истата недела.

ВНИМАВАЈ! Ако претпразненство се случи во четврток од V недела од постот, се пее служба на претпразненство порано, во средата, заради големиот канон.

ВНИМАВАЈ! Ако претпразненство на Благовештение се случи во IV или во V недела од постот:

– на *големата вечерна*: на Господи воззвахъ..., воскресни стихири 3, источни 3 и на претпразненство 4. Слава..., на прет-

празненство, и҆ нынѣ..., богородичен на гласот и сѐ друго како и обично. На *утрената*: на Богъ господь..., воскресен тропар (двапати), Слава... и҆ нынѣ..., на претпразненство. Останатото е сѐ воскресно. Воскресен канон со ирмосите на 4 и на Богородица на 2, од Триодот на 4 и на претпразненство на 4. *Катавасија*: Ѿверзꙋ оу҆ста моѧ... По 3. песна, кондак на претпразненство, *седален* од Триодот, Слава... и҆ нынѣ..., на претпразненство. По 6. песна, воскресен кондак и икос. По 9. песна, воскресен светилен. Слава... и҆ нынѣ..., на претпразненство. На *хвалите:* воскресни стихири според обичајот, потоа стихот: Воскресни Господи... и стихира од Триодот. Слава..., истата стихира, и҆ нынѣ..., Преблагословенна є҆си... *Големо славословие*, воскресен тропар и сѐ останато обично.

Службите на св. Јован Лествичник и на Марија Египетска изостануваат во оваа недела, а се пеат кога ќе нареди настојателот.

ВНИМАВАЈ! Ако претпразненство се случи во V сабота на акатистот, во петокот на Господи воззвахъ..., стихири самогласни на ḋенот 2, на акатистот на 4 и на претпразненство 3. Слава..., на претпразненство, и҆ нынѣ..., на акатистот. Входъ. *Прокимен* и паримии на денот. Да и҆справитсѧ молитва... и предосветена литургија. На *утрената*: на Богъ господь..., тропар на акатистот (двапати), Слава... и҆ нынѣ..., на претпразненство, катизма, и по сите, со ред кондаците и икосите на акатистот. Канон на претпразненство со ирмосите на 6 и на акатистот на 8. *Катавасија*: Ѿверзꙋ оуста моѧ... По 3. и по 6. песна, кондаци и икоси. По 9. песна, светилен на акатистот (двапати), Слава... и҆ нынѣ..., на претпразненството. На *хвалите:* стихири на акатистот. Слава... и҆ нынѣ..., Ꙗзыка є҆гѡже не вѣдѧше... *Големо славословие* и отпуст.

ВНИМАВАЈ! Ако претпразненство на Благовештение се случи на Лазарева сабота, се пее служба во четвртокот од истата недела. Од Цветници до вторникот од Светлата недела овој празник нема претпразненство.

48. Служба за Благовештение на Пресвета Богородица (25 март)

Започнува од четвртокот на III недела од постот и достигнува до среда на Светлата недела.

На **Господи воззвахъ**..., стихири од Триодот на денот и на празникот, гл. 6., подобен: **Совѣтъ превѣчный**..., **Слава**... **и нынѣ**..., истиот глас, гл. 6.: **Посланъ бысть**..., **Входъ**, **Свѣте тихїй**... *Прокимен* и паримии на денот и 3 на празникот. **Да їсправитсѧ**... и продолжува предосветената литургија. (Ако нема предосветена, тогаш по паримиите: **Сподови господи**... На *стиховни*: самогласен на денот: **Слава**... **і нынѣ**..., **Днесь радость**... По **Нынѣ Ѿпѹщтаеши**..., тропар на празникот, ектенија и отпуст). Во 7 часот навечер бијат сите камбани и започнува *Големо повечерие* како и на Божик и се пее: **Съ нами Богъ**..., **Слава во вышнихъ**..., се прави *литија* според обичајот, стихира, гл. 1.: **Въ шестый мѣсѧцъ**... (ако е сабота или недела, **Слава**..., гл. 8.: **Да веселѧтсѧ небеса**..., **і нынѣ**..., **Благовѣствѹетъ Гаврїилъ**...), ако е посен ден, **Слава**... **і нынѣ**..., **Благовѣствѹетъ Гаврїилъ**... На *стиховни*: стихири на празникот, гл. 4. со припевите. **Слава**... **і нынѣ**..., истиот глас: **Днесь радость благовѣщенїѧ**... На **благословенїи хлѣбwвъ**, тропар на празникот, гл. 4.: **Днесь спасенїѧ**... (трипати).

На *утрената*: на **Богъ господь**..., тропар на празникот (трипати). По 1. катизма, двата *седални* од Триодот, без ектенија. По 2. катизма, ектенија и *седален* на празникот, гл. 1.: **Великїй Воевода**..., **Слава**... **і нынѣ**..., истото. По 3. катизма, *седален* на празникот, гл. 3.: **Днесь всѧ тварь**..., **Слава**... **і нынѣ**..., истото. *Полиелеј* и *величание*: **Архаггелскїи гласъ вопіемъ ти чистаѧ радѹйсѧ благодатнаѧ, господь съ тобою**... и Избраниот псалм **Боже сѹдъ твой**... По *полиелејот*, *седален*, гл. 4.: **Гаврїилъ съ небесе**, **Слава**... **і нынѣ**..., истиот глас: **Посланъ бысть**... *Степени*, 1. антифон од 4. глас. *Прокимен*, гл. 4.: **Благовѣстите день Ѿ дне, спасенїе Бога нашегw**. Евангелие според Лука, зач. 4.: **Доставши Маріамъ**..., па 50. псалм. **Слава**..., **Молитвами Богородицы**..., **і нынѣ**..., истото. Стихира, гл. 2.: **Благовѣствѹетъ Гаврїилъ**. Канон на празникот гл. 4., ирмосите по двапати, тропари на 12. *Катавасија*: **Ѿверзѹ оу҃ста**... (каде што има **трипѣснецъ**, катавасијата од Триодот). По 3. песна, *седален* на празникот, гл. 6.: **Слово божїе**..., **Слава**... **і ны-**

нѣ..., Посланъ бысть... По 6. песна, кондак, гл. 8.: Возбранной воеводѣ... и икос. На 9. песна не се пее: Честнѣйшꙋю... туку припевите на празникот: Благовѣствꙋй земле... и ирмос: Ꙗкѡ ѡ҆дꙋшевленномꙋ... На тропарите на трипеснецот им се додава припевот: Слава тебѣ Боже наш, слава тебѣ. Светилен на празникот (двапати), Слава... и҆ нынѣ..., Єже ѿ вѣка днесь... На *хвалите:* стихири, гл. 1., Слава... и҆ нынѣ..., гл. 2.: Єже ѿ вѣка... (ако е сабота или недела, *Големо славословие*, ектенија и отпуст). Ако е посен ден, *Мало славословие*, стиховни од Триодот, Слава... и҆ нынѣ..., на празникот. Да веселѧтсѧ... Потоа: Благо є҆сть..., трисвѧтое и тропар на празникот (еднаш), ектенија и три поклонувања и веднаш првиот час, посен, како што е изложено во понеделникот во првата недела од големиот пост со тропарот и со кондакот.

Литургијата започнува со *вечерна*, освен во сабота и во недела. На Господи воззвахъ..., стихири од Триодот и на празникот, гл. 4., самогласен: Въ шестый мѣсѧцъ... и на архангелот, гл. 1. Слава... и҆ нынѣ..., на празникот: Посланъ бысть... Додека се пеат стихирите, свештеникот прави проскомидија. Входъ со евангелие. Свѣте тихїи... *Прокимен* на денот, паримии на денот и на празникот 2. По читањето, мала ектенија со возглас: Ꙗкѡ свѧтъ є҆си... и Свѧтый Боже... *Прокимен*, гл. 4.: Благовѣстите день ѿ дне, спасенїе Бога нашегѡ. Апостол: къ Євреємъ, зач. 306.: Свѧтѧй и ѡ҆свѧщаемїи..., евангелие според Лука, зач. 3.: Во днѣхъ о҆нѣхъ зачатъ... и понатаму Златоустова литургија. Наместо Достойно..., ирмос: Ꙗкѡ ѡ҆дꙋшевленномꙋ... *Причастен*: Избра господь Сїѡна, и҆ и҆зволи є҆гѡ въ жилище себѣ.

ВНИМАВАЈ! Ако овој празник се случи во сабота од III или од IV недела на постот, во петокот на *вечерната* нема катизми. На Господи воззвахъ..., стихири од Триодот и на празникот. Слава... и҆ нынѣ..., на празникот, паримии на денот и на празникот 5, Да и҆справитсѧ... и понатаму предосветена литургија.

Во 7 часот навечер *Големо повечерие* и сѐ останато од празникот, *блажени* од канонот 3. и 6. песна.

ВНИМАВАЈ! Ако овој празник се случи во III недела од постот:

– на *вечерната* во саботата, катизма. На Господи воззвахъ..., воскресни стихири 3, на крстот 3 и на празникот 4. Слава..., на крстот, и҆ нынѣ..., на празникот, гл. 6.: Посланъ бысть съ

небесе... Вχодъ и паримии 5. На *литијата*: стихири на празникот гл. 1. и на крстот, пишувани на хвалите. Слава..., на празникот, и нынѣ..., на крстот. На *стиховни* : воскресни стихири: Слава..., на крстот, и нынѣ..., на празникот. На благословенїи хлѣбωвъ, тропар на празникот (двапати) и на крстот (еднаш);

– на *утрената*: на Богъ господь..., воскресен тропар (двапати), Слава..., на крстот, и нынѣ..., на празникот. Катизми. *Седални* воскресни со богородичните. *Полиелеј* и *величание* и сите *седални* од празникот. *Степени* на гласот. *Прокимен* на празникот, евангелие на празникот. Воскресенїе Хрїстово..., 50. псалм. Слава..., Молитвами Богородицы..., и ннынѣ..., истото и стихира на празникот. Воскресен канон на 4, на крстот на 4 и на празникот на 6. *Катавасија*: Ѿверзѕ оу҃ста моа... По 3. песна, кондак и икос на крстот, *седален* на крстот, Слава... и нынѣ..., на празникот. По 6. песна, кондак и икос на празникот. На 9. песна се пее: Честнѣйшѕю... Воскресен светилен, Слава..., на крстот, и нынѣ..., на празникот. На *хвалите:* воскресни стихири 4, и на празникот 4, гл. 1. Слава..., од Триодот самогласен на денот, и нынѣ..., Превлагословенна е҆сн... *Големо славословие* и се прави изнесување на крстот според правилото изложено во Триодот на тој ден;

– на *литургијата*: *блажени* на гласот на 4 и на празникот 3. песна на 4, и на крстот, 6. песна на 4. По входот, воскресен тропар, на крстот и на празникот, Слава..., кондак на крстот, и нынѣ..., на празникот. Наместо Свѧтый Боже..., се пее: Крестѕ твоемѕ... *Прокимен*, апостол, евангелие и *причастен*, прво од празникот, потоа од крстот. Наместо Достойно..., се пее ирмос: Ѩкω ѡ҆дѕшевленномѕ... Литургија на св. Василиј Велики.

ВНИМАВАЈ! Ако овој празник се случи во III, во IV или во V недела од постот, се служи литургија на св. Василиј Велики, само, ако се случи на Цветници, се служи Златоустова литургија.

ВНИМАВАЈ! Ако овој празник се случи во понеделник од IV, од V или од VI недела од постот: во неделата на вечерната: Блаженъ мѕжъ..., на: Господи воззвахъ..., стихири од Триодот 3 и на празникот 7. Слава... и нынѣ..., Посланъ бысть... Вχодъ. *Прокимен* на денот и 3 паримии на празникот. Ектенија: Рцемъ вси..., Сподоби господи..., Исполнимъ вечернюю... На *литијата*: стихири на празникот. Слава... и нынѣ..., на празникот. На *стиховни* сѐ на

празникот. На благословенїи хлѣбwвъ, тропар на празникот (трипати). На *утрената* и на *литургијата* се пее целата служба на празникот како што е назначено под бр. 48 на Благовештение. Во понеделникот на IV недела од постот, на првиот час се прави поклонување на крстот според обичајот.

ВНИМАВАЈ! Ако овој празник се случи во среда од Крстопоклона недела, изостануваат стихирите и канонот на крстот, и се пеат во понеделникот или во петокот на истата недела и се пее цела служба на празникот со средниот трипѣснецъ, а на првиот час на утрената се прави поклонување на крстот.

ВНИМАВАЈ! Ако Благовештение се случи во IV или во V недела од постот: во сабота на *вечерната*: Блаженъ мwжъ... На: Господи воззвахъ..., воскресни стихири 3, источна 1 и на празникот 6. Слава... и нынѣ..., Посланъ бысть съ небесе... Вход, *прокимен* на денот и 5 паримии на празникот. На *литијата*: стихири на празникот. Слава..., гл. 8., и нынѣ..., гл. 2. На *стиховни*: воскресни стихири, Слава... и нынѣ..., на празникот. На благословенїи хлѣбwвъ, тропар на празникот (трипати).

На *утрената*: на Богъ господь..., воскресен тропар (двапати), Слава... и нынѣ..., на празникот. *Седални* воскресни со богородичните. *Полиелеј, величание* и *седални* од празникот. *Степени* на гласот. *Прокимен* на празникот. Евангелие на празникот. Воскресенїе Хрїстово..., 50. псалм. Слава..., Молитвами Богородицы..., и нынѣ..., истото и стихира на празникот. Воскресен канон со ирмосите на 4, од Триодот на 4 и на празникот на 6. *Катавасија*: Ѿверзѕ оу҃ста моѧ... По 3. песна, *седален* на празникот, Слава... и нынѣ..., истото. По 6. песна, кондак и икос на празникот. На 9. песна се пее Честнѣйшѕю... Воскресен светилен и на празникот. На *хвалите:* воскресни стихири 4, на празникот 4, со припевите и со славите. Припев: Воскресни Господи... и се пее самогласната стихира на денот. Слава..., истата стихира, и нынѣ..., Преблагословенна еси... *Големо славословие* и воскресниот тропар.

На *литургијата*: *блажени* на гласот на 6 и на празникот 3. песна на 4. По входот: воскресен тропар и на празникот, Слава... и нынѣ..., кондак на празникот. *Прокимен*, апостол, евангелие и *причастен*, од неделата и на празникот. *Литургија* на св. Василиј Велики, ирмос на празникот.

ВНИМАВАЈ! Ако Благовештение се случи во среда од V недела на постот, се пее служба на претпразненство во понеделникот од истата недела, бидејќи големиот канон се поместува од четврток во вторник, т.е. во понеделник навечер, а Оддание на празникот се прави во четвртокот на утрената. Во среда, пак, се пее служба на вечерната, утрената и литургијата на празникот со Триодот како што е назначено под бр. 48 на Благовештение.

ВНИМАВАЈ! Ако истиот празник се случи во четврток од V недела на постот, тогаш големиот канон се поместува во вторник, а апостолскиот трипеснец се пее со празникот Благовештение и најпосле катавасија од Триодот.

ВНИМАВАЈ! Ако овој празник се случи во петок од V недела, служба на претпразненството се пее со стихирите и канонот во средата по ред заради големиот канон.

ВНИМАВАЈ! Ако Благовештение се случи во сабота на акатистот: во петокот на **Господи воззвахъ**..., стихири од Триодот и на празникот, **Слава... и нынѣ**..., на празникот: **Посланъ бысть**..., **Входъ** и паримии на денот и на празникот 5. **Да исправится**... и понатаму литургија на предосветените дарови.

Во петокот, во 7 часот навечер, ***Големо повечерие*** и *литија*. На *литијата*: стихири на празникот, гл. 1., **Слава... и нынѣ**..., **Благовѣствѕетъ Гаврїилъ**... На *стиховни*: самогласни стихири гл. 4., **Слава... и нынѣ**..., **Днесь радость**... На **благословенїи хлѣбѡвъ**, тропар на празникот (трипати).

На **Богъ господь**..., тропар на празникот (трипати). По 1. катизма, кондак: **Возбранной воеводѣ**... и се читаат кондаци и икоси по трипати и пак првиот кондак. По 2. катизма, пак 3 кондаци и 3 икоси и накрај кондакот: **Возбранной воеводѣ**... Потоа: *полиелеј*: **Хвалите имя господне**... *Величание* и сите *седални* од празникот. *Степени*, 1. антифон од 4. глас. *Прокимен* на празникот. Евангелие на празникот, 50. псалм и стихира на празникот. Канон на празникот со ирмосите на 8 и на акатистот на 6. *Катавасија*: **Ѿверзѕ оу҃ста моя**... (Четверопеснецот сега не се пее, туку во минатиот четврток на повечерието). По 3. песна, се читаат 3 кондаци и 3 икоси, и пак: **Возбранной воеводѣ**... и *седален* на празникот. По 6. песна, 3 кондаци и 3 икоси, па потоа кондакот **Ѻ всепѣтая мати**... (трипати) и првиот икос **Ѧггелъ предстатель**... и кондакот **Возбранной воеводѣ**... На 9. песна не се

пее Честнѣйшꙋю... туку припевите на празникот, кон тропарите од канонот на акатистот се припева: Пресвѧтаѧ Богородице спаси насъ и на крајот ирмосот Ѩкѡ ѡ҃дꙋшевленномꙋ... Светилен на празникот. На *хвалите:* стихири на празникот 4, гл. 1. Слава... и нынѣ..., Да веселѧтсѧ небеса... *Големо славословие* и тропар на празникот.

На *литургијата*: *блажени* на празникот, 3. и 6. песна на 8. По входот: тропар на празникот, Слава... и нынѣ..., кондак. *Прокимен*, апостол, евангелие и *причастен*, на празникот. Литургија на св. Јован Златоуст.

ВНИМАВАЈ! Ако истиот празник се случи на *Лазарева сабота*, во петокот на вечерната нема катизми. На Господи воззвахъ..., стихири од Триодот: Дꙋшеполезнꙋю... (двапати), на празникот 3, Совѣтъ превѣчныи... и на св. Лазар 5. Слава..., Дꙋшеполезнꙋю совершивше..., и нынѣ..., на празникот: Посланъ бысть... Входъ. *Прокимен* и паримии на денот, и на празникот 5, и понатаму, литургија на предосветените дарови.

Во петокот во 7 часот навечер се пее големо *повечерие*. На *литијата*: стихири на празникот и од Триодот. Слава..., Да веселѧтсѧ небеса..., и нынѣ..., Благовѣствꙋетъ Гаврїилъ... На *стиховни*: стихири на празникот. Слава..., Предсталъ ѥси гробꙋ..., и нынѣ..., Днесь радость... На благословенїи хлѣбѡвъ, тропар на празникот (трипати). На Богъ господь..., тропар на празникот (двапати). Слава..., Общее воскресенїе..., и нынѣ..., на празникот. По 1. катизма, *седален* од Триодот, гл. 1.: Ѹщедривъ Мардины и Маріины слезы... (двапати), Слава... и нынѣ..., на празникот. По 2. катизма, *седален* од Триодот, гл. 5.: Источникъ премꙋдрости... (двапати), Слава... и нынѣ..., на празникот. *Полиелеј*, *величание* и *седални* на празникот. *Степени*, 1: антифон од 4 глас. *Прокимен* и евангелие на празникот, Воскресенїе Хрїстово..., 50. псалм и стихира на празникот. Канон на празникот со ирмосите на 6 и на св. Лазар двата канона на 8, така и четверопеснецот. *Катавасија* на 2. канон на Лазар: Водꙋ прошедъ... По 3. песна, кондак, икос и *седален* на св. Лазар, Слава... и нынѣ..., на празникот. По 6. песна, кондак на празникот и икос. На 9. песна не се пее: Честнѣйшꙋю... туку припевите на празникот, кон тропарите на канонот од Триодот, припевот: Слава тебѣ Боже нашъ, слава тебѣ. *Катавасија*: Воистиннꙋ Богородицꙋ... и на крајот ирмосот: Ѩкѡ ѡ҃дꙋшевленномꙋ... Свѧтъ господь Богъ нашъ..., гл 1. *Светилен*

на празникот (двапати), Слава... и нынѣ..., на Лазара. На *хвалите:* стихири на празникот 3 и на светителот 3. Слава..., на светителот: Велїе и преславное..., и нынѣ..., на празникот: Єже ѿ вѣка таинство... *Големо славословие*, тропар на празникот, Слава... и нынѣ..., Общее воскресенїе...

На ***литургијата***: *блажени* на празникот, 3. песна на 4, и на светителот, 6. песна на 4. По входот: тропар на празникот, и на Лазара. Слава.. кондак на Лазара, и нынѣ..., кондак на празникот. Наместо Свѧтый Боже..., се пее: Єлицы... *Прокимен*, апостол, евангелие и *причастен*, прво на празникот, а потоа на Лазара. Наместо Достойно..., се пее ирмос на празникот: Ѩкѡ ѡдѕшевленномѕ... ***Литургија*** на св. Јован Златоуст.

ВНИМАВАЈ! Ако истиот празник се случи на ***Цветници***, во саботата на ***малата вечерна***: стихири на Цветници, на 4, Слава... и нынѣ..., на празникот. На *стиховни*: самогласни на празникот од големата вечерна со нивните припеви. Слава... и нынѣ..., на Цветници. Тропар на празникот. Слава... и нынѣ..., Общее воскресенїе...

На ***големата вечерна***: целата катизма Блаженъ мѕжъ...; на Господи воззвахъ..., стихири на празникот 3, повторувајќи ги сите и на Цветници 4. Слава..., на Цветници: Днесь благодать..., и нынѣ..., на празникот: Посланъ бысть... Входа. *Прокимен* на денот, паримии на празникот 5 и на Цветници 3. На *литијата*: стихири на празникот и на Цветници. Слава..., на Цветници: Прежде шести дней..., и нынѣ..., Благовѣствѕетъ Гаврїилъ... На *стиховни*: стихири на Цветници, гл. 8. Слава..., на Цветници: Днесь благодать..., и нынѣ..., Єже ѿ вѣка таинство... На благословенїи хлѣбѡвъ, тропар на празникот (двапати), на Цветници (еднаш), отпуст на Цветници.

На ***утрената***: на Богъ господь..., тропар на празникот (двапати). Слава... и нынѣ..., Общее воскресенїе... По 1. и 2. катизма, *седален* на Цветници, Слава... и нынѣ..., на празникот. *Полиелеј*, *величание* на Благовештение и *седален* на празникот. *Степени*, 1. антифон од 4. глас. *Прокимен* на Цветници: Изъ оу҃стъ младенецъ..., евангелие на Цветници според Матеја, зач. 83.: Єгда приближисѧ Іисѕсъ... По евангелието не се кажува Воскресенїе Хрїстово... туку 50. псалм, а свештеникот ги покадува зелените гранчиња и потоа ги осветува. Наместо Молитвами Богороди-

цы..., се пее: Слава..., гл. 2.: Днесь Хрїстосъ..., и нынѣ..., истото. Помилѹй мѧ Боже... и стихира гл. 6.: Днесь благодать сѧтаго Дѹха... Канон на празникот со ирмосите на 8 и на Цветници со ирмосите на 8. *Катавасии*, двете, секоја певница својот ирмос. По 3. песна, кондак, икос, на Цветници, и *седален*. Слава... и нынѣ..., на празникот. По 6. песна, кондак и икос на празникот. На 9. песна не се пее Честнѣйшѹю... туку припевите на празникот. Припев на Цветници: Слава тебѣ Боже наш, слава тебѣ. На крајот ирмосот Їѭкѡ wдѹшевленномѹ..., потоа на Цветници: Богъ господь и ѩвисѧ намъ..., Сѧтъ господь Богъ нашъ..., гл 1. и светилен на празникот (двапати). На *хвалите:* стихири на празникот 3 и на Цветници 3. Слава..., на празникот: Да веселѧтсѧ небеса..., и нынѣ..., на Цветници: Прежде шести дней... *Големо славословие*, тропарот Общее воскресенїе..., Слава... и нынѣ..., на празникот. Отпуст на Цветници.

На *литургијата*: *блажени* на празникот, 3. песна на 4 и на Цветници, 6. песна на 4. Входное: Благовѣстите день ѿ дне, спасенїе Бога нашегѡ. Тропар на празникот и на Цветници: Общее воскресенїе..., Слава..., кондак на Цветници: На Престолѣ на небеси..., и нынѣ..., на празникот. Возбранноі воеводѣ... *Прокимен* на Цветници и на празникот, апостол, евангелие и *причастен*, на празникот и на Цветници. Наместо Достойно..., се пее ирмос на Цветници: Богъ господь и ѩвисѧ намъ... (каде што е храмот на Благовештение, се пее ирмосот Їѭкѡ ѡдѹшевленномѹ...). *Литургија* на св. Јован Златоуст. Отпуст на Цветници.

ВНИМАВАЈ! Ако истиот празник се случи на ***Велики Понеделник***, на ***малата вечерна***: стихири на празникот на 4, Слава... и нынѣ..., на празникот. На *стиховни*: од празникот на големата вечерна, Слава... инынѣ..., на празникот. Тропар на празникот.

На *големата вечерна*: Блаженъ мѹжъ..., на Господи воззвахъ..., стихири на празникот на 6 и на Цветници на 4. Слава..., на Цветници, гл. 6.: Имѣй престолъ..., и нынѣ..., на празникот: Посланъ бысть... Входъ. *Прокимен* на денот и паримии на празникот 3. На *литијата*: стихири на празникот, Слава... и нынѣ..., на празникот. На *стиховните*: стихири од Триодот на денот, Слава..., на Цветници: ѽ вѣтвей и ваїй..., и нынѣ..., на празникот. На

благословенїи хлѣбωвъ, тропар на празникот (трипати). Отпуст: Грѧдыи Господь на волнѹю...

На *утрената*: на Богъ господь..., тропар на празникот (трипати). По 1. и 2. катизма, *седален* од Триодот на денот, а по 3. катизма, мала ектенија, *седален* на празникот. *Полиелеј*, *величание* и *седален* на празникот. *Степени*, 1. антифон од 4. глас. *Прокимен*, гл. 4.: Благовѣстите день ѿ дне..., евангелие на празникот, 50. псалм и стихира на празникот. (Евангелието на денот се изостава во било кој ден од оваа недела да се случи Благовештение). Канон на празникот со ирмосите на 6 и трипѣснецъ на 4. *Катавасија* од Триодот. (Каде што нема трипѣснецъ, канон и катавасија на празникот). По 3. песна, кондак и икос на денот и *седален* на празникот. По 6. песна, кондак и икос на празникот. На 9. песна не се пее: Честнѣйшѹю... туку припевите на празникот; кон тропарите на трипеснецот се додава припевот: Слава тебѣ Боже наш, слава тебѣ и завршува со ирмосот Ѩкѡ wдѹшевленномѹ... Светилен на празникот, Слава..., на денот, и̂ нынѣ..., на празникот. На *хвалите:* стихири на празникот, Слава..., на празникот: Єже ѿ вѣка..., и̂ нынѣ..., на денот: Изсохшїѧ смоковницы... Потоа се чита: Слава тебѣ показавшемѹ... и ектенијата Исполнимъ оу̑тренюю... На *стиховни*: стихири на денот, гл. 1.: Грѧдый господь..., со припевите. Слава..., гл. 8.: Второю Єѵ̀..., и̂ нынѣ..., на празникот: Да веселѧтсѧ небеса..., Благо єсть їсповѣдатисѧ... и трисвѧтое. Тропар на празникот и ектенијата Помилѹй насъ Боже... и, по возгласот, 3 поклонувања. Прїидите поклонимсѧ... (трипати) и првиот час, на кој се чита тропар и кондак на празникот; отпуст: Грѧдый господь...

Еден час пред литургијата се служат часовите и се чита Тетроєѵаггелїе како што е пропишано за Големата недела.

На *литургијата*: која започнува со вечерна без катизми, на Господи воззвахъ..., стихири на денот 5 и на празникот 5. Слава..., на денот: Изсохшїѧ смоковницы..., и̂ нынѣ..., на празникот. Входъ со евангелие. Свѣте тихїи... *Прокимен* и паримии на денот и на празникот 2. Потоа мала ектенија и трисвѧтое, *прокимен* и апостол на празникот. Евангелие на празникот и на денот и понатаму Златоустовата литургија. Ирмос: Ѩкѡ wдѹшевленномѹ... *Причастен* на празникот и отпуст: Грѧдый господь на волнѹю страсть... (Ако нема литургија, тогаш на Господи воз-

звахъ..., стихири на денот 3, повторувајќи ги првите две и на празникот 5. Слава..., на денот, и нынѣ..., на празникот. Входъ со евангелие. Свѣте тихїи... *Прокимен*, апостол, евангелие на празникот и на денот. Сподоби господи..., и ектенија: Исполнимъ молитвꙋ... На *стиховни*, на денот со припевите. Слава..., на денот, и нынѣ..., на празникот. По трисвѧтое, тропар на празникот, ектении и отпуст; Гр҃дый господь...).

(Вака би се пеело и во останатите денови од Големата недела).

ВНИМВАЈ! Ако овој празник се случи на ***Велики вторник***, во понеделникот нема катизми; на Господи воззвахъ..., стихири од Триодот 5 и на празникот 5. Слава..., на денот: Второю ѳvꙋ..., и нынѣ..., на празникот. Входъ со евангелие. Свѣте тихїи... *Прокимен* и паримии на денот и на празникот 3. Да исправитсѧ молитва моѧ... Евангелие на денот според Матеја, зач. 98. и понатаму предосветена литургија; отпуст: Гр҃дый господь... Во 7 часот навечер на **Велики Понеделник** се пее ***Големо повечерие***. На *литијата*: сѐ од празникот. На *стиховни*: исто така. На благословенїи хлѣбωвъ, тропар на празникот (трипати). На Богъ господь..., тропар на празникот (трипати). По двете катизми, *седални* од Триодот. По 3. катизма, мала ектенија, *седален* на празникот. *Степени*, 1. антифон од 4. глас. *Прокимен* и сѐ останато од празникот. Канон на празникот со ирмосите на 14. *Катавасија* на празникот. (Каде што е двоепѣснецъ, се пее канон на празникот со ирмосите на 6 и двоепѣснецъ на 8, на крајот ирмос од Триодот, двете певници заедно). По 3. песна, кондак на денот, икос и *седален* на празникот. По 6. песна, кондак и икос на празникот. На 9. песна не се пее Честнѣйшꙋю... туку припевите на празникот и од Триодот. Светилен на празникот, Слава..., на денот, и нынѣ..., на празникот. На *хвалите:* стихири на празникот 4, Слава..., од Триодот: Дꙋшевною лѣностїю..., и нынѣ..., на празникот: Ѳже ѿ вѣка... На *стиховни*: стихири на денот. Слава..., на празникот: Да веселятсѧ небеса... и нынѣ..., на денот: Ѳгда прїидеши во славѣ..., тропар на празникот, ектении и ***првиот час***. Отпуст: Гр҃дый господь...

На останатите часови се чита тетроевангелие.

На ***литургијата***, на Господи воззвахъ..., стихири на денот 5 и на празникот 5. Слава..., на денот, и нынѣ..., на празникот. Входъ со евангелие. *Прокимен* и паримии на денот и на празни-

кот 2, мала ектенија и возглас: Ꙗкѡ свѧтъ є̂си... Трисвѧтое. *Прокимен* и апостол од празникот, евангелие на празникот, и на денот и понатаму Златоустова литургија. *Причастен* на празникот, наместо Достойно..., ирмос: Ꙗкѡ ѡдꙋшевленномꙋ..., отпуст: Грѧдый господь...

ВНИМАВАЈ! Ако истиот празник се случи на ***Велика среда***, во вторникот нема катизми; на Господи воззвахъ..., стихири на денот 5 и на празникот 5. Слава..., на денот, гл. 7.: Се тебѣ талантъ..., и̂ нынѣ..., на празникот. Входъ со евангелие. *Прокимен* и паримии на денот и на празникот 3. Да исправитсѧ... Евангелие на денот, според Матеја, зач. 102. и понатаму предосветена литургија; отпуст: Грѧдый господь...

Во 7 часот навечер се пее ***Големо повечерие***. На *литијата* и на *стиховните* сите стихири од празникот и сѐ останато се служи како што е пропишано за Велики Понеделник и за Велики Вторник.

ВНИМАВАЈ! Ако овој празник се случи на ***Велики четврток***, во средата, на Господи воззвахъ..., како и во другите гореназначени денови. Во 7 часот навечер ***Големо повечерие***. На *литијата* и на *стиховни*, сите стихири на празникот. На благословенїи хлѣбѡвъ, тропар на празникот (трипати). На Богъ господь..., тропар на празникот (двапати), Слава..., и̂ нынѣ..., Єгда славнїи оу̂ченицы... Потоа, *полиелеј*, *величание* и сѐ останато како на ***Велики понеделник***. Отпустот како и на литургијата.

Во 2 часот попладне бијат камбаните за ***литургија,*** која почнува со ***вечерна***. На Господи воззвахъ..., стихири на денот 5 и на празникот 5, Слава..., на денот, и̂ нынѣ..., Єгда славнїи оученицы..., Входъ со евангелие. Паримии на денот и на празникот 2. Апостол и евангелие на денот и на празникот и понатаму ***Василиева литургија***. Наместо Достойно..., се пее ирмосот Ꙗкѡ ѡ̂дꙋшевленномꙋ..., наместо херувимска песна: Вечери твоеѧ тайныѧ... (трипати), истото и наместо *причастен*. Истото се пее и наместо Тѣло Хрїстово..., додека се причестува народот, и наместо: Да и̂сполнѧтсѧ оу̂ста наша..., отпуст: Иже за превосходѧщꙋю благость...

ВНИМАВАЈ! Ако ***Благовештение*** се случи на ***Велики петок***, на ***Велики четврток*** на Господи воззвахъ..., 5 стихири на денот и на празникот 5. Слава..., на денот, и̂ нынѣ..., на празникот. Входъ со евангелие. Свѣте тихїй..., паримии на денот и на

празникот 3. Мала ектенија и возглас: Ѩкѡ свѧтъ ѣси... и Свѧтый Боже... *Прокимен*, апостол и евангелие на денот и понатаму Василиевата литургија. Наместо: Достойно..., ирмос на денот: Странствїѧ владычнѧ... Наместо херувимска песна и *причастен*, се пее: Вечери твоеѧ..., истото се пее и додека се причестува народот, наместо: Тѣло Хрїстово..., и еднаш, наместо: Да ѝсполнѧтсѧ..., отпуст на денот: Иже за превосходѧщ8ю...

На ***Велики четврток*** вечерта, во 7 часот, бијат сите камбани за *бдение*. Со Благословенъ Богъ нашъ... започнува *утрената*. Свештеникот кади и потоа шестопсалмието. На Богъ господь..., тропар на празникот (двапати). Слава... ѝ нынѣ..., Ѳгда славнїи оу҃ченицы... Свештеникот или ѓаконот ја покадува црквата, а по малата ектенија едниот од нив вели: И ѡ҃ сподовитисѧ намъ слышанїю свѧтаго ѣваггелїа... и свештеникот го чита (каде што се повеќе свештеници, најстариот) првото страсно евангелие. По евангелието: Слава долготерпѣнїю твоем8 господи... и антифоните. Така со ред се читаат сите евангелија до 8. Кога ќе се прочита седмото, тогаш се пеат *степени*, 1. антифон од 4. глас. *Прокимен* на празникот и свештеникот го чита евангелието на празникот, и потоа веднаш го чита осмото евангелие. По евангелието, 50. псалм. Слава..., молитвами Богородицы..., ѝ нынѣ..., истото и стихира на празникот. Канон на празникот со ирмосите на 14. *Катавасија* на празникот. (Каде што е трипѣснецъ, се пее канон на празникот со ирмосите на 6 и трипѣснецъ на 8, катавасија од Триодот). По 3. песна, кондак и икос на денот, Слава... ѝ нынѣ... и *седален* на празникот. По 6. песна, кондак и икос на празникот. На 9. песна: Честнѣйш8ю... не се пее, туку припевите на празникот. Светилен на празникот, Слава..., од Триодот, ѝ нынѣ..., на празникот. Потоа се чита деветтото евангелие. На *хвалите:* стихири од Триодот, Слава..., од Триодот, ѝ нынѣ..., на празникот и десетто евангелие. Потоа се чита: Слава во вышнихъ Бог8... и ектенијата Исполнимъ оутренюю..., возглас и единаесетто евангелие. На *стиховни*: стихири на празникот. Слава..., на денот, ѝ нынѣ..., на празникот и дванаесетто евангелие. Потоа: Благо ѣсть ѝсповѣдатисѧ..., трисвѧтое и тропарот, гл. 4.: Ѝск8пилъ ны ѣси ѿ клѧтвы..., Слава... ѝ нынѣ..., на празникот. Ектенија: Помил8й насъ Боже... и отпуст на денот: Иже

ѡплеванїѧ и бїенїѧ... и **првиот час** како што е кажано на ***Велики Петок***, тропар на празникот и на денот и кондак на празникот.

Во петок, во 11 часот претпладне, бие клепало и се служат „царските часови“: третиот, шестиот и деветтиот како што е одредено за Велики Петок, само што се додава на своето место тропарот на празникот и кондакот, а символот на верата и 33. псалм не се читаат при крајот на часовите, бидејќи ќе се читаат попладне на литургијата.

Попладнето, во 2 часот, бијат сите камбани и започнува ***литургија*** со ***вечерна***. Свештеникот прави проскомидија. На **Господи воззвахъ...**, стихири од Триодот 6 и на празникот 4. **Слава...**, од Триодот: **Ѡ какѡ законнопрестѫпныи соборъ... и нынѣ...**, на празникот: **Посланъ бысть съ небесе... Входъ** со евангелие. **Свѣте тихїй...** *Прокимен* и паримии на денот и на празникот 2, мала ектенија и возглас: **Ꙗкѡ свѧт еси...** и **Свѧтый Боже...** *Прокимен*, апостол и евангелие, прво на празникот, а потоа на Велики Петок. Понатаму, Златоустова литургија. Наместо: **Достойно...**, се пее ирмосот **Ꙗкѡ ѡдѣвшевленномѫ...** *Причастен* на празникот. По Задамвоната молитва, се пеат *стиховни* стихири: **Єгда Ѡ древа тѧ мертва...** Додека се пеат тие стихири, свештеникот и ѓаконот ги соблекуваат светлите одежди и облекуваат црни. И кога ќе се започне со пеење на **Слава...**, **Тебе ѡдѣющагосѧ...**, свештеникот ја изнесува ***плаштаницата*** од олтарот преку северната врата. Ѓаконот оди пред него и носи евангелие. Свештеникот ја полага плаштаницата во гробот Христов, а евангелието го поставува врз плаштаницата. Потоа: **Нынѣ ѿпѹщаеши...**, **трисвѧтое** и тропарот: **Благообразный Ioсифъ...**, **Слава...** и **нынѣ...**, **Мѵроносицамъ женамъ при гробѣ...** и веднаш **Бѫди ймѧ господне...** како и обично, и отпуст на литургијата: **Иже насъ ради человѣковъ...**

ВНИМАВАЈ! Ако ***Благовештение*** се случи на ***Велика сабота***, на ***Велики петок*** во 4 часот попладне бијат сите камбани за ***вечерната***. На **Господи воззвахъ...**, стихири на денот 6 и на празникот 4. **Слава...**, на денот, **и нынѣ...**, на празникот. **Входъ** со евангелие. **Свѣте тихый...** *Прокимен* и паримии на денот и на празникот 5. *Прокимен*, апостол и евангелие на денот (на ***Велики петок***), ектении: **Рцемъ вси...**, **Исполнимъ вечернюю...** На *стиховни*: стихири од Триодот. **Слава...**, на празникот, **и нынѣ...**, од Триодот: **Тебе ѡдѣющагосѧ свѣтомъ...** и изнесување на *плашта-*

ницата во Христовиот Гроб. Нынѣ ѿпѹстаеши..., трисвѧтое. Тропар на празникот, Слава... и нынѣ..., Благообразный Іωсифъ... и отпуст на *Велики Петок*: Иже насъ ради человѣкωвъ...

Во 7 часот навечер бијат сите камбани и започнува *утрената*. На Богъ господь..., тропар на денот: Благообразный Іωсифъ... (еднаш), Єгда снизшелъ єси... (еднаш), Слава..., Мѵроносицамъ женамъ..., и нынѣ..., на празникот: Днесь спасенїа нашего... и веднаш започнува: *опелото Христово*, на почетокот на секоја статија свештеникот покадува како што е назначено на *Велика сабота*. Кога ќе заврши опелото, се пее: Ѷгγелскїй соборъ..., мала ектенија и *седален* на денот, гл. 1.: Плащаницею чистою... и *полиелеј*. *Величание* и *седален* на празникот. *Степени*, 1. антифон од 4. глас. *Прокимен*, евангелие и стихира на празникот. Канон на празникот со ирмосите на 8 и на Велика Сабота со ирмосите на 8. *Катавасија:* на денот, гл. 6.: Волною морскою... По 3. песна, кондак, икос и *седален*, Слава... и нынѣ..., на празникот. По 6. песна, кондак и икос на празникот. На 9. песна не се пее Честнѣйшꙋю... туку припевите на празникот и на денот. На крајот ирмос: Не рыдай мене... и на празникот: Ѷкω wдꙋшевленномꙋ..., Свѧтъ господь Богъ нашъ..., гл. 2.: и светилен на празникот (двапати). На *хвалите:* стихири на денот 3, и на празникот 3. Слава..., на денот, и нынѣ..., Преблагословенна єси... *Големо славословие*. (Од почетокот на *утрената* свештениците се облечени во црни одежди до *полиелејот*. Кога ќе се започне со пеење на Хвалите їмѧ господне..., ги соблекуваат црните и се облекуваат во светли одежди, што ги носат сè до *големото славословие*; тогаш ги соблекуваат светлите одежди и пак ги облекуваат црните). Кога ќе се започне со пеење на Свѧтый Боже... (големо), свештенството ја носи *плаштаницата*, обиколувајќи го храмот (трипати)[32], а пејачите пеат: Свѧтый Боже... и бијат сите камбани. Кога опходот ќе се направи и ќе се влезе во храмот, свештеникот говори: Премꙋдрость прости!, а пејачите го пеат тропарот Благообразный Іωсифъ... (еднаш). Потоа: *прокимен*, паримија, апостол и евангелие на *Велика сабота*, ектенија и отпуст: Иже насъ ради...

---

[32] Вака наложува Типикот, но кај нас утрена со изнесување на плаштаницата и вртење се прави на Велика сабота порано.

Во 4 часот попладне бијат сите камбани за *литургија* што започнува со вечерна. На Господи воззвахъ..., воскресни стихири 3, гл 1: Вечернїѧ наша молитвы..., на Велика Сабота 3, гл. 8.: Днесь ⷯдъ стенѧ вопїетъ... и на празникот 4. Слава..., на денот, гл. 6.: Днешнїй день тайнѡ..., и̂ нынѣ..., на празникот: Посланъ бысть... Входъ со евангелие. Свѣте тихый... *Прокимен* не се кажува, туку свештеникот веднаш: Прем8дрость... и се читаат паримии на број 15; помеѓу нив читачот говори: Поимъ господеви... и пејачите пеат, гл. 5.: Славнѡ бо прослависѧ..., на друго место читачот говори стихови, а пејачите пеат на гл. 5.: Господа пойте, и̂ превозносите во всѧ вѣки. По читањето, следува мала ектенија и возглас: Їѩкѡ свѧтъ... Наместо трисвѧтое, се пее: Єлицы... *Прокимен*, апостол и евангелие на денот и на празникот. Наместо *херувимска песна*: Да молчитъ всѧкаѧ плотъ... и понатаму Василиева литургија. Наместо Достойно..., се пее ирмосот Не рыдай мене мати... (а каде што е храмот на Благовештение, ирмосот Їѩкѡ wд8шевленном8...). *Причастен* на денот и на празникот. Обичен отпуст.

. ВНИМАВАЈ! Кога празникот ***Благовештение*** ќе се случи на ***Светата и Велика Недела на Пасха***, се вика: „Кїрїопасха“. На ***Велика сабота*** во 4 часот попладне бијат сите камбани и почнува ***литургија*** со ***вечерна***. На Господи воззвахъ... се пеат воскресни стихири 3, на Велика Сабота 3 и на празникот 4, (свештеникот во меѓувреме прави проскомидија). Слава..., гл. 6.: Днешнїй день тайнѡ..., и̂ нынѣ..., на празникот: Посланъ бысть... Входъ со евангелие. Свѣте тихый... *Прокимен* не се кажува, но свештеникот веднаш: Прем8дрость и се чита првата паримија на денот, а потоа на празникот 5, а потоа сите останати на денот. По читањето, мала ектенија и возглас: Їѩкѡ свѧтъ..., па наместо трисвѧтое, се пее Єлицы..., апостол, *прокимен* и евангелие на ***Велика сабота***. Наместо *херувимската песна*: Да молчитъ... и се продолжува литургијата на св. Василиј Велики. За Достойно..., ирмос: Не рыдай мене мати... *Причастен* на денот, обичен отпуст.

Во ***Неделата на Пасха***, откако ќе заврши ***Воскресението*** и се испее: Хрїстосъ воскресе... со 4. стиха, без Слава... и̂ нынѣ..., свештеникот сам пее: Хрїстосъ воскресе..., ја отвора вратата и влегува во храмот, а пејачите завршуваат со и с8цымъ во гровѣхъ животъ даровавъ и пеат: Слава..., тропарот, гл. 4.: Днесь спа-

сенїѧ нашегѡ..., и́ нынѣ..., истиот тропар и се кажува големата ектенија: Миромъ господ8 помолимсѧ. По возгласот, најстариот свештеник сам пее: Воскресенїѧ день..., а пејачите канонот на Пасха со ирмосите на 8, ирмосите по двапати и канон на Благовештение со ирмосите на 8, ирмосите по двапати, потоа ирмосите на двата канони, секоја певница својот ирмос. На крајот: Воскресенїѧ день... и Хрїстосъ воскресе... (трипати). По секоја песна мала е́ктенија. По 3. песна, кондак, икос и *ипакој* на Пасха. По 6. песна, кондак и икос на Благовештение и *прокимен* гл. 4.: Благовѣстите день ѿ дне..., Всѧкое дыханїе... и евангелието на Благовештение, според Лука, зач. 4.: Доставши Марїамъ..., потоа: Воскресенїе Хрїстово... (трипати), и стихира: Воскресъ Іис8съ ѿ гроба... (трипати) и веднаш песна 7. и останатото. На 9. песна, припевите на Пасха и на Благовештение. *Светилен* на Пасха (еднаш) и на Благовештение (двапати). На *хвалите:* воскресни стихири 4, и на Благовештение 4, а потоа: Да воскреснетъ Богъ... и стихирите на Пасха. Слава..., на Благовештение, гл. 8.: Да веселѧтсѧ небеса... и́ нынѣ..., на Пасха: Воскресенїѧ день... и Хрїстосъ воскресе... (трипати) и се чита словото на св. Јован Златоуст: Ѧще кто благочестивъ... и тропарот на св. Јован Златоуст. Целивање на крстот, евангелието, иконите на Воскресението и на Благовештение, се прави според правилото пропишано за тој ден. По тропарите и ектениите, отпуст на Пасха со крстот. Часови на Пасха, според правилото изложено во Пентикостарот.

На *литургијата*, што започнува со: Хрїстосъ воскресе... и со стиховите, се пеат антифони на Пасха. Входное: Въ церквахъ благословите Бога, господа ѿ и́сточникъ їсраилевыхъ. Хрїстосъ воскресе... (трипати), Слава..., тропарот: Днесь спасенїѧ нашегѡ..., и́ нынѣ..., кондакот на Пасха: Ѧще и́ во гробъ...; наместо трисвѧтое, Єлицы..., *прокимен*, апостол и евангелие, прво на Пасха, потоа на Благовештение, и тоа: евангелието на Пасха се чита на статите како што наложува правилото, а кога ќе се заврши евангелието на Пасха, тогаш се чита евангелието на Благовештение како обично, па потоа камбаната бие само кога се чита евангелието на Пасха и понатаму литургија на св. Јован Златоуст. За Достойно..., ирмос на Пасха со припевот: Ѧггелъ вопїѧше благодатнѣй... *Причастен* на Пасха и на Благовештение и отпуст на Пасха со крстот.

ВНИМАВАЈ! Ако празникот *Благовештение* се случи во *понеделник, во вторник* или во *среда* од *Светлата недела*, во неделата, на *големата вечерна*, откако свештеникот ќе го покади светиот престол, облечен во полни одежди (во понеделникот и во вторникот на вечерната облекува само епитрафил и фелон), започнува со Слава сватѣй... и самиот пее: Хрїстосъ воскресе... (трипати); пејачите го пеат истото (трипати) и потоа сите стихови; ектенија и Господи воззвахъ..., воскресни стихири 3, источна 1 и на Благовештение 6, Слава... и нынѣ..., на празникот: Посланъ бысть... Входъ, Свѣте тихїй... *Прокимен*, гл. 7.: Кто Богъ великїй... и паримии на празникот 5. (Ако е во недела, на *вечерната*, свештеникот говори: И ѡ сподовитисѧ намъ... и го чита евангелието според Јована, зач. 65: Сѵшѵ поздѣ въ день той..., со завршеток: не имѵ вѣры...). Ектенија. На *литијата*: стихири сите на Благовештение; на *стиховни*: воскресна 1 и припевот Да воскреснетъ Богъ... и останатите стихири на Пасха. Слава..., на Благовештение: Днесь радость..., и нынѣ..., на Пасха, гл. 5.: Воскресенїѧ день... и Хрїстосъ воскресе... (трипати). На благословенїи хлѣбѡвъ...,[33] тропар на празникот: Днесь спасенїѧ нашегѡ... (трипати), отпуст на Пасха со крстот.

На *утрената*: по Слава сватѣй... и по Хрїстосъ воскресе... и стиховите, се пее: Слава..., тропар на празникот, и нынѣ..., истото; голема ектенија и *полиелеј*. *Величание* на Благовештение и *седален*. *Степени*, 1. антифон од 4 глас. *Прокимен* и евангелие на празникот според Лука, зач. 4. Воскресенїе Хрїстово... (трипати), 50. псалм не се кажува туку веднаш: Слава..., Молитвами Богородицы..., и нынѣ..., истото и припевот, гл. 6.: Благовѣстите день ѡ дне... и самогласна стихира, гл. 6.: Посланъ бысть... Канон на Пасха со ирмосите на 6 и на празникот со ирмосите на 8, ирмос на Пасха и на празникот, по двапати. *Катавасија* на Благовештение. По 3. песна, кондак и икос на Пасха, и *седален* на празникот. По 6. песна, кондак и икос на празникот, потоа: Воскресъ Іисѵсъ ѡ гроба... (трипати). На 9. песна, припевите на Пасха и на празникот. *Светилен* на

[33] Нынѣ Ѿпѵштаеши... и трисвятое не се кажуваат, туку веднаш се пее тропарот.

Пасха (еднаш) и на празникот (двапати). На *хвалите:* воскресни стихири 3 и на празникот 3. Потоа: Да воскреснетъ Богъ... и стихирите на Пасха со припевите. Слава..., на празникот: Да веселѧтсѧ небеса..., и̂ нынѣ..., на Пасха, гл. 5.: Воскресенїѧ день... и: Хрїстосъ воскресе... (трипати). Слава... и̂ нынѣ..., тропар на празникот. Миросување, ектенија и отпуст на Пасха со крстот. Часови на Пасха.

На *литургијата*: почетокот е како на Пасха со истите стихови и Хрїстосъ воскресе..., антифони на Пасха. Входное: Въ церквахъ благословите..., Хрїстосъ воскресе... (трипати). Тропар на празникот. Слава..., кондак на Пасха, и̂ нынѣ..., на празникот. Наместо трисвѧтое, Слицы... *Прокимен*, апостол и евангелие, прво на Благовештение, потоа на денот и понатаму ***Златоустова литургија***. За Достойно..., ирмос на Пасха; *причастен* на денот и на празникот, отпуст на Пасха со крстот.

За Одданието на Благовештение

ВНИМАВАЈ! Ако *Благовештение* се случи во петок на III или на IV недела од постот, Оддание се прави во третата, односно во четвртата сабота.

Во сабота на Богъ господь..., тропар на празникот (двапати), Слава..., на архангелот, и̂ нынѣ..., на празникот; *седални* сите на празникот, канон на празникот со ирмосите на 8 и на архангелот на 6. *Катавасија* на празникот. По 3. песна, кондак на архангелот и *седален*. Слава... и̂ нынѣ..., на празникот. По 6. песна, кондак и икос на празникот. На 9. песна се пеат припевите на празникот. Светилен на празникот. Слава..., на архангелот, и̂ нынѣ..., на празникот. На *хвалите:* стихири на празникот 3 и на архангелот 3, Слава... и̂ нынѣ..., на празникот. *Големо славословие*, тропар на архангелот, Слава..., и̂ нынѣ..., на празникот. Ектении и отпуст.

На *литургијата*: *блажени* на празникот, 3. и 6. песна. По входот тропар на празникот и на архангелот, Слава..., кондак на архангелот, и̂ нынѣ..., на празникот. *Прокимен* на празникот.

Наместо Достойно..., ирмос на празникот и *причастен* на празникот.

ВНИМАВАЈ! Ако Оддание на празникот се случи во третата недела од постот, во саботата на Господи воззвахъ..., воскресни стихири 3, на крстот 4 и на празникот 3. Слава..., на крстот, и нынѣ...,на празникот (или првиот богородичен на гласот). Входъ, *прокимен* на денот и ектенија. На *литијата*: стихири на празникот, гл. 1. Слава..., на крстот, и нынѣ..., на празникот. На *стиховни*: воскресни стихири. Слава..., на крстот, и нынѣ..., на празникот. На благословенїи хлѣбѡвъ, тропар на празникот (двапати) и на крстот (еднаш).

На *утрената*: на Богъ господь..., воскресен тропар (двапати), Слава..., на крстот, и нынѣ..., на празникот. Сѐ останато е воскресно. Воскресен канон со ирмосите на 4, на празникот на 4 и на крстот на 6. *Катавасија*, на крстот: Божественнѣйшiй прообрази... По 3. песна, кондак на празникот и *седален* на крстот. По 6. песна, кондак и икос на крстот. На 9. песна се пее: Честнѣйшꙋю... *Светилен* воскресен, Слава..., на крстот, и нынѣ..., на празникот. На *хвалите:* воскресни стихири 3, на крстот 2 и на празникот 3, Слава..., од Триодот, и нынѣ..., Преблагословенна ѣси... *Големо славословие* и изнесување на крстот според прописот изложен во Триодот, ектении и отпуст.

На *литургијата*: *блажени* на гласот 4, на крстот, 3. песна на 4 и на празникот 9. песна на 4. По входот: воскресен тропар, на крстот и на празникот. Слава..., кондак на крстот, и нынѣ..., на празникот. *Прокимен*, апостол, евангелие и *причастен*, прво на крстот, потоа на празникот на Богородица. За Достойно..., се пее: Ѻ тебѣ радꙋетсѧ... Литургија на св. Василиј Велики.

ВНИМАВАЈ! Службата на архангел Гаврил се пее во понеделникот.

ВНИМАВАЈ! Ако Оддание на Благовештение се случи во четвртата или во петтата недела од постот: во сабота на Господи воззвахъ..., воскресни стихири 3, источна 1, на празникот 3 и на архангелот 3. Слава..., на празникот, и нынѣ..., богородичен на гласот. Входъ. *Прокимен* на денот. На *литијата:* стихири на празникот, сите. На *стиховни*: сите воскресни стихири. Слава... и нынѣ..., на празникот. На благословенїи хлѣбѡвъ, тропар; Богородице дѣво... (трипати). (Ако нема бдение, по трисвѧтое, воскресен тропар, Слава... и нынѣ..., на празникот). На *утрената*: на

Богъ господь..., воскресен тропар (двапати), Слава..., на архангелот, и҆ нынѣ..., на празникот. Сѐ останато е воскресно. Воскресен канон со ирмосите на 4, од Триодот на 4, на празникот и на архангелот на 6. *Катавасија*, на празникот: Ѿверзꙋ ᲂу҆ста моѧ... По 3. песна, кондак на архангелот и *седален*. Слава... и҆ нынѣ..., на празникот. По 6. песна, кондак и икос на празникот. На 9. песна се пее Честнѣйшꙋю... *Светилен* воскресен, Слава..., на архангелот, и҆ нынѣ..., на празникот. На *хвалите:* воскресни стихири 4 и на празникот 4, со славната (трипати) со нејзините припеви. Потоа припевот: Воскресни Господи Боже мой... и самогласна стихира од Триодот. Слава..., истото од Триодот, и҆ нынѣ..., Преблагословенна є҆си... *Големо славословие*, воскресен тропар, ектении и отпуст.

На *литургијата*: *блажени* на гласот 4, и на празникот 9. песна. По входот: воскресен тропар, на празникот и на архангелот. Воскресен кондак, Слава..., на архангелот, и҆ нынѣ..., на празникот. *Прокимен*, апостол, евангелие и *причастен*, на денот и на празникот. Наместо Достойно..., се пее ирмосот Ѡ тебѣ радꙋетсѧ... Литургија на св. Василиј Велики.

ВНИМАВАЈ! Ако Оддание на Благовештение се случи во среда од четврта недела на постот, т.е. на Крстопоклона среда, во вторникот на Господи воззвахъ..., стихири од Триодот самогласни на денот 2, маченичен, подобни 3 и на празникот 4. Слава..., на крстот, и҆ нынѣ...,на празникот. Входъ, *прокимен* на денот и паримии на денот и на празникот и според редот, Златоустова литургија (службата на архангелот се пее во друг ден или на повечерието).

На *утрената*: канон на празникот со ирмосите на 6 и на крстот на 4. По 3. песна, кондак и икос на празникот и *седален* од Триодот, Слава... и҆ нынѣ..., на празникот. По 6. песна, кондак и икос на крстот. На 9. песна се пее: Честнѣйшꙋю... Светилен троичен. На *хвалите:* стихири на крстот, пишувани во вторник на Господи воззвахъ..., Слава... и҆ нынѣ..., на празникот. На *стиховни*: стихири од Триодот, Слава..., самогласен од Триодот, и҆ нынѣ..., истото. На првиот час, се прави поклонување на крстот.

ВНИМАВАЈ! Ако Оддание на Благовештение се случи во четврток на петтата недела од постот, во среда на вечерната и во четвртокот на утрената се пее цела служба на празникот со

Триодот, како што е во посен ден, а Оддание се пее во четврток на утрената со **трипѣснецъ** апостолски, бидејќи големиот канон се пее во вторник на истата недела.

– во Сиропусната недела (освен на Сретение и на неговото Оддание) **Ꙗкѡ по с8х8 пѣшествовавъ**...;

– во Неделата на православието (прва недела на постот) **Моа чермн8ю п8чин8**...;

– во Крстопоклона недела (трета на постот) **Божественѣйшїй прообрази**...;

– на Лазарева Сабота **Вод8 прошедъ ꙗ̑кѡ с8ш8**...;

– во Недела на Цветници (шеста на постот) **Ꙗ̑вишасѧ и̑сточницы бездны**...

ВНИМАВАЈ! Ако се прославува голем светител во седмичните денови на св. Четириестница, се пее катавасијата **Ѿверзѕ оу҃ста моа**...

ВНИМАВАЈ! Ако неделите: на митарот и на фарисејот, на блудниот син, Месопусната и Сиропусната се случат пред Сретение, тогаш во првите две недели се пее сретенската катавасија, а во вторите две катавасијата од Триодот. На истиот начин се пеат овие катавасии, ако во тие денови се случи претпразненство или попразненство на Сретение, но ако претпразненство на Сретение се случи во Сиропусната сабота, се пее катавасија од Триодот, ако пак се случи во тој ден попразненство на Сретение, се пее сретенска катавасија, а на Сретение, во било кој ден тоа да се случи, како и на Одданието негово, секогаш се пее катавасијата на празникот.

Од неделата на Пасха – Воскресението, до Оддание на Пасха се пее катавасијата **Воскресенїа день**... А на денот на Преполовение на Педесетница и на неговото Оддание **Море wг8стиль е̑си**... Во 6. неделата по Пасха и на Оддание на Пасха се пее **Спасителю Бог8**..., а на Спасовден, во 7. недела по Воскресе-

нието, на Оддание на Спасовден, на Духови, на попразненство на Духови и на Оддание на Духови, се пее Божественнымъ покровенъ... Во попразненство на Спасовден: Спасителю Богѳ..., во саботата спроти Духови катавасија од Триодот, а во Неделата на Сите Светии до 1 август катавасијата Ѿверзѳ оу҃ста мои҃...

ж) Кога се пее Честнѣйшѳю..., а кога не?

Честнѣйшѳю..., т.е. Величитъ дѳша моя господа..., и Честнѣйшѳю херѳвїмъ... се пее во неделите (освен во извесни подолу назначени недели) преку целата година; во претпразненство или попразненство на Христови и на Богородични празници и во седмичните денови (освен во некои), а не се пее:

1. на Мала Богородица и на нејзиното Оддание;
2. на Воведение и на неговото Оддание;
3. на Вториот ден на Божик;
4. на Обрезание Господово и на св. Василиј Велики;
5. Утредента по Богојавление;
6. на Великите три Ерарси;
7. на Сретение Господово и на неговото Оддание;
8. на Благовештение;
9. од Лазарева Сабота до Томина Недела;
10. во сите недели од Воскресение до Духовден, освен во 7. недела;
11. на Преполовение на Педесетница и на нејзиното Оддание;
12. на Оддание на Велигден, спроти Спасовден;
13. на Спасовден и на неговото Оддание;
14. на Духови и утредента, т.е. на вториот ден на Духови, и на Оддание на Духови;
15. на Голема Богородица и на нејзиното Оддание.

Ако сите овие празници, изземајќи ги од бр. 9 до 14, се случат во недела, се пее Честнѣйшѳю...

Понатаму, Честнѣйшѳю... не се пее: 1. на Крстовден, 2. на Божик, 3. на Богојавление, 4. на Преображение, па макар тие

празници и да се случат во недела, а на Одданието на сите тие празници, кога ќе се случи во недела, се пее **Честнѣйшꙋю...**

з). Каков отпуст кога се изговара?

Постојат мали, секојдневни и празнични отпусти.

I. Малиот оптуст гласи: **Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ, молитвами пречистыѧ своеѧ матере, преподобныхъ и богоносныхъ ѻтецъ нашихъ, и всѣхъ сватыхъ помилꙋетъ и спасетъ насъ, ѩкw благъ и человѣколюбецъ.**

Малиот отпуст се кажува на малата вечерна, на повечерието, на полноќницата и на часовите секој ден, само што во недела на полноќницата и на часовите во почетокот на малиот отпуст се додава: **Воскресый їзъ мертвыхъ...**

Малиот отпуст се кажува на полноќницата, на часовите и на Христовите празници, а на нивното попразненство како и на малата вечерна и на повечерието, прво се кажува почетокот на отпустот на соодветниот празник и на него се додава малиот отпуст. На пример, за Божик: **Иже во вертепѣ родивыйсѧ и во ѩслѣхъ возлегїй нашегw ради спасенїѧ** и сега се додава: **Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ...** и останатото од малиот отпуст.

II. Секојдневни отпусти за целата недела се:

1. Во сабота на вечерната:

Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ, молитвами пречистыѧ своеѧ матере, сватыхъ славныхъ и всехвалныхъ ѧпостwлъ (светиот на кого е храмот и светиот на кого е денот), **сватыхъ и праведныихъ богоотецъ Іwакїма и Анны, и всѣхъ сватыхъ, помилꙋетъ...** и останатото.

2. Во недела на утрената:

Воскресый изъ мертвыхъ, Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ, молитвами пречистыѧ своеѧ матере, сѧтыхъ славныхъ ї всехвалныхъ апостѡлъ, ї всѣхъ сѧтыхъ... и останатото.

Во недела на литургијата:

Отпуст како и на утрената, само се додава: Иже во сѧтыхъ ѻтца нашегѡ Іѡанна Ѧрхїепїскопа Кѡнстантїнополскагѡ Златоѹстагѡ... или: Иже во сѧтыхъ ѻтца нашегѡ Васїлїа великагѡ, Ѧрхїепїскопа Кесарїи Кападокїйскїѧ...

3. Во недела на вечерната и во понеделник на утрената:

Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ, молитвами пречистыѧ своеѧ матере, предстателствы честныхъ небесныхъ силъ безплотныхъ, сѧтыхъ славныхъ ї всехвалныхъ апостѡлъ (светиот на храмот и на денот), сѧтыхъ праведныхъ богоотецъ Іѡакїма ї Ѧнны, ї всѣхъ сѧтыхъ... и останатото.

4. Во понеделник на вечерната и во вторник на утрената:

Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ, молитвами пречистыѧ своеѧ матере, честнагѡ славнагѡ пророка, предтечи ї крестителѧ Іѡанна, сѧтыхъ славныхъ ї всехвалныхъ апостѡлъ (светиот на храмот и на денот) и останатото.

5. Во вторник на вечерната и во среда на утрената:

Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ, молитвами пречистыѧ своеѧ матере, силою честнаго и жвотворѧщаго креста, сѧтыхъ славныхъ и всехвалныхъ апостwлъ (светиот на храмот и на денот) и останатото.

6. Во среда на вечерната и во четврток на утрената:

Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ, молитвами пречистыѧ своеѧ матере, сѧтыхъ славныхъ и всехвалныхъ апостwлъ..., иже во сѧтыхъ отца нашегw Нїколаа, Архїепїскопа Мурлукїйскагw чюдотворца (светиот на храмот и на денот) и останатото.

7. Во четврток на вечерната и во петок на утрената:

Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ, молитвами пречистыѧ своеѧ матере, силою честнагw и животворѧщагw креста, сѧтыхъ славныхъ и всехвалныхъ апостwлъ (светиот на храмот и на денот) и останатото.

8. Во петок на вечерната и во сабота на утрената:

Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ, молитвами пречистыѧ своеѧ матере, сѧтыхъ славныхъ и добропобѣдныхъ мучениковъ, преподобныхъ и богоносныхъ отецъ нашихъ (светиот на храмот и на денот) и останатото.

Во сите споменати денови во целата недела на св. литургија се кажува истиот отпуст што во тој ден се кажувал на утрената, само што се додава името на светиот чија литургија се служи.

III. Празнични отпусти

а. На Богородични празници

На Воведение, на Мала и на Голема Богородица, на Благовештение и на останатите празници на св. Богородица на вечерната и на утрената се кажува: **Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ, молитвами пречистыѧ своеѧ матере, и всѣхъ сѧтыхъ помилѳетъ и спасетъ насъ, ѩкѡ благъ и человѣколюбецъ.**

Ако се случи Богородичен празник во недела, тогаш се кажува: **Воскресый їзъ мертвыхъ, Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ...** и останатото.

На литургијата е ист отпустот само што се споменува името на светиот чија е литургијата, на св. Јован Златоуст или на св. Василиј Велики.

б. На празници на светиите

Хрїстосъ їстинный Богъ нашъ, молитвами пречистыѧ своеѧ матере и сѧтагѡ:

– на пророк: **славнагѡ пророка (їмѧрекъ)...;**

– на апостол: **славнагѡ апостола (їмѧрекъ)...;**

– на светител: наместо: **сѧтаго..., иже во сѧтыхъ отца нашего (їмѧрекъ) Ꙗрхїепїскопа или Ꙋпїскопа**[59]**...;**

---

[59] Ако треба да се споменат двајца светители, на пр., ако е храмот – црквата на св. Никола, а дневен светител е св. Атанасиј (2 мај), тогаш нема да се кажува двапати **їже во сѧтыхъ...** туку вака: **Хрїстос їстиныи Богъ... їже во сѧтыхъ ѳтецъ нашихъ Нїколаа, Ꙗрхїепїскопа Мурлукїйскаго чѫдотворца, и Ꙗѳанасїа великагѡ, Патрїарха Ꙗлеѯандрїйскагѡ.** Истото важи и за отпустите на останатите светии, на пр., ако е храмот – црквата на Бесребрениците Кузман и Дамјан и се кажува отпустот на Кир и Јован (31 јануари), тогаш отпустот се кажува вака: **сѧтыхъ славныхъ и чѫдотворцевъ Безсребренникѡвъ Космы и Дамїана, Кура и Іѡанна.**

– на маченик: славнагѡ мⷭченика или великомⷭченика (имѧрекъ)...;

– на маченичка: сватыѧ славныѧ мⷭченицы или великомⷭченицы (ѝмѧрекъ)...;

– на преподобни: преподобнагѡ ѻ҃тца нашегѡ или преподобныѧ матере нашеѧ (ѝмѧрекъ)...;

– ако е службата на бесребреници: сватыхъ славныхъ ѝ чⷭдотворцевъ безсребреникѡвъ (ѝмѧрекъ)...;

ѝ всѣх сватыхъ помилⷭетъ ѝ спасетъ насъ ꙗ҆кѡ благъ ѝ человѣколюбецъ.

На литургијата се додава уште и името на светиот чија литургија се служи.

в. На Христовите празници

1. На Божик:

на утрената: Иже во вертепѣ родивїйсѧ ѝ во пеленѣхъ возлегїй нашегѡ ради спасенїѧ, Хрїстосъ ѝстинный...; на литургијата: Иже во вертепѣ родивїйсѧ ѝ во пеленѣхъ возлегїй нашегѡ ради спасенїѧ, Хрїстосъ ѝстинный...

2. На Обрезание:

Иже во ѡ҃смїй день плотїю ѡбрѣзатисѧ ѝзволивый, нашегѡ ради спасенїѧ, Хрїстосъ ѝстинный Богъ нашъ...

3. На Богојавление:

Иже во Ꙗ҆рданѣ креститисѧ изволивыи Ѡ Ꙗ҆ѡанна, нашегѡ ради спасенїѧ, Хрїстосъ ѝстинный Богъ нашъ...

4. На Сретение:

Иже во ѡ҆бѧтїихъ праведнагѡ Сѵмеѡна носитисѧ и҆зволивый нашегѡ ради спасенїѧ, Хрїстосъ и҆стинный... и останатото.

5. На Преображение:

Иже на горѣ Ѳавѡрстый преѡбразивыйсѧ во славѣ предъ свѧтыми своими ѹ҆ченики и҆ апостолы, Хрїстосъ и҆стинный... и останатото.

6. На Цветници:

Иже на жребѧти ѡ҆сли сѣсти и҆зволивый нашегѡ ради спасенїѧ, Хрїстосъ и҆стинный... и останатото.

Во тој ден на вечерната:

(и на Вел. Понеделник, на Велики Вторник и на Велика Среда):

Грѧдый господь на волнꙋю страсть нашегѡ ради спасенїѧ, Хрїстосъ и҆стинный...

7. На Велики Четврток:

Иже за превосходѧщꙋю благость пꙋть добрѣйшїй смиренїѧ показавый внегда ѹ҆мыти ноги ѹ҆ченикѡвъ, даже и҆ до креста и҆ погребенїѧ снизшедый намъ, Хрїстосъ и҆стинный... и останатото.

На сеноќното бдение спроти Велики *Петок*:

Иже ѡ҆плеванїѧ и҆ бїенїѧ, и҆ заꙋшенїѧ, и҆ крестъ, и҆ смерть претерпѣвый, за спасенїе мїра, Хрїстосъ и҆стинный... и останатото.

8. На Велики Петок
(и на Велика Сабота на утрената)[60]*:*

Иже насъ ради человѣкѡвъ, и҆ нашегѡ ради спасенїѧ страшныѧ страсти, и҆ животворѧщїй крестъ, и волное погребенїе плотїю и҆зволивый..., Хрїстосъ и҆стинный... и останатото. А на литургијата обичен отпуст.

9. На Воскресение и во целата Светла недела:

Хрїстосъ воскресый изъ мертвыхъ, смертїю смерть поправый и҆ сꙋщымъ во гробѣхъ животъ даровавъй, и҆стинный Богъ нашъ... и останатото.

10. На Спасовден:

Иже во славѣ вознесыйсѧ ѿ насъ на небо, и҆ ѡ҆деснꙋю сѣдый Бога и҆ ѻ҆тца, Хрїстосъ и҆стинный... и останатото.

11. На Духовден:

Иже во видѣнїи ѡ҆гненныхъ ѧ҆зыкъ съ небесе низпославый пресвѧтаго дꙋха, на свѧтыѧ своѧ оу҆ченики и҆ а҆постолы, Хрїстосъ и҆стинный...

На вечерната, во тој ден:

Иже ѿ ѻ҆тчихъ и҆ божественныхъ... итн. (види, Служебник).

---

[60] Типик на 25 март кога Благовештение ќе се случи на Велика Сабота.

На повечерието тој ден, утредента на утрената и на литургијата, како и во текот на целата недела до Оддание на Духовден, се кажува отпустот **Иже во видѣнїи**...

Сите овие отпусти на Христовите празници се кажуваат вака изложени на самите празници, а на попразненството се кажува празничниот отпуст со додаток на секојдневниот отпуст во кој се споменува седмичниот светител (освен во среда и во петок), светиот на храмот, светиот на денот и свети Јоаким и Ана. Само тогаш во среда и во петок не се кажува: **силою честнагѡ и̑ животворѧщагѡ креста**... На големите подвижни празници (12) на денот на храмовиот празник и целата Страсна недела не се споменува на отпустот дневниот светител. На Воскресение и во целата Светла недела на отпустот не се споменува ниту светиот на храмот, ниту на денот, ниту седмичниот светител.

Ако попразненство или Оддание на тие празници се случи во недела, не се кажува празничен отпуст туку неделниот.

Каде што е храмот на Христа Спасителот: Божик, Богојавление, Спасовден, Преображение итн. на богослужбата никогаш не се кажува празничниот отпуст, но само се кажува на денот на празникот и до Оддание, а преку годината се изговара само: **Хр҃їстосъ и̑стинный Богъ нашъ**..., во недела се додава: **Воскресый и̑зъ мертвыхъ**...,

На Крстовден се кажува овој отпуст: **Хр҃їстосъ и̑стинный Богъ нашъ, молитвами пречистыѧ своеѧ матере, силою честнагѡ и̑ животворѧщаго креста**... и останатото.

ГЛАВА ДЕВЕТНАЕСЕТТА

ВЕЛИЧАНИЈА

I. Општи

1. На пророк:

Величаемъ тѧ пророче божїй (името) и чтемъ сватꙋю памать твою, ты бо молиши за насъ Хрїста Бога нашего. Избран псалм: Блаженъ мꙋжъ боѩйсѧ господа...

2. На апостол:

Величаемъ тѧ а҃постоле сватый (името) и҆ чтемъ болезни и҆ трꙋды твоѧ, и҆миже трꙋдилсѧ е҆си во благовѣстїи Хрїстовѣ. Избран псалм: Небеса повѣдаютъ славꙋ божїю...

3. На апостоли:

Величаемъ васъ сватїи а҃постоли, весь мїръ оу҆ченми своими просвѣтившыѧ, и҆ всѧ концы ко Хрїстꙋ приведшыѧ. Избран псалм: Небеса повѣдаютъ славꙋ божїю...

4. На светител:

Величаемъ тѧ сватителю о҆тче (името), и҆ чтемъ сватꙋю памать твою, ты бо молиши за насъ Хрїста Бога нашего. Избран псалм: Оу҆слышите сїѧ вси а҃зыцы...

5. На светители:

Величаемъ васъ сватителїе велицыи, и҆ чтемъ сватꙋю памать вашꙋ, вы бо молите за насъ Хрїста Бога нашего. Избран псалм: Оу҆слышите сїѧ вси а҃зыцы...

6. На преподобен:

Оу҃блажаемъ тѧ преподобне ѻ҃тче (името), и҆ чтемъ свѧт8ю памѧть твою, наставниче монахwвъ, и҆ собесѣдниче а҃ггелwвъ. Избран псалм: Терпѧ потерпѣхъ господа...

7. На преподобни:

Оу҃блажаем васъ преподобнїи ѻ҃тцы, и҆ чтемъ свѧт8ю памѧть ваш8, наставницы монахwвъ и҆ собесѣдницы а҃ггелwвъ. Избран псалм: Терпѧ потерпѣхъ господа...

8. На мъченик:

Величаемъ тѧ страстотерпче свѧтый (името), и҆ чтемъ честнаѧ страданїѧ твоѧ, ꙗ҆же за Хрїста претерпѣлъ е҆си. Избран псалм: Богъ намъ прибѣжище и҆ сила...

9. На мъченици:

Величаемъ васъ страстотерпцы свѧтїи, и҆ чтемъ честнаѧ страданїѧ ваша, ꙗ҆же за Хрїста претерпѣли е҆сте. Избран псалм: Богъ намъ прибѣжище и҆ сила...

10. На свештеномъченик:

Величаемъ тѧ свѧщенном8ченiче (името), и҆ чтемъ свѧт8ю памѧть твою, ты бо молиши за насъ, Хрїста Бога нашего. Избран псалм: Оу҃слышите сїѧ вси ꙗ҆зыцы...

11. На свештеномъченици:

Величаемъ васъ свѧщеном8ченицы Хрїстови, и҆ чтемъ свѧт8ю памѧть ваш8, вы бо молите за насъ, Хрїста Бога нашего. Избран псалм: Оу҃слышите сїѧ вси ꙗзыцы...

12. На преподобномаченик:

Оу҆блажаемъ тѧ преопдобне мꙋчениче (името), и҆ чтемъ свѧтꙋю памѧть твою, наставниче монахѡвъ, и҆ собесѣдниче а҆ггелѡвъ. Избран псалм: Терпѧ потерпѣхъ господа...

13. На преподобномаченици:

Оу҆блажаемъ васъ преподобнїи мꙋченицы, и҆ чтемъ свѧтꙋю памѧть вашꙋ, наставницы монахѡвъ и҆ собесѣдницы аггелѡвъ. Избран псалм: Терпѧ потерпѣхъ господа...

14. На маченичка:

Величаемъ тѧ страстотерпице Хрїстова (името), и҆ чтемъ честное страданїе твое, е҆же за Хрїста претерпѣла е҆си. Избран псалм: Богъ намъ прибѣжище и сила...

15. На маченички:

Величаемъ васъ страстотерпицы свѧтыѧ, и҆ чтемъ честнаѧ страданїѧ ваша, ꙗ҆же за Хрїста претерпѣли е҆сте. Избран псалм: Богъ намъ прибѣжище и сила...

16. На преподобна жена:

Оу҆блажаемъ тѧ преопдобнаѧ мати (името), и҆ чтемъ свѧтꙋю памѧть твою, ты бо молиши за насъ Хрїста Бога нашего. Избран псалм: Терпѧ потерпѣхъ господа...

17. На преподобни жени:

Оу҆блажаем васъ преподобнїи матери, и҆ чтемъ свѧтꙋю памѧть вашꙋ, вы бо молите за насъ Хрїста Бога нашего. Избран палм: Терпѧ потерпѣхъ господа...

18. На преподобномаченичка:

Величаемъ тѧ страстотерпице сватаѧ (името), и̂ чтемъ свѧт8ю памѧть твою, ты бо молиши за насъ Хрїста Бога нашего. Избран псалм: Богъ намъ прибѣжище и̂ сила...

19. На свештеноисповедник:

Величаемъ тѧ свѧтителю отче (името), и̂ чтемъ свѧт8ю памѧть твою, ты бо молиши за насъ Хрїста Бога нашего. Избран псалм: Оу̑слышите сїѧ вси ꙗ̂зыцы...

20. На преподобноисповедник:

Оу̑блажаем тѧ преподобне о̂тче (името), и̂ чтемъ свѧт8ю памѧть твою, наставниче монахѡвъ, и собесѣдниче аггелѡвъ. Избран псалм: Терпѧ потерпѣхъ господа...

21. На бесребреници т.е. св. врачи:

Величаемъ васъ ч8дотворцы славнїй (имињата), и̂ чтемъ честнаѧ страданїѧ ваша, ꙗ̂же за Хрїста претерпѣли е̂сте. Избран псалм: Богъ намъ прибѣжище и сила...

22. На јуродив (скренат од умот) заради Христа:

Оу̑блажаемъ тѧ свѧтый праведный (името), и̂ чтемъ свѧт8ю памѧть твою ты бо молиши за насъ Хрїста Бога нашего. Избран псалм: Блаженъ м8жъ боѧїсѧ господа...

II. Посебни

23. На Претеча

а) на Зачнувањето (23 септември):

Величаемъ тѧ, предтече спасовъ Іѡанне и҆ чтемъ є҆же ѿ неплодове, преславное рождество твое. Избран псалм: Благословенъ господь Богъ їсраилевъ...

Истото се пее на неговото Раѓање, на 24 јуни.

б) На Наоѓањето на главата (24 февруари и 25 мај):

Величаемъ тѧ предтече спасовъ Іѡанне, и҆ почитаемъ вси честнїѧ твоеѧ главы обрѣтенїе. Избран псалм: Блаженъ мꙋжъ...

в) На Соборот (7 јануари):

Величаемъ тѧ предтече спасовъ Іѡанне, и҆ почитаемъ вси всечестный соборъ твой. Избран псалм: Благословенъ господь Бог...

24. На Архангел Михаил:

(6 септември)

Величаемъ тѧ свѧтый а҆рхагг҃еле Хрїстовъ Мїхаиле и҆ чтемъ є҆же въ Хѡнѣхъ преславное чꙋдотворенїе твое. Избран псалм: Исповѣмсѧ тебѣ госпо́ди...

25. На Покров на Богородица:

(1 октомври)

Величаемъ тѧ пресвѧтаѧ дѣво, и҆ чтемъ покровъ твой честный тѧ бо видѣ на воздꙋсѣ свѧтый Андрей за ны Хрїстꙋ малѧщꙋюсѧ. Избран псалм: Помѧни Господи Давида...

26. На апостол Јаков, братот Господов:

(23 октомври)

Величаемъ тѧ свѧтый а҆постоле брате господень Іакѡве и҆ чтемъ болѣзни и҆ трꙋды твоѧ, имиже трꙋдилсѧ е҆си во благовѣстїи Хрїстовѣ.

27. На Зачатие на Богородица:

(9 декември)

Величаемъ тѧ пресвѧтаѧ дѣво, и҆ чтемъ свѧтыхъ твоихъ родителей, и҆ всеславное славимъ зачатїе твое. Избран псалм: Помѧни господи Давида...

28. Успение на св. Ана:

(25 јули)

Величаемъ тѧ свѧтаѧ праведнаѧ Анно, прамати Хрїста Бога нашегѡ, и҆ всечестное славимъ оу҆спенїе твое. Избран псалм: Помѧни господи Давида...

ГЛАВА ДВАЕСЕТТА

Општи служби

Кога се служи служба на некој светител, било на апостол, на маченик, на светител, на пророк или на преподобен, на еден или на повеќемина, и на тој светител или на тие светии нема пропишано евангелие или апостол, тогаш читај општо евангелие и апостол, и тоа вака.

1. Служба на пресвета Богородица

На *утрената*: *прокимен*, гл. 4.: **Помѧнꙋ и҆мѧ твое во всѧкомъ родѣ и родѣ.** – Евангелие според Лука, зач. 4. На *литургијата*: *прокимен*, гл. 2.: **Величитъ дꙋша моѧ господа...** Апостол **къ Фїлїписїемъ**, зач. 240. или **къ Євреємъ**, зач. 305. Евангелие според Лука, зач. 54. *Причастен*: **Чашꙋ спасенїѧ...**

2. Служба на светите ангели и архангели

На *утрената*: *прокимен*, гл. 4.: **Творѧй а҆ггелы свѡѧ дꙋхи...**, евангелие според Матеја, зач. 52. На *литургијата*: *прокимен*, гл. 4. како и на утрената. Апостол **къ Євреємъ**, зач. 305. Евангелие според Лука, зач. 51, или според Матеј зач. 52. *Причастен*: **Творѧй а҆ггелы свѡѧ...**

3. Служба на св. пророк и на пророци

На *утрената*: *прокимен*, гл. 4.: **Ты їерей во вѣкъ...** Евангелие според Лука зач. 62. Н а *литургијата*: *прокимен*, гл. 4. како и на утрената. Апостол **къ Корїнѳѧнѡмъ**, зач. 156. или **къ Євреємъ**, зач. 314. или **Соборнагѡ посланїѧ Ꙗкѡвлѧ**, зач. 57. Евангелие според Матеја, зач. 96. или според Лука, зач. 62. *Причастен*: **Въ памѧть вѣчнꙋю...**

4. Служба на св. апостол или на св. апостоли

На *утрената*: *прокимен*, гл. 4.: **Во всю землю и҆зыде вѣщанїе и҆хъ...**, евангелие како на литургијата. Н а *литургијата*: *прокимен* како на утрената, само гл. 8.; Апостол **къ Корїнѳѧнѡмъ**, зач. 131. Евангелие на апостол: според Матеја, зач. 34., на апостоли, според Лука, зач. 50. или 51. *Причастен*: **Во всю землю и҆зыде...**

5. Служба на светител

На *утрената*: *прокимен*, гл. 4.: Оустa мои возглаголютъ..., евангелие според Јован, зач. 35., од половината. На *литургијата*: *прокимен* како и на утрената, Апостол къ Евреемъ, зач. 318. Евангелие според Јована, зач. 36. *Причастен*: Въ памѧт вѣчныю...

6. Служба на светители

На *утрената*: *прокимен*, гл. 4.: Свѧщеницы твои..., евангелие според Јована, зач. 36. На *литургијата*: *прокимен*, гл. 4.: Честна предъ господемъ... Апостол къ Евреемъ, зач. 335., евангелие според Матеја, зач. 11. *Причастен*: Въ памѧть вѣчныю...

7. Служба на преподобни

На *утрената*: *прокимен* гл. 4.: Честна предъ господемъ..., евангелие според Лука, зач. 24. На *литургијата*: *прокимен* гл. 4.: Во всю землю їзыде..., апостол, къ Галатѡмъ, зач. 213, евангелие според Матеја, зач. 43. или според Лука, зач. 24. *Причастен*: Въ памѧть вѣчныю...

8. Служба на маченик

На *утрената*: *прокимен*, гл. 4.: Праведник ѩкѡ фїнїа҃ъ..., евангелие според Лука зач. 63. На *литургијата*: *прокимен*, гл. 7.: Возвеселитсѧ праведникъ..., апостол къ Тїмодею, зач. 292., евангелие според Лука, зач. 63. или според Јована, зач. 52. *Причастен*: Въ памѧть вѣчныю...

9. Служба на мачеиници

На *утрената*: *прокимен*, гл. 4.: **Возваша преведнїи**... Евангелие според Матеја, зач. 36. На *литургијата*: *прокимен*, гл. 5.: **Ты господи сохраниши ны**... Апостол **къ Римлѧнwмъ**, зач. 99. или **къ Евреємъ**, зач. 330. Евангелие според Матеја, зач. 36. или според Лука, зач. 106. *Причастен*: **Рад8йтесѧ праведнїи**...

10. Служба на свештеномаченик

На *утрената*: *прокимен*, гл. 4.: **Честна предъ господемъ**... Евангелие според Лука зач. 67. На *литургијата*: *прокимен*, гл. 8.: **Восхвалѧтсѧ преподобнїи**... Апостол, **къ Евреємъ**, зач. 334. Евангелие според Лука, зач. 67. *Причастен*: **Памѧть вѣчн8ю**...

11. Служба на свештеномаченици

На *утрената*: *прокимен*, гл. 4.: **Честна предъ господемъ**..., Евангелие, според Лука, зач. 67. На *литургијата*: *прокимен* како на утрената, апостол **къ Евреємъ**, зач. 311., од половина или **къ Фїлїписїемъ**, зач. 247. Евангелие според Лука, зач. 24. или 52. или 77. *Причастен*: **Рад8йтесѧ праведнїи**...

12. Служба на преподобномаченици

На *утрената*: *прокимен*, гл. 4.: **Честна предъ господемъ**... Евангелие според Матеја, зач. 36. На *литургијата*: *прокимен*, гл. 8.: **Восхвалѧтсѧ преподобнїи**..., Апостол на преподобномаченик **къ Тїмодею**, зач. 291.; на преподобномаченици **къ Римлѧнwмъ**, зач. 99., евангелие на преподобномаченик според Марко,

зач. 37.; на преподобномаченици, според Матеја, зач. 38. или според Лука, зач. 64. *Причастен* Рад8йтесѧ...

13. Служба на маченици

На *утрената*: *прокимен*, гл. 4.: Дивенъ Богъ... Евангелие според Марко, зач. 21. На *литургијата*: *Прокимен* како и на утрената. Апостол къ Коріндѧнѡмъ, зач. 181. и къ Галатѡмъ, зач. 208. Евангелие според Матеја, зач. 62. или Марко, зач. 21. *Причастен*: Рад8йтесѧ праведніи...

14. Служба на преподобни жени

На *утрената* сè како на маченички. На *литургијата* апостол къ Галатѡмъ, зач. 208., евангелие според Матеја, зач. 104. или според Лука, зач. 33. *Причастен*: Памѧть вечн8ю...

15. Служба на исповедници

На *утрената* како на проподобномаченици; на *литургијата* апостол къ Ефесеемъ, зач. 233. и евангелие според Лука, зач. 64.

16. Служба на бесребреници (свети врачи)

На утрената сè како и на мачениците.

ГЛАВА ДВАЕСЕТ И ПРВА

За читањето на св. Евангелие и на Апостолот според руско–словенските евангелија

Светата православна црква заради читањето ги разделила евангелиетo и апостолот на делови што се викаат „зачала". Евангелието на секој евангелист си има посебен број зачала, а апостолот има општ број зачала.

Читањето на зачалата на апостолот и на евангелието е така распоредено да може да се прочитаат во текот на годината сите четири евангелисти и целиот апостол. Востановен е двоен поредок на зачалата при општото богослужење. Прво, назначен е поредокот според кој скоро секој ден преку годината треба да се читаат зачала, најпрво да се читаат од едно евангелие или од едно послание, а потоа од друго евангелие и од друго послание. Така, читањето на зачалата едно по друго се вика „Чтеніе рядовое", т.е. редовно читање или „Евангеліе дне", т.е. евангелие или апостол на денот. Второ, за извесни денови во годината се назначени посебни читања од апостолот и од евангелието, како: 1) некои ***саботи и недели***, на пример, пред Крстовден, пред Божик итн.; 2) за ***Христови, Богородични и празници*** на ***големи светии***, 3). општи апостоли и евангелија што се читаат во оние денови кога се празнува светител за кого не е пропишан посебен апостол или евангелие.

Редовно читање на евангелието се прави: 1) на ***утрената*** во неделните денови; 2) на ***литургијата*** во сите денови преку годината.

На ***утрената*** во недела секогаш се читаат воскресни евангелија, освен кога ќе се случи во недела Христов, Богородичен или храмов празник. Воскресни евангелија има 11 и го започнуваат својот редослед во Неделата на Сите Светии. По прочитаното 11 евангелие, во наредната недела започнува пак првото и така оди преку целата година, изземајќи ги Цветници и неделата на Педесетница.

Во службеното евангелие на крајот е назначено како и кои воскресни евангелија се читаат од Пасха до Неделата на Сите Светии, и од Неделата на Сите Светии до 32 недела; а од 32 недела до 5 недела на Великиот пост не се одредени редовни зачала. Тоа е направено затоа што од 32 недела до Неделата на

митарот и на фарисејот може да поминат помалку или повеќе недели. Ако помеѓу тие недели има некоја недела повеќе, се продолжува со читањето на воскресните евангелија од 5 столб и се читаат сѐ до петтата недела од Великиот пост.

На ***литургијата*** редовните апостоли и евангелија започнуваат да се читаат од Велигден. За секоја недела и за секој ден во годината е означено зачало што одговара на апостолот и на евангелието, а се започнува со читање на евангелието според Јована, па целото според Матеја, половината според Марко, по него доаѓа целото евангелие според Лука и на крајот останатиот дел од евангелието според Марко.

Евангелието според Јована се чита во деновите на св. Педесетница, изземајќи три дена: третиот ден на Велигден, кога се чита според Лука, зач. 113, Недела на мироносиците, кога се чита според Марко, зач. 69. и на Спасовден, кога се чита според Лука, зач. 114.

Евангелието според Матеја се чита од понеделникот на Св. Дух до петокот по Крстовден. Со зборовите „до петокот по Крстовден“ се означува рокот пред кој никогаш не се завршува читањето на саботните и на неделните зачала според Матеја, но може да се случи зачалата од евангелието според Матеја да се читаат и ***по Крстовден***, бидејќи од евангелието според Матеја се означени зачала за 17 саботи и недели. Ако Велигден се случи порано, тогаш од Духови до Крстовден нема да поминат повеќе од 17 недели и тогаш до Крстовден ќе се прочитаат сите 17 зачала од Матеја, но ако Велигден се случи подоцна, тогаш од Духови до Крстовден ќе има помалку од 17 недели, и тогаш од евангелието според Матеја ќе се читаат зачалата за сабота и недела и по Крстовден. За седмичните денови, освен сабота, се одредени зачала од Матеевото евангелие, само за 11 седмици, бидејќи 12 недела и другите до 17 недела – во кои, во сабота и во недела и понатаму се чита евангелието според Матеја – во седмични денови се читаат редовните зачала според Марко, бидејќи за сите 17 седмици недостасуваат зачала според Матеја.

За подобро да се разберат во „Сказанїю“ зборовите: „вн8трь пасχа“ и „внѣ пасχа“ потребно е да ја знаеме црковната нова година, односно читањето на евангелијата.

Црковната година, во поглед на распоредот на редовните читања на евангелијата започнува од Велигден и трае до

другиот Велигден; а како во разни години се случува Велигден на разни датуми (од 22 март до 25 април), така и оваа црковна година нема секогаш ист број недели и седмици, бидејќи од еден Велигден до другиот може да поминат повеќе (55 или 54) или помалку (51 или 50) недели и седмици. Некогаш има помалку од 365 денови (52 недели), а некогаш од еден Велигден до другиот поминуваат повеќе од 365 денови (55 недели). Во првиот случај, во текот на ***пасхалната*** година, или подобро речено, во текот на 365 денови (52 недели), што всушност спаѓаат според бројот во две години (385), се случуваат две Пасхи, тоа го означува споменатиот израз во „Сказанїю“ со „вн8трь пасха“, и во таа црковна (пасхална) година има помалку недели и седмични денови, отколку што се назначени редовни зачала во евангелието. – Во вториот случај, кога од Велигден до Велигден поминуваат повеќе од 365 денови, во текот на пасхалната година (52 недели) има само една Пасха, а тоа се означува со изразот „внѣ пасха“. Во таа црковна (пасхална) година може да има повеќе недели и седмични денови отколку што има редовни зачала и тогаш недостасуваат редовни зачала за некои недели и седмици, бидејќи редовни зачала за евангелието и за апостолот се назначени само за 50 недели, а имено: од Неделата на Сите Светии до првата недела на Великиот пост има 36 недели; во Великиот пост има 6 недели, и од Велигден до Неделата на Сите Светии има 8 недели, значи, вкупно се 50 недели. Во оние црковни (пасхални) години кога била „Пасха вн8трь“, т.е. кога едниот Велигден се случил подоцна, а вториот порано, тогаш помеѓу првата Недела на Сите Светии, до Неделата на митарот и на фарисејот, почнуваат да се читаат оние зачала што се одредени за тие недели. (Ако некогаш има и премногу недели за кои се пропишани редовни зачала остави ги и внимавај на редоследот за митарот и за фарисејот).[61] Но во оние црковни (пасхални) години во кои ќе се случи „Пасха внѣ“, т.е. кога едниот Велигден бил порано, а другиот подоцна и помеѓу Неделата на Сите Светии и Неделата на митарот и на фарисејот ќе поминат

[61] Според ова, бројот 33 што е поставен во службеното евангелие и во апостолот пред Неделата на митарот и на фарисејот, и бројот 34 пред Неделата на блудниот син, не значи дека Неделата на митарот и на фарисејот е секогаш 33. недела по Неделата на Сите Светии, туку го означува само бројот на сите воскресни апостоли и евангелија преку годината до почетокот на Великиот пост.

повеќе од 32 недели, тогаш има недели и седмици за кои недостасуваат редовни евангелија.

Редовни зачала недостасуваат двапати во годината: 1) пред почетокот на читањето на редовните евангелија според Лука и 2) по прочитувањето на сите зачала од евангелието според Лука.

1. Може да недостасуваат редовни зачала од апостолот и од евангелието за пет седмични денови што доаѓаат по 17. недела, по тоа што, иако се и означени за деновите на 17 недела (во службеното евангелие) зачалата од евангелието според Лука, сепак евангелието според Лука не се започнува порано, туку дури од понеделникот по Крстовден и никогаш порано. Ако Пасха се случи рано, на пр., на 22 март, тогаш таа година до сабота и неделата пред Крстовден ќе поминат 16 седмици и 17 недели, т.е. сите оние седмици и недели за коишто се означени редовни апостоли и евангелија (Евангелие според Матеја и според Марка). Седумнаесетата недела ќе биде неделата пред Крстовден. Зад седумнаесеттата недела остануваат пет денови до Крстовден, за кои не се означени редовни апостоли и евангелија.

Вистина е дека според „Сказанїю“ започнува читање на св. евангелие според Лука дури од понеделникот по Крстовден, но кога е пасхалната буква „Л“, тогаш 17. недела е на 6 септември, а 18. недела е во неделата пред Крстовден, на 13 септември, кога веќе и самите седмични од 17. и неделните од 18. недела започнуваат да се читаат. Според тоа, она правило во „Сказанїю“ е *општо*, како што е речено за евангелските столбови, дека II столб почнува по св. Илија, III столб по Крстовден, а IV столб во Божикниот пост. Иако овде границата е точно и јасно одредена, сепак не може строго кон неа да се придржува. Така, кога е пасхална буква „Л“, тогаш започнува II столб на 19 јули, значи пред св. Илија; III столб на 13 септември, значи пред Крстовден; а IV на 8 ноември, значи 7 дена пред Божикниот пост. Последниот, IV столб, почнува пред Божиќниот пост и тогаш кога владеат пасхалните букви: **Б, В. Г. Д. Ѕ и Ж.** – Па како што е овде, така е и кај одредбите во „Сказанїѥ“, и овде и таму, сака да каже како се прави вообичаено и почесто, а не како се прави во ретки и посебни случаи.

2. Може да недостасуваат редовни зачала за оние седмици и недели што доаѓаат по 32. недела, па до Неделата на мита-

рот и на фарисејот, бидејќи со 32. недела се завршуваат сите зачала на евангелието според Лука. Во некои години од Неделата на Сите Светии до Неделата на митарот и на фарисејот, може да поминат 34, 35 или повеќе недели и седмици. Ако ти недостасуваат редовни апостоли и евангелија за ***некои денови*** пред Неделата на митарот и на фарисејот врати се назад и во тие денови читај ги пак оние редовни зачала што си ги прочитал порано и кои треба да се читаат пред Неделата на митарот и на фарисејот. Од нив треба да си изброиш толку колку што ти се потребни до Неделата на митарот и на фарисејот, т.е. колку денови се повеќе од 32. недела. Значи, ако до неделата пред и по Богојавление има уште непрочитани редовни неделни евангелија, тогаш во тие две недели читај две евангелија, редовното и посебното; а ако дотогаш се прочитани сите, тогаш во тие две недели читај само едно, и тоа посебното евангелие. На тој начин почнува новиот редослед што завршува со редовните зачала од 32 недела. Тоа враќање кон веќе прочитаните редовни апостоли и евангелија, тоа отстапување назад, во типикот се нарекува „ѿстꙋпка“, т.е. отстапување од правилата – исклучок. (Типик, 7 јануари, првото **Зри**!) Погоре речениот указ на типикот за повторното читање на едни и исти редовни зачала се однесува само на ***седмичните денови***, а што се однесува до неделите, овде нема потреба во недела повторно да се читаат веќе прочитаните евангелија, бидејќи во годината има: 1) недели кога според типикот се читаат ***посебни*** зачала и кога, секако, не се читаат редовни зачала; 2) недели во кои редовните зачала на тие недели се читаат само тогаш кога не е „ѿстꙋпка“ во таа година. Во првите спаѓаат: 1. Неделата на праотците[62]. (Редовните зачала што ќе паднат во Неделата на праотците, освен 27., 28. и 29. недела, можат да се читаат во отстапката). ; 2. неделата пред Божик[63]. Во вторите спаѓаат: 1. неделата по Божик, 2. неделата пред Богојавление, 3. по Богојавление. Во тие недели се чита редовното евангелие, тогаш кога нема отстапка. Ако во таа година има „ѿстꙋпка“, тогаш редовните зачала на назначените недели се читаат во неделите што ќе се случат по 32. недела – до митарот и фарисејот. Ако се

---

[62] На литургијата читај евангелие на 28 недела според Лука, зач. 76, и тоа само тоа.

[63] Евангелие според Матеја, зач. 1: **Рѧдъ же недѣли ѡставлѧетсѧ.**

случи голема „Ѡст8пка“, имено, кога еден Велигден се случи рано (на 22 март), а вториот многу доцна и тогаш не може да биде повеќе од една недела, за која не би стасале редовни зачала од споменатите недели. Во таа недела е одредено да се чита според Матеја, зач. 62, кое, пак, кога му е редот, нема да се чита. Во 32. недела се чита евангелие според Матеја, зач. 62, за жената Хананејка, а во 33. недела се чита обичното евангелие за Закхеј, т.е. според Лука, зач. 94. Во другите недели до митарот и фарисејот се читаат редовните зачала на горенаведените недели. Ако, на пример, ни требаат евангелија од неделата по Просвѣщенїи до Неделата на митарот и фарисејот за 3 недели, тогаш за првата недела ќе се чита евангелието од 31., во втората од 17. и во третата од 32. недела; ако, пак, треба 4, тогаш читај: 30., 31., 17. и 32. недела.

Евангелието според Марко се чита помеѓу евнгелијата на Матеја и на Лука, а останатото во Великиот пост, во сабота и во недела.

Освен ***редовното*** читање на евангелието преку годината, типикот налага, на Часовите во понеделник, во вторник и во среда од Великата недела да се прочитаат сите евангелија според Матеја, Марко и Лука, – а евангелието според Јована до 46 зачало.

Посебни (вонредни или минејски) зачала на апостолот и на евангелијата се одредени: 1) за некои саботи и недели, имено за саботите пред или по некој празник, или коишто се посветени на некој посебен спомен во годината; 2) за денови посветени за спомен на светиите и празниците.

Посебните или вонредните апостоли и евангелија се читаат во следните саботи и недели: 1) во недела и во сабота пред и по Крстовден; во недела на св. праотци; во сабота и во недела пред Божик и по Божик; во сабота и во недела пред и по Богојавление; 2) во недела на св. отци околу 16 јули и 11 октомври. Сите тие денови спаѓаат во подвижни денови на богослужение; тие се случуваат во оние саботи и недели, за коишто е одредено редовно читање на апостол и на евангелие. Во некои од тие денови, при читањето на посебните зачала, се чита и редовниот апостол и евангелие, а во некои, пак, редовното читање се изостава. Во ***првите*** спаѓаат: сабота и недела пред Крстовден, сабота и недела по Крстовден, сабота (а не недела) пред Божик, сабота и недела по Божик, сабота и недела пред

Богојавление, сабота и недела по Богојавление[64] и неделите на јулските и октомвриските св. отци. Во *вторите* спаѓаат: Неделата на праотците и неделата пред Божик.

Во тие назначени саботи и недели се читаат апостоли и евангелија и на светиите (големите) коишто ќе се случат во тие денови, со исклучок на св. праотци. Но, ако во неделата на св. праотци се случи денот на св. пророк Даниил и на св. три отроци, се чита апостол и евангелие и на светиите. Редовните зачала на апостолот и на евангелието во споменатата недела се читаат понекогаш како **подъ зачало**.

Изразот **подъ зачало** значи два апостоли или две евангелија да се читаат така како двете да прават едно зачало, т.е. помеѓу читањето на двете зачала да нема поголем прекин. Исто така, се читаат и апостол и евангелие и во оние дни за кои е одредено да се читаат три апостоли или три евангелија; тие три зачала се читаат како две. Некогаш во типикот строго се вели дека трите зачала треба да се читаат како две, а некогаш тоа се подразбира. Така, во деновите на Оддание на Богородичните празници правилото за читање на евангелието е такво како на денот на самиот празник. Насловот се кажува само при првото евангелие. Некогаш редовното читање на евангелието се пренесува на другиот ден и тогаш се чита **подъ зачало**.

Во Неделата на праотците се чита „**непременно едино**“ евангелие за вечерата – Лука, зач. 76. – значи само тоа, а редовното не се чита. Евангелието што се чита во Неделата на праотците (Лк., зач. 76). е одредено да се чита и во 28. недела, само во оној случај кога 28 недела ќе се случи во Неделата на праотците. Во онаа година кога ќе се случи Неделата на праотците во 27., 29., 30. и 31. недела, не се чита на 28. недела според Лука, зач. 76., туку евангелието на 27. или на 29., 30. и 31. недела, т.е. онаа недела во која ќе се случи Неделата на св. праотци. Исто така, како што е еден ист апостол во Неделата на св. праотци и во 29. недела, ако Неделата на праотците се случи по 29. недела, не треба да се чита во двете недели, туку само во Неделата на св. праотци, а во 29. недела треба да се чита оној апостол што би паднал според редоследот во Неделата на праотците.

При читањето на посебните апостоли и евангелија – на празник на (голем) светител – понекогаш не се читаат

---

[64] И тоа само тогаш: **аще не вѣдетъ Отстѵпки.**

редовните апостоли и евангелија, имено: на големите Христови празници, кога ќе се случат во седмични денови или во недела, не се читаат редовниот апостол и евангелие туку само празничните. Исто така, на големите Богородични празници и на светии, на храмови празници на светии, и во деновите на светии со бдение – ако се случат во седмични денови – не се читаат редовниот апостол и евангелието но ако тие празници се случат во недела, тогаш се читаат и редовните апостол и евангелие и празничните.

На *Оддание* на Христови празници и не е востановено да се читаат апостол и евангелие, а на Оддание на Богородични празници, ако тоа се случи во недела или во седмични денови, типикот налага да се читаат оној ист апостол и евангелие што се читани на самиот ден на празникот. Ако Оддание на Богородични празници се случи на денот на некој (голем) светител, кој има апостол и евангелие (25 ноември), а Оддание се случи во недела, апостолот и евангелието, како и целата служба на светиот, се пренесуваат на наредниот ден.

Во поглед на читање на апостолот и на евангелието на литургија, пред сè, мораме да забележиме дека повеќе од два апостола и две евангелија на литургија никогаш не се читаат. Ако се случи во еден ден да треба да се прочитаат по три зачала од апостолот и од евангелието, тогаш тие се читаат како два апостола и како две евангелија, едното зачало се чита како „подъ зачало“ со другото. Затоа, кога се прославуваат двајца светии кои секој за себе си има апостол и евангелие, тогаш редовниот апостол и евангелие не се читаат во тој ден, туку се прочитуваат еден ден пред тоа. Редоследот на читање на два апостола и на две евангелија е следниот:

– во *седмични денови*, освен во сабота, се читаат прво редовните апостол и евангелие, а потоа посебните на светиот. Исто така се прави и на Оддание на Богородичните празници: прво се читаат редовните апостол и евангелие на денот, а потоа на Богородица. Исто така, се читаат и апостол и евангелие во саботите од Неделата на митарот и на фарисејот до Неделата на Сите Светии. Ва саботите од Неделата на Сите Светии до Неделата на митарот и фарисејот се читаат прво апостол и евангелие на светиот, а потоа редовното на денот.

Во *недела претежно е сè воскресно*: прво се читаат апостол и евангелие од неделата, а потоа на светиот. Но во неделите и во саботите во коишто, освен редовниот апостол и евангелие, се читаат уште и посебни, имено: во сабота и во недела пред Крстовден, во сабота и во недела по Крстовден; во сабота пред Божик и во сабота и во недела по Божик, редоследот за читање на апостол и на евангелие е овој: прво се читаат посебниот апостол и евангелие за таа сабота и недела што е одреден, потоа редовните, а потоа на светиот или на празникот на Богородица[65]. Во Неделата на св. отци, во јули и во октомври, прво се читаат редовните апостол и евангелие (на денот), а потоа на св. отци.

в). ЕВАНГЕЛСКИ СТОЛБОВИ

I СТОЛБ

Започнува во првата *недела* на Петровденскиот пост:

Глас 1.	Воскресно еванг.	2.	Глас 5.	Воскресно еванг.	6.
Глас 2.	„	3.	Глас 6.	„	7.
Глас 3.	„	4.	Глас 7.	„	8.
Глас 4.	„	5.	Глас 8.	„	9.

II СТОЛБ

Започнува по Св. Илија:

Глас 1.	Воскресно еванг.	10.	Глас 5.	Воскресно еванг.	3.

[65] Исклучок се прави кога саботата пред Крстовден ќе се случи на 13 септември, на денот на Обновување на храмот на Христа. Тогаш прво се читаат апостол и евангелие на Обновувањето на храмот, а потоа на саботата пред Крстовден; но ако неделата се случи на 13 септември, прво се читаат апостол и евангелие од неделата пред Крстовден, а потоа на Обновувањето на храмот.

Глас 2.	„	11.	Глас 6.	„	4.
Глас 3.	„	1.	Глас 7.	„	5.
Глас 4.	„	2.	Глас 8.	„	6.

III СТОЛБ

Започнува по Крстовден:

Глас 1.	Воскресно еванг.	7.	Глас 5.	Воскресно еванг.	11.
Глас 2.	„	8.	Глас 6.	„	1.
Глас 3.	„	9.	Глас 7.	„	2.
Глас 4.	„	10.	Глас 8.	„	3.

IV СТОЛБ

Започнува во Божикниот пост:

Глас 1.	Воскресно еванг.	4.	Глас 5.	Воскресно еванг.	8.
Глас 2.	„	5.	Глас 6.	„	9.
